**Институт за општествени и хуманистички науки, Скопје**

**Магистерски студии: Студии на политики**

**Магистерски труд:**

# Мизогинијата како наратив во рамки на десничарската радикализација

**Кандидатка:** Фросина Крушкаровска

**Менторка:** Проф. д-р Катерина Колозова

**Скопје, ноември 2025**

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES SKOPJE

**Institute for Social Sciences and Humanities – Skopje**

**MA Studies in Policy**

**Master'sThesis**

# Misogyny as a narrative within right-wing radicalization


**Candidate:** Frosina Krushkarovska

**Supervisor:** Prof. Dr. Katerina Kolozova


**Skopje, November 2025**

Овој труд претставува дел од барањата на програмата на втор циклус студии на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје за стекнување научен степен Магистер по студии на политики.

**Кандидатка:**

Фросина Крушкаровска

**Комисија за оценка и одбрана:**

1. Проф. д-р Катерина Колозова, менторка, професорка, Институт за општествени и хуманистички науки, Скопје

2. Проф. д-р Викторија Боровска, членка, Институт за општествени и хуманистички науки, Скопје

3. Проф. д-р Калина Лечевска, членка, Институт за општествени и хуманистички науки, Скопје

**ABSTRACT**

This paper aims to intersectionally examine the presence, status, positioning, and function of misogynistic narratives in the worldview of the far right in North Macedonia. The paper attempts to argue that misogynistic and anti-gender narratives, in their internal mechanics of reasoning and action, are based on the far-right approach, and that they are intrinsically interconnected and interdependent with other far-right narratives that encourage exclusion. In this way, misogynistic narratives represent a fundamental element of the far-right worldview, an entry narrative, and a catalyst toward right-wing radicalization. The research focus is directed toward two groups: the newer wave of far-right actors and anti-gender actors, through the examination of their gender-oriented narratives in the Macedonian online space, primarily social networks as the dominant space for communication, networking, propagandizing, and ideologizing.

**Keywords**: misogyny, gender, anti-gender movements, far right, right-wing radicalization, social networks

**АПСТРАКТ**

Овој труд има за цел интерсекционално да го испита присуството, статусот, позиционираноста и функцијата на мизогините наративи во светогледот на крајната десница во Северна Македонија. Трудот се обидува да аргументира дека мизогините и антиродовите наративи во својата внатрешна механика на логикување и делување се базираат на крајно-десничарскиот пристап, и дека тие се интринзично исповрзани и меѓузависни со останатите крајно-десничарски наративи кои поттикнуваат исклучување. На тој начин, мизогините наративи претставуваат темелен елемент на крајно десничарскиот светоглед, влезен наратив и катализатор кон десничарска радикализација. Истражувачкиот фокус е насочен кон две групи: поновиот бран на крајно-десничарски актери и антиродовите актери, преку испитување на нивните родово-ориентирани наративи во македонскиот онлајн простор, пред сѐсоцијалните мрежи како доминантен простор за комуникација, вмрежување, пропагандизирање и идеологизирање.

**Клучни зборови**: мизогинија, род, антиродови движења, крајна десница, десничарска радикализација, социјални мрежи

# Contents


Етичка белешка ........ 8

ВОВЕД ........ 9

ГЛАВА 1: ТЕОРИСКА РАМКА ........ 12

1.1 Илиберална регресија ........ 12

1.1.1 Во што верува крајната десница? ........ 16

1.1.2 Како крајнодесничарските идеи влегуваат во мејнстримот? ........ 19

1.1.3 Што се подразбира под десничарска радикализација? ........ 22

1.1.4 Онлајн радикализација ........ 25

1.1.5 Мешани идеологии ........ 28

1.2 Мизогинијата и крајната десница ........ 31

1.2.1 Родовите структури како сили на опресија ........ 31

1.2.2 Мизогинијата како општествен механизам ........ 32

1.2.3 Како жените се позиционирани во крајнодесничарскиот светоглед? ........ 35

1.2.4 Зошто е родот централен за денешната крајна десница? ........ 42

1.3 Концептуализирање на родот ........ 45

1.3.1 Постструктуралистичкиот концепт на родот ........ 45

1.3.2 Родово-критичен феминизам ........ 47

1.3.3 Ксенофеминизам ........ 48

1.4 Антиродови граѓански движења ........ 49

ГЛАВА 2: МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 55

ГЛАВА 3: ОПИС И ДИСКУСИЈА НА РЕЗУЛТАТИ ........ 60

3.1 Опис на контекстот ........ 60

3.1.1 Опис на европскиот контекст ........ 60

3.1.2 Опис на крајнодесничарскиот контекст во Северна Македонија ........ 61

3.1.3 Опис на антиродовото движење во релација со крајната десница во Северна Македонија ........ 67

ГЛАВА 3: ОПИС И АНАЛИЗА НА ОБЈАВИ НА СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ ........ 76

3.1 Застапеност и димензионирање на мизогини и антиродови наративи кај субјектите на крајната десница ........ 76

3.2 Наративи на антиродовите движења во Северна Македонија ........ 112

БИБЛИОГРАФИЈА ........ 142

ПРИЛОГ: ВОДИЧ ЗА ИНТЕРВЈУ ........ 152

## Етичка белешка

Сите податоци од социјалните мрежи беа собрани од објави кои во моментот на истражувањето (помеѓу 01 јули 2025 и 11 ноември 2025) беа јавно достапни. Не беше користена приватна или рестриктирана содржина. Објавите беа рачно евидентирани, не беа користени алатки за автоматско прибирање на податоци. Имињата на индивидуалните корисници на социјалните мрежи беа анонимизирани (освен кога беа цитирани изјави достапни на медиуми, на официјални веб-сајтови, или во службени обраќања на функционери). Цитатите од организации, движења и иницијативи беа користени единствено за академска анализа, а не и за редистрибуција или давање поддршка на искажаните ставови. Во согласност со принципот на користење на минимум потребни податоци, собирани беа само податоци неопходни за целите на истражувањето.Податоци кои би овозможиле идентификување на корисниците, како кориснички имиња, профилни слики, линкови и друго беа исклучени. Изборот на користените објави ги следеше критериумите на адекватност, релевантност и ограниченост во релација со целите на истражувањето. Објавите беа анализирани исклучиво за нивната тематска и јазична содржина релевантна за истражувачките прашања. По комплетирањето на анализата, не беа зачувани никакви сирови информации.

# ВОВЕД

Овој труд се фокусира на интерсекционално испитување на присуството, статусот, позиционираноста и функцијата на мизогините наративи во светогледот на крајната десница во Северна Македонија. Мизогинијата е елемент на кој во литературата за крајната десница глобално, а особено во Северна Македонија, ретко се обрнува посериозно истражувачко внимание. Овој труд се обидува да придонесе кон аргументацијата дека мизогинијата не е само попатен, придружен или маргинален наратив, туку дека е апсолутно темелен за десничарската идеологија и дека е составен дел на сите наративи и линии на размислување во рамки на комлексниот (крајно)десничарски светоглед.

Феминистичките истражувач(к)и во Северна Македонија ја идентификуваат релацијата на антиродовото движење со десницата, со илиберализмот и со пост-фашистичката идеологија, но во домашната литературата нема подлабински анализи на овој двозначен однос на идеолошко рамниште, а објаснувањата се задржуваат на заедничките конзервативни сентименти. Од друга страна, пак, истражувачите на десничарските движења во Северна Македонија, главно маргинално и површно ја третираат мизогинијата како идеолошки елемент, ја потценуваат нејзината тежина и слабо ја третираат во стратегиите за отпор – свеста за ова напредува со новите развои во последниве години, но знаењата на темата се сè уште далеку од соодветни. Овој труд се обидува да покаже дека мизогините и антиродовите ставови во својата внатрешна механика на логикување и делување се базираат на крајнодесничарскиот пристап, дека тие се интринзично исповрзани и меѓузависни со останатите крајнодесничарски наративи кои поттикнуваат исклучување и дека се носечки столбна десничарската идеологија.

Десничарската радикализација во овој труд е сфатена како спектар на идеолошки ставови, на кој субјектот може да биде позициониран каде било помеѓу центарот и десниот екстрем, и може двонасочно да се придвижува по таа линија. Фокусот во овој труд е ставен на субјектите кои се порадикализирани, и притоа, кои се дел од поновиот бран на крајнодесничарски актери кои донесоа одредени структурни и идеолошки промени во овие кругови од почетокот на ковид-кризата наваму. Сепак, поради контекстот на слаба

организираност на македонската крајна десница и силната блискост и преклопување на разновидните субјекти по целата должина на десничарскиот спектар, со многу примери на меѓузависност, примерокот беше делумно проширен и на конзервативната десница во Северна Македонија, што придонесе за пореалистични увиди.

Мизогинијата во овој труд е дефинирана како структурен механизам на патријархатот и како санкционирање на отстапувањето од родот, што овозможува нејзино истражување на само во однос на жените туку и на останатите родови малцинства. Оттаму, антиродовите наративи во овој труд се сфатени како подгрупа на мизогините наративи. За мизогините и антиродовите наративи постоело и постои плоден контекст за развивање во Северна Македонија и во регионот и тие се широко и закоравено распространети помеѓу локалните граѓани. Појавата на антиродовите движења само го расветли и докажа фактот за нивното истрајно постоење – не ги создаде туку им даде структура за видливост и организирано делување.

Токму поради тоа нивно силно претходно присуство, ваквите наративи се лесни за консумирање и апсолвирање од граѓаните, и оттаму се покажуваат неверојатно потентни за привлекување и држење на вниманието на јавноста, за регрутирање на истомисленици и нивно полесно последователно сенбилизирање на останатите радикални и екстремистички наративи со кои овие се испреплетени. Тоа е смислата во која овој труд го истражува ословувањето и третманот на мизогинијата како влезен наратив и катализатор кон натамошна десничарска радикализација.

Во овој труд, во теорискиот дел ќе ги разгледуваме одвоено постојните концепти и анализи кои се однесуваат на релевантните прашања за феномените на крајната десница, мизогинијата и антиродовите движења, за потоа во истражувачкиот дел, овие сознанија синтетизирано да ги примениме на теренски собраните материјали. Наративите на антиродовите движења ќе ги разгледуваме издвоено (но, со нотирање на релациите и преклопувањата) од крајнодесничарските субјекти, бидејќи сметаме дека и покрај нивната поврзаност се работи за одвоени феномени.

Со оглед дека онлајн просторот е претворен во централна инфраструктура на овие субјекти, и дека регрутацијата и радикализацијата сè повеќе се случуваат онлајн, емпириската анализа на наративите ќе биде фокусирана на онлајн извори на материјал. Таа се базира на јавните комуникации на селектираните субјекти од крајнодесничарските и антиродовите движења, со главен извор за анализа – објавите на социјалните мрежи. Овој вид медиум беше избран поради неговата централност како платформа за комуникација, вмрежување, пропагандизирање и идеологизирање на поновиот бран на крајната десница во Северна Македонија и во светот. Потоа, преку достапноста на информациите, можноста за динамично лоцирање на наративите низ време, видливата интеракција со следбениците – главновтекувањето на идеите е најлесно преку овие платформи, а со тоа и нивното нормализирање.

# ГЛАВА 1: ТЕОРИСКА РАМКА

## 1.1 Илиберална регресија

Денес Европа се соочува со силна политичка поларизација, напад на утврдените демократски вредности и практики, оспорување на рамката на човекови права и растечки тенденции на поделби. Јакнат центрите на моќ кои однатре го еродираат либералниот поредок, конкурирајќи му со реобмислувања на неговите наративи на политички, економски, културен и геополитички план. Илиберализмот, како сет на вредности, практики и идеологија, се јавува како одговор на „кризата на демократијата“ или „кризата на либерализмот“ во која либералните структури се фрагментираат.

Ако либерализмот, во денешниот контекст, во практика, е земен како доминантна рамка на вредности и практики и е централен на идеолошката сцена, концептот на илиберализмот се покрева како критика и отпор на она што го перципира како негови слабости. Но, според теоретичарката Марлен Ларуел (2022) илиберализмот не може да се сфати само како отсуство на либерализам, односно како негов „егзистенцијален опозит“, бидејќи тој настапува само во оние контексти кои имаат некакво искуство со либерализмот, произлегувајќи од него и давајќи му отпор, притоа користејќи го неговиот концептуален јазик. Во таа смисла Ларуел го одредува како *пост*либерализам, термин што го потенцира тонот на скептицизам, разочараност и демистифицираност.

Ларуел ја предлага следнава сеопфатна дефиниција на илиберализмот: 1)нов идеолошки универзум кој, иако доктринално флуиден и контекстуално заснован, е кохерентен до одреден степен; 2)претставува отпор кон денешниот либерализам во име на демократските принципи; 3)предлага решенија кои се мнозински, национално-центрични или суверенистички, давајќи предност на традиционалните хиерархии и културната хегемонија; предлага обновување на националниот суверенитет во повеќе сфери; 4)повикува на префрлување од политиката кон културата и е пост-постмодерен во тврдењата за вкотвеност во ерата на глобализацијата (2022, 309).

Илиберализмот може да се најде на различни нивоа: во форма на интелектуален производ, како визија за земјата или за светот, во форма на јавни политики, или да

функционира на грасрутс, социјално, ниво (Laruelle, 2024, 4). На слична линија, Колозова и Миланезе го опишуваат како „повеќестран феномен: сет на техники на моќ кој паразитира на либералниот демократски поредок, идеологија која е флексибилна и адаптабилна на контексти и, во крајна линија, особина на доцно-капиталистичките општества која се создава од структурната реконфигурација“ (Kolozova, Milanese, 2023, 10). Притоа, илибералниот сентимент се стреми да ги потисне индивидуалните, но следствено и бројни колективни права кои произлегуваат од нив – затоа одбраната треба да биде фокусирана на нив: „дури и кога правата и дискурсот базирани на идентитет се успешно делегитимизирани од страна на илибералните автократи, одредени групи (класи, социјални слоеви, родови и сексуални реалности) а не само индивидуи, сочинуваат материјално засновани и отелотворени реалности кои ќе бидат покренати и мобилизирани против тоталитарниот зграб не од индивидуални, туку од колективно споделени интереси“ (Kolozova, 2023, 29).

Илиберализмот е кластер на разнолики интелектуални традиции, политики и норми, и тој е близок и се преклопува со концептите на конзервативизмот, крајната десница и популизмот, со важни разликувања кои ги нотира Ларуел. Илиберализмот и конзервативизмот делат одредени вредности, како вербата во традиционалните хиерархии. Главниот елемент кој нив ги разделува се однесува на поддршката на политичките права и конституционализмот – илиберализмот смета дека денешниот политички поредок е непријател на природниот ред и треба да се бори против него. Популизмот ја дели критиката на либералниот систем, но додека овој е повеќе комуникациски механизам, илиберализмот е идеолошки склоп. (Laruelle, 2022; 2024) Во однос на крајната десница, пак, и покрај взаемните „позајмувања во однос на идеолошките елементи, двата феномени имаат различни конституенции, публики, реторички и идеациски алатки и политички стратегии, додека се пресекуваат во некои социолошки и културни милјеа како парамилитарни групи, милиции, клубови за преживување, некои супкултури на видео игри, војската и полициски агенции.“ Таа додава дека како и крајнодесничарските, и илибералните движења имаат тенденција да

веруваат во метаполитика и го усвоиле грамшијанскиот пристап според кој прво треба да се освои културната сцена пред политичката. (Laruelle, 2022, 317)

Терминот крајна десница е чадор-поим за повеќе групи на идеолошкиот спектар, кои меѓусебно се преклопуваат и преплетуваат, не само во однос на ставовите и туку во членството и следбеништвото. Според Милер-Идрис, таа е „флуиден спектар на групи и индивидуи кои претставуваат повеќе и помалку екстремни верзии на антидемократски и илиберални идеали, практики и верувања“ (Miller-Idriss, 2020, 6). Некои од крајнодесничарските актери се насочени кон освојување на политичка моќ, а некои кон грас-рутс мобилизација, и тие се потпираат и се надополнуваат едни со други. Крајната десница ги покрива и радикалната и екстремната десница, кои, според Кас Муде, меѓусебно се разликуваат според својот однос спрема демократијата. Додека екстремистите фундаментално се противат на демократијата (демократијата дефинирана минимално како народен суверенитет и владеење на мнозинството), радикалните десничари ја прифаќаат, но се противат на вредностите на либералната демократија, особено на малцинските права и на плурализмот. Со други зборови, радикалците се противат на либералната верзија на демократијата која сметаат дека ја попречува појавата на, нивната, „вистинска демократија“ (Mudde, 2018, 102); тие во теорија ја поддржуваат демократијата, но „фундаментално ги предизвикуваат клучните нејзини институции и вредности, вклучително малцинствата, правата, владеењето на правото и поделбата на моќта“ (Mudde, 2019, 37). Внатре, овие две основни категории се разгрануваат на мноштво групи кои имаат разликувања и спротивставувања во ставовите и кои некогаш  се во меѓусебно несогласување, а некогаш соработуваат. Дефинирањето на крајната десница дополнително се комплицира со различните дефиниции кои се користат во различните земји.

Според класификацијата на Кас Муде, денешниот е четвртиот бран на крајната десница, кој започна во 2000 година (после третиот бран на радикалната десница, 1980-2000), и кој „изборно и политички профитираше од трите кризи“ (Mudde, 2019, 32): терористичките напади на 11 Септември 2001 во САД, Големата Рецесија од 2008 и бегалската криза од

2015 година, кои ги погодија сите западни демократии. Овој бран се разликува од претходните по тоа што крајната десница влезе во мејнстримот, како идеологија, политика и организација: многу од популистичките радикални партии ја зголемија својата поддршка и станаа повешти во коалицирањето со конзервативните партии, што ја замагли границата помеѓу радикалната и главнотековната десница.

Додека Пиро ја забележува сè поинтензивната симбиотска врска меѓу концептите на илиберално-демократската и анти-демократската и се залага за користењето на чадор-терминот „крајна десница“ бидејќи „може подобро да го исцрта овој феномен и да ја зајакне концептуалната прецизност преку неговата агрегатска моќ“ (Pirro, 2023, 102), Пол Мејсон ја потенцира растечката „свесна синергија“ во пракса помеѓу политичките движења генерално присутни на десниот спектар во последнава декада. Мејсон вака теориски ги сумира разликите меѓу трите: „Крајнодесничарскиот екстремизам типично се залага за расна војна, вршење насилство и расклопување на демократијата. Десничарскиот популизам ги напаѓа човековите права и организира масовни мобилизации, но вообичаено ненасилни и фокусирани на изборни победувања, често преку нови политички партии. Авторитарните конзервативци ја позајмуваат реториката од популизмот но оперираат внатре во мејнстрим партии, елитни мрежи и во традиционалните државни институции.“ (Mason, 2021, 9) Овие, според Мејсон, денес функционираат со заеднички јазик, во заеднички онлајн простор и со заедничка цел: „креирање илиберални демократии кои ќе ги држат перманентно на власт коалициите на популисти и на авторитарци, ќе го подриваат владеењето на правото и ќе го спалат глобалниот поредок базиран на правила“ (Mason, 2021, 9).

За да го разбереме докрај значењето на истражувањето на денешната крајна десница, мораме да го препознаеме и да се осврнеме на тековното оживување на фашизмот, како најважна и синкретична антидемократска идеологија. Имено, до релативно неодамна најголемиот дел од теоретичарите и истражувачите го третираа феноменот на фашизмот како врзан исклучиво за историскиот контекст на почетокот на дваесеттиот век, и го сметаа за мртов, за интерес од чисто академска и историска природа. За да се

истражуваат денешните фашистички тенденции треба да се увиди дека тие се одвиваат во различен општествен и политички контекст, користат нови форми и стратегии, притоа задржувајќи го историскиот континуитет меѓу современите фашистички движења и оние од периодот меѓу двете светски војни. За таквото разликување, Енцо Траверсо (2019) го воведува поимот *пост-фашизам*. Надоврзувајќи се на овој концепт, Пол Мејсон го дефинира фашизмот како „стравот од слобода поттикнат од наѕирањето на слободата" (2021, 163) кој ги напаѓа сите идеологии прифатени од страна на оние кои се борат за слобода. За него, фашизмот е „повторлив симптом на системскиот неуспех под капитализмот" (2021, 10), а штом тоа потфрлање се случи, „за да ја заменат пасивната идеологија на капитализмот, фашистите активно ко-создаваат нов вид на активна идеологија базирана на расизам, машка доминација, дехуманизација и насилство" (2021, 162). Неговата истрајност, перпетуалност и моќ за приспособување ги објаснува вака: „Бидејќи не е заснован на факти, ниту во единствена социолошка класа, фашизмот во фазата додека е движење е нестабилен. Тој мора да реагира на сите уназадувања со исфрлање нови објаснувања, нови теории на заговор, да таргетира нови непријатели и повторно да зема залет. Ако не успее, тогаш (...) се разложува назад на составните делови: авторитарен конзервативизам, национализам, религиски радикализам, фолк-расизам и мизогинија."(2021, 163).

### 1.1.1 Во што верува крајната десница?

Во идеологијата на крајната десница се преплетуваат четири категории: антивладини и антидемократски практики и идеали, исклучувачки верувања, егзистенцијални закани и заговори и апокалиптични фантазии (Miller-Idriss, 2020, 4). Крајнодесничарските идеологии веруваат дека нееднаквостите се природни и се наоѓаат надвор од надлежностите на државата. Концептот на крајнодесничарските идеологии е воспоставувањето хиерархија помеѓу луѓето врз основа на националност, раса, пол. Таа перципирана супериорност оди до степен на дехуманизација на групите луѓе над кои се стремат да ја воспостават доминацијата – дехуманизацијата е сметана за „втемелувачки аспект на исклучувачките крајнодесничарски идеологии" (Miller-Idriss, 2020, 27). За радикалната десница препознатливи се манихејскиот поглед на свет (добро наспроти

лошо, во кое Другиот е демонизиран); внатрешната група е дефинирана преку надворешната група, дотолку што карактеристиките на надворешната група можат да бидат многу појасно исцртани од оние на внатрешната група (Berger, 2018). Притоа, вреди да се напомене дека и внатрешната и надворешната група се општествени конструкти.

Истражувачите се согласуваат дека клучниот концепт на кој се базира идеологијата на сите радикално десни групи е концептот на нацијата. Национализмот на радикалната десница се разликува од оној на главнотековната десница по својот радикализам, по својата опсесивност со доминацијата на главната етничка група и копнежот по целосно хомогени нации и држави. Во таа смисла, нејзиниот национализам спаѓа под групата екстремна верзија на конзервативен национализам, според категоризацијата на Хејвуд (2021).[1]

Без разлика на разликувачката доминантна насоченост, нативизмот – комбинација на национализам и ксенофобија – е заеднички за двете, и е концептот кој овие групи ги разликува од полибералните форми на национализам: „нативизмот е идеологија според која државата треба да биде населена исклучиво од членови на родната група (нацијата) и дека неродните елементи (лица и идеи) се суштински заканувачки за хомогената нација-држава“ (Mudde, 2007, 19). Ваквите концепти крајната десница понатаму ги врамува како егзистенцијални закани за државата, за татковината, за доминантната група. За популистичката радикална десница идеалното општество е етнократијата, во која идентитетските димензии се сфатени како монолитни и неменливи. Таа ќе се постигне преку затворање на границите и давање опција на етничките малцинства или да се интегрираат или да се репатрираат. Нејзината програма може да се набљудува како одговор на ерозијата на системот на етно-национална доминација (Betz&Johnson, 2004) па оттаму потекнува популистичката критика кон либералните и леви партии кои со допуштањето и поттикнувањето на мултикултурализмот и интернационализмот го

[1]Хејвуд ги дели националистичките традиции, според способноста на другите политички доктрини и идеи да го апсорбираатнационализмоти со него да се спојат, на либерален, конзервативен, експанзионистички и антиколонијален и постколонијален национализам.

потиснуваат националниот идентитет – во судирот на овие две манихејски сфатени категории е идентификуван главниот конфликт.

Терминот „авторитарност“, кој е исто така клучен за опишување на идеологијата на крајната десница, Муде го користи во линија на социјалната психологија, како „верување во строго уредено општество, во кое повредите на авторитетот треба строго да бидат казнети“. Во таа смисла, авторитарноста не мора да се сфати само како потреба од „авторитарен лидер со цврста рака“ туку и како склоност кон хиерархизација или кревање на државата како механизам на пиедестал. Авторитарноста го става акцентот на принудните и казнени правно-безбедносни механизми, како и превенцијата преку „морално“ и „традиционално“ училишно образование за децата (Mudde, 2019, 35). Во пресекот на нативизмот и авторитарноста се спојуваат двете од четирите централни кластери на политички прашања што ги идентификува Муде за крајната десница – имиграцијата и безбедноста (Mudde, 2019, 40).[2]

Имигрантите се сметаат за надворешната закана која пробивајќи ги зацртаните граници и на нацијата и на расата го зголемува и нивото на криминал внатре во заедницата, а решението се гледа во исклучувањето на овие „надворешни тела“. Притоа, популистичките радикални партии надворешната закана ја лоцираат во масовната имиграција (сметајќи дека таа е смислено организирана од прогресивните политичари, а не мотивирана од реалните социо-економски услови во земјите на потекло), додека екстремната десница која е позаинтересирана за расата, смета дека Западните земји се соочуваат со „геноцид на белата раса“ поради имиграцијата и поради државно поддржаниот концепт на мултикултурализмот (Mudde, 2019, 38). Егзистенцијалните закани, во својата идеална форма, се кристализираат во дистописки сценарија, од кои три се носечките: Големата замена[3] (популарна глобално), геноцидот над белите луѓе[4] (популарен примарно во САД) и Евроарабија[5] (популарен примарно во Европа) (Miller-

---

[2]Муде идентификува четири кластери на политички прашања како централни за сите крајнодесничарски групи: имиграција, безбедност, корупција и надворешна политика.
[3]Теорија претставена од францускиот автор Рено Ками во 2011.
[4]Популаризирана од нео-нацистот Дејвид Лејн.
[5]Претставена од британскиот автор BatYe`or во истоимената книга од 2005.

Idriss, 2020, 29). Во сите три, западот и белите луѓе се под закана од истребување од страна на мигрантите од Блискиот Исток. На најекстремниот крај, крајната десница смета дека единствениот лек за ова сценарио е покревање апокалиптична војна помеѓу расите, која ќе резултира во создавање нов светски поредок и обновена бела цивилизација (Miller-Idriss, 2020, 13).

„Фашизмот мобилизира потсвесен страв од слобода, страв кој е втемелен во длабоките структури на класното општество, преку експлоатација, преку семејството, расните и дури и биолошките хиерархии." (Mason, 2021, 162) Според Мејсон овој страв е поттикнат кога одредена група луѓе започнува да се ослободува од својата подреденост и започнува да се бори за ослободување и еманципација и на тој начин предизвикуваат перцепција дека е загрозен статусот на други групи луѓе кои својата општествена позиција ја сфаќаат како потпрена на туѓата подреденост. Притоа, ако историскиот фашизам како врвен непријател го идентификуваше марксизмот, денешниот фашизам, не наоѓајќи го марксизмот (кој е крајно ослабен и редок) него го измислува и го лоцира во специфични социјални групи кои се носители на слободарски идеологии (денес, тоа може да се борците за социјална правда, ЛГБТ-лицата, феминистките итн). Според Мејсон: „Фашистичката одбрана на капитализмот служи единство за да го одбрани поголемиот феномен на целото класно општество, целата нееднаквост, целата хиерархија и сите форми на опресија против шансите на човековата слобода." (Mason, 2021, 163) Фашизмот верува дека „насилството е моќ, а војната е не само природна состојба на животот, туку и ги прочистува и регенерира нацијата и државата." (Mudde, 2019, 33) Тој е суштински антимодерен (се противи на просветителските принципи и смета дека светот треба да се врати на времето пред 1789 година) и антихуманистички.

### 1.1.2 Како крајнодесничарските идеи влегуваат во мејнстримот?

Целта на крајнодесничарските движења е своите идеи и предлози постепено да ги поместуваат кон полето на главнотековно прифатливите идеи, внатре во т.н. Овертонски

прозорец - поимот е скован од американскиот политички аналитичар Џозеф Овертон во 1990-ите. Овертонски прозорец е опсегот на политички идеи и решенија кои се сметаат за прифатливи од страна на јавноста во даден момент (Decherney, 2025). Најчесто политичарите имаат отпор да предлагаат идеи надвор од овој прозорец за да не влегуваат во конфликт со јавноста. Со континуираното туркање на маргиналните идеи кон рабовите на овој прозорец – и тоа со помош на стратешкиот напор на крајнодесничарската машинерија од тинк-тенкови, лобисти, грас-рутс активисти – крајната десница постепено ја сензибилизира јавноста и ги нормализира своите идеи во рамки на демократското општество (Miller-Idriss, 2020, 45). Мејнстризирањето на идеите ја помага регрутацијата на нови членови бидејќи обичните луѓе започнуваат секојдневно да се среќаваат со крајнодесничарските идеи, па така тие им стануваат помалку шокантни, а ангажирањето со крајната десница станува пофлуидно и почесто. Мејнстримизирањето на идеите некогаш функционира со просто поинакво именување на идејата кое помага таа да биде поблаго претставена во јавноста. Пример за тоа е употребата на поимот „ремиграција“ за депортацијата и етничкото чистење на имигрантите (2020, 47). Според Синтија Милер-Идрис во книгата „Омраза во татковината“ од 2020 година, постојат барем три едновремени развојни линии кои помагаат екстремните идеи да се поместат во мејнстримот: 1)подемот на популистичките партии кои ги преземаат ваквите идеи во своите кампањи и говор, 2)ширењето на дезинформациите и теориите на заговор кои ја подриваат идејата за вистината и 3)користењето на младинската култура како оружје, особено хуморот, мемињата во комбинација со крајнодесничарска естетика. Секој од овие пристапи помага екстремните идеи да се претстават и елаборираат на нов начин (Miller-Idriss, 2020, 67).

Воспоставените конзервативни партии, со цел да приграбат повеќе од гласачкото тело, ги преземаат тврдењата и ставовите на крајната десница (со која, патем, иако на истата страна од политичкиот спектар, може да бидат и во конфликт), и така ги зајакнуваат, ги валидираат и ги легитимизираат, и помагаат да се внесат во мејнстримот. Компатибилно, во повеќето западни земји фашистите вообичаено гласаат за деснопопулистичките партии со цел да го искористат политичкиот простор и релациите (поради што нивната јачина не

може да се измери преку бројот на гласови) (Mason, 2021, 11). Поради тоа станува потешко да се распознаат екстремните маргинални групи од оние главнотековно конзервативните. Највидливото преземање на елементи е во прифаќањето на исклучувачки и дехуманизирачки јазик, што е во јадрото на идеологијата на крајната десница (Miller-Idriss, 2020, 26). Популистичката матрица на поделба на „чистиот народ“ и „елитите“ овде има клучна улога во поларизацијата и во дискурзивното врамување на идеите. Поттикот за усвојување на крајнодесничарските ставови може да се објасни со теоријата на „изместена агресија“, според која насобраните фрустрации, како одбранбен механизам, се насочуваат кон некоја друга група која служи како жртвено јагне, а не кон вистинските причини за фрустрацијата (Петровић, 2022, 16). Оттаму, со ваквото пренасочување на емоциите, на некој начин, крајните десничари им „помагаат“ на владите, кои најчесто го предизвикуваат незадоволството на граѓаните поради системските проблеми.

Честа практика за главновтекувањето на екстремистичките идеи е преку кооптирање на јазикот на левицата, т.е. јазикот на човековите права, разновидноста, како и прогресивните ставови за родот и сексуалноста, впрегнати во десничарски цели. Интересен е феноменот на фемонационализмот, кајшто радикалната десница користи стратегија на инструментализирање на реториката на женски права и родова еднаквост како средство за антиимиграциска мобилизација. Под маската на „заштита на жените“ и „феминистички вредности“, тие се обидуваат да придобијат поддржувачи од прогресивните кругови, прикажувајќи ја родовата еманципација како „национална вредност“ загрозена од имигрантите, најчесто од оние од муслиманските земји. Во десничарските шаблони на етно-националистички дискурс родовите односи воспоставени кај етничките Други се претставуваат како проблематични (Roth, цитирана во Graffи Korolczuk, 2024, 384), наспроти идеализираната визија на европската родова еднаквост. Притоа, родот се користи за „омекнување на расистичката острица на антиимигрантската реторика“ како „поприфатлив од отвореното непријателство кон сексуалните, расни и етнички малцинства“. (Dietze, Roth, цитирани воGraffи Korolczuk, 2024, 384).

### 1.1.3 Што се подразбира под десничарска радикализација?

Процесот на десничарска радикализација е недоволно истражен феномен, бидејќи најголемиот дел од напорите за разбирање на екстремистичката радикализација се во полето на исламистичкиот екстремизам. За феноменот на радикализацијата нема унифицирана дефиниција и се среќаваат варијации во различни документи. Заправо, терминологијата за радикализацијата беше релативно ретка пред терористичкиот напад од 11-ти септември 2001 во САД, а потоа стана доминантна рамка со која владите се трудеа да имаат превентивен пристап кон потенцијалните терористички активности. Слабоста на ваквиот пристап лежи во неговата вкоренетост во глобалната индустрија за Спречување насилен екстремизам (СНЕ), кајшто голем дел од истражувањата и литературата биле користени за оправдување на надзорот над муслиманските заедници и други маргинализирани групи. (Kundnani, кај Peters и др., 2022). СНЕ се стреми да идентификува „ризични“ поединци преку модели кои претпоставуваат однапред дефиниран и линеарен пат на радикализација, што резултира со занемарување на бројни комплексни и контекстуални фактори (Cassam, 2018). Иако може да се детектираат одредени сличности во процесите на радикализацијата кај проучувањето на исламистичкиот тероризам и кај крајната десница, литературата која се однесува на секоја од нив има многу различна историја и теориите кои се развиени во еден контекст не мора да бидат применливи во друг.

Овде ќе го претставиме моделот на Џон Бергер, кој врз основа на анализа на структурата на процесот на разнолики екстремистички движења, развива модел што е обликуван да биде пошироко применлив, и е посоодветен за десничарската радикализација од оној на СНЕ. Притоа, важно е да се има предвид дека во ова истражување радикализацијата ќе ја сфатиме како *спектар* на кој поединците и групите може да се движат нанапред и наназад. Радикализацијата може да се определи како процесот на стекнување и развивање екстремистички ставови, што значи дека тоа е динамичен процес, што не значи и дека поединецот ќе делува по нив. Различни поединци може да бидат во различни

стадиуми од процесот на радикализација и со тоа да имаат повеќе или помалку екстремни ставови (Knight, 2017, 3, фуснота 2).

Постојат два типа радикализација кога се работи за екстремистичките движења: групна радикализација и индивидуална радикализација. Притоа, вообичаено групната радикализација ѝ претходи на индивидуалната, односно неопходно е воспоставувањето некаква врска со постоечко движење (Berger, 2018). Џон Бергер во книгата „Екстремизам“ од 2018 година моделот на екстремистичка радикализација го базира на структурата на процесот низ кој поединците се доближуваат до движењето, наместо на идеолошките елементи чија разноликост оневозможува применливост на различни контексти. Според Бергер, екстремизмот е „верувањето дека успехот на внатрешната група да преживее не може никогаш да биде разделен од потребата за непријателска акција против надворешна група“ (2018, 44). Така, тој ги идентификува следниве фази во групната радикализација: 1)дефинирање на внатрешната група; 2)дефинирање на надворешната група; 3)дефинирање на постоењето на надворешната група како акутна криза за внатрешната група; 4)дефинирање непријателски дејства (решенија) што треба да бидат применети кон надворешната група. Бергер екстремистичката идеологија ја сфаќа не како збир на идеи и концепти, туку како содржана во корпус текстови (широко сфатени) кои ги опишуваат наративите и преку кои се врши трансмисијата: „фокусот на текстовите ја олеснува систематската анализа на содржината на идеологијата и следењето на нејзината еволуција низ времето“ (2018, 28). Оттаму, по исполнувањето на горенаведените четири чекори, екстремистичкото движење „треба секоја категорија да ја исполни со информации, вклучително историски информации, сведоштва и предвидувања, вести (вистинити и лажни), анализи и теории на заговор.“ (2018, 123)

Вториот тип, индивидуалната радикализација, е слична на процесот на политичка мобилизација, со додатниот елемент на акцентирање на идентитетот и на конструктите криза-решение. Имено, екстремизмот се одликува со подробната рационализација на тоа зошто дадениот конфликт постои и со инсистирањето на неговата неопходност. (Berger, 2018, 75) Надворешната закана предизвикува криза, кризата поттикнува изнаоѓање на

решение кое се наоѓа во акцијата кон непријателот. Чекорите на индивидуалната радикализација, Бергер вака ги дефинира: 1)идентификација со подобната внатрешна група; 2)негативни ставови за надворешна група; 3)перцепција на криза; 4)љубопитност за екстремистичката внатрешна група; 5)разгледување на екстремистичката внатрешна група; 6)идентификација со екстремистичката внатрешна група; 7)самокритичност; 8)ескалација; 9)критички осврт после акцијата (2018, 126).

Бергер го истакнува постоењето на *несигурноста*, како важен фактор кој, според него, има најголем потенцијал да го одговори прашањето зошто луѓето се приклонуваат кон екстремистички идеологии. Според него, структурните објаснувања (како сиромаштија или невработеност) сами по себе не се доволни „тригери", но ако тие се резултат на ненадејна општествена промена која го пореметува статус-квото[6], ова е контекст кој може да поттикне екстремистички ставови. Во ваков контекст на несигурност, екстремистичките движења нудат „перцепција на јасни граници, внатрешна хомогеност, социјална интеракција, јасна внатрешна структура, заеднички цели и заедничка судбина" (Berger, 2018, 139).

Ако се осврнеме на малку поконкретни идеи за десничарската радикализација, може да видиме дека одредени носечки идеи можат да бидат влезните точки во крајната десница. Иако најчесто тоа се национализмот и белата надмоќност, одредени потесни полиња може да бидат иницирачки, како антиабортус ставовите, родовите прашања, имиграцијата или демографските промени. Младите се особено ранливи на радикализацијата поради емоционалните потреби да припаѓаат кон заедница, како и да се бунтуваат против авторитетите, што отвора пат за регрутерите да го користат како оружје нивното незадоволство и чувствата на исклученост, отфрленост и гнев. Нив често ги таргетираат со навлегување и ширење во главнотековните младински простори (што детално го анализира Милер-Идрис во „Омраза во татковината", 2020). Процесите на десничарска радикализација се флуидни и нестабилни, и поединците може да се враќаат наназад, да се насочат кон други траектории, или да тргнат во непредвидени правци. За

[6]Слично значење има концептот на дислоцираност што го користат Цветковиќ, Димитров и Величковска во анализата на антиродовите движења, коментиран подолу.

многу од модерните крајнодесничарски млади, екстремистичкиот ангажман е карактеризиран од процес на влегување и излегување од крајнодесничарската сцена во текот на нивната адолесценција и зрелост, на начини што сè уште не се опфатени од истражувачите и од креаторите на политики. (Miller-Idriss, 2020, 46)

### 1.1.4 Онлајн радикализација

Онлајн радикализацијата е процес во кој поединците преку изложеност и интеракција на разни типови на интернет содржини усвојуваат верувања кои не само што оправдуваат насилство туку го поттикнуваат до степен кога овие верувања се фактички преведени во насилни дејства (Mølmenи др., 2023, 465). Онлајн достапноста овозможува главновтекување на екстремни идеолошки елементи со што можат да се достигнат поголем број поединци кои можат да бидат подложни на радикализација и регрутирање.

Активноста на десничарските екстремисти на интернет влезе во фокусот на јавноста од 2015/2016 година, во одговор на глобалниот политички контекст кој ги предизвикуваше нивните сензибилитети, а во кој едновремено гледаа и можност за сопствена експанзија – кога се одржаа претседателските избори на кои победи Трамп, референдумот за Брегзит, зголемувањето на заканата од Исламската држава, надоаѓањето на бегалците од војните на Блискиот Исток. Сепак, интернетот функционира како алатка на крајната десница уште од неговото појавување, и начинот на кој го користеле еволуирал паралелно со еволуцијата на технологијата. На пример, американскиот бел надмоќник Луис Беарн воспоставил и водел сервис на компјутерска огласна табла под името Aryan Nation Liberty Net (Мрежа за слобода на ариевската раса) уште од 1984 година (Conway и др., 2019, 4). Веќе од раните 1990-ти, со ширењето на интернет мрежата, екстремната десница започнала сè повеќе да се потпира на веб-форумите со цел ширење пропаганда и вмрежување, вклучително и транснационално. Покрај постоењето на веб-страници кои служеле како информативно-едукативни пунктови, најпопуларни кај десницата биле (и сè уште се популарни) форумите за дискусии, чија цел е создавање заедница на корисници. Со развојот на социјалните медиуми, овие станаа централната онлајн инфраструктура за

десницата; овие овозможуваат креирање и лесно споделување сопствени содржини, па тука се роди визуелниот јазик кој е една од главните особини на онлајн дискурсот на десницата. Не навлегувајќи во односот, предизвиците и третманот на секој од социјалните медиуми кон екстремно десничарските содржини, ќе спомнеме само дека одлуката и начинот за нивно цензурирање е постојан предизвик.

Следуваат неколку референци кои го потврдуваат порастот на онлајн радикализацијата во последните години. (Овие бројки се индикативни, иако се однесуваат на заканата од тероризам или на екстремизмот кој води кон тероризам, а не ја гледаат и ненасилната крајна десница.) Во извештај од 2023 година се забележува дека во периодот 2010-2020 година имало пораст од 413 % на случаите кајшто интернетот играл примарна улога во радикализацијата кај лицата под 30 години, во споредба со претходната деценија (Hitchens, Ayad, 2023, 6). Некои истражувачи забележуваат дека најпотентните терористички закани од екстремната десница доаѓаат од самотните актери оформувани во транснационалните онлајн мрежи (Bjørgo&Ravndal, 2019, 13). Ова го покажува и Извештајот за ситуацијата и трендовите со тероризмот на Европол од 2023, „самотните актери или малите безлидерски ќелии, радикализирани во транснационални онлајн заедници и кои не припаѓаат на ниедна воспоставена десничарска екстремистичка група“ моментално имаат „најголем потенцијал за изведување десничарски терористички напади во ЕУ“ (Europol, 2023, 50). Во прилог на тоа, студијата од 2023 објавува дека во индустријализираните западни земји се забележува намалување на влијанието на членството во организирани екстремистички или терористички групи на сметка на поголема саморадикализација помогната од онлајн материјали. На пример, според ПИРУС (Профили на индивидуална радикализација) датабазата на САД бројот на радикализирани млади поединци без формални афилијации или поврзаност со препознаени екстремистички или терористички групи пораснал за 311 % во периодот 2013-2023, во споредба со претходните децении (START, 2023).

Екстремистите, кои главно биле маргинализирани на масовните медиуми, на социјалните мрежи можат непречено и ефтино да ги промовираат своите ставови и да регрутираат

следбеници. Таму, контроверзноста им е дозволена, а виралноста е главната валута. Иако како т.н. демократизирачки медиум, социјалните мрежи „мнозинството луѓе го водат кон центризам и инклузивност, [сепак] кога се работи за едно значително малцинство, тие го оснажуваат и ја забрзуваат поларизацијата“ (Berger, 2018, 149). Анонимноста е еден од главните фактори за нивниот успех, бидејќи корисниците не се изложени на ризик да бидат препознаени и казнети за своите екстремни ставови, па немаат инхибиции во говорот и во однесувањето. Физичката безбедност е исто така важна, бидејќи потенцијалните членови можат да се запознаат со „идеолозите“ или со постојните членови виртуелно, пред да се сретнат во вистинскиот свет. За регрутерите социјалните мрежи нудат „истражувачки потенцијал“ т.е. користење на алатките на социјалните медиуми за полесно идентификување и таргетирање на потенцијалните регрути, за лесно менаџирање на комуникацијата со постојните членови и нивна подобра интеграција, но и за лесно остварување увид во ефектите од пропагандата (Koehler, 2015, 6). Интернетот е централен за споделување на текстовите (вклучително и слики, музика, артефакти) низ кои се пренесува идеологијата. Притоа, интересно е дека вреднуван аспект од страна на членовите е и плурализмот на идеолошки ставови што дигиталните платформи го овозможуваат, на пример, преку влегувањето во теориски дискусии. „Можноста за директно обликување на идеологијата, за создавање на сопствени ‘школи’ на интерпретација, им дава и на ниско-позиционираните членови чувство дека се способни да влијаат врз развојот на движењето“ (Koehler, 2015, 6). На крајот, интернетот нуди перцепција за постоење на критична маса, што го засилува уверувањето на поединецот за потентноста на движењето.

Една од  изворните особини на социјалните мрежи поради кои тие се често критикувани дека придонесуваат кон радикализацијата на ранливите корисници се нивните алгоритми за препорачување содржини, кои го предизвикуваат ефектот на т.н. „ехо-комори“. На пример, платформата за видеа Јутјуб некои истражувачи ја карактеризираат како „машина за радикализација за крајната десница“ (Dwoskin, 2019) поради склоноста да препорачува такви содржини и поради големите количества музика од сцената на белите моќници. Таквиот увид во овие системи наведува на заклучок дека „препуштањето на некои

корисници на екстремно-десничарските простори на Јутјуб е заеднички произведено помеѓу содржината генерирана од страна на корисниците и од наведувањата на системот за препорачување на Јутјуб“ (O’Callaghan, 2015, 461). Во секој случај, повтореното изложување на истите пораки  и изложеноста на токсичните онлајн култури кои се совпаѓаат со грижите и интересите на поединецот, создаваат повратна спрега што ги амплифицира пораките. Во такви околности, дури и пораките кои се меѓусебно контрадикторни, можат да коегзистираат во светогледот што го развива поединецот.

Дополнително, повеќето истражувања покажуваат дека онлајн елементите секогаш се придружени и со делумно или целосно офлајн категории на радикализација т.е. дека самата онлајн активност е недоволна за радикализација на поединецот.

Истражувањето на онлајн радикализацијата најчесто е повеќе теориско и дескриптивно, наспроти емпириско. За тоа постојат и објективни бариери. При анализата на крајнодесничарските содржини на социјалните мрежи треба да се има предвид дека постои разлика во „дозирањето“ на содржините во зависност од тоа дали се на јавно достапни страници или во затворени групи и четови – па сознанијата базирани на јавно достапните содржини најчесто се само дел од сликата (Ekman, 2018). Уште подлабоко, многу од сајтовите на крајната десница спаѓаат во „дарк социал“ – оние делови од интернетот кајшто е тешко да се следат споделените содржини, на пример, преку апликации за пораки или енкриптирани четови.

### 1.1.5 Мешани идеологии

Доминантните екстремни идеологии веќе не се уредно разделени со јасни идеолошки граници (исламизам/џихадизам, десничарски, левичарски, анархистички, етнонационалистички и сепаратистички), туку почнуваат да се јавуваат во форми на мешани или нестабилни идеологии. Ова за прв пат го забележува американското ФБИ во 2019: „пораст на нова екстремистичка закана карактеризирана од разни идеологии центрирани околу антивладини ставови, политики на идентитет и маргинални теории на заговор.“ (цитирано во Roberts, 2024, 6). Ова го забележува и извештајот на Европол во

2023 година, дека десничарските екстремисти од спектарот на самотни актери или безлидерски ќелии, кои ги лоцира дека имаат моментално најголем потенцијал за насилство, „често го креираат својот светоглед со комбинирање на неколку особини од различни наративи кои резонираат со нив, без целосно да се посветат само на една конкретна идеологија“(Europol, 2023, 50). Ова е во голема мера резултат на онлајн радикализацијата која овозможува еден вид „шведска маса“ од идеолошки ставови, од кои поединецот може да бира различни, понекогаш и контрадикторни, елементи од различни идеологии кои соодветствуваат на неговите специфични грижи и интереси. Со други зборови, да ја персонализира својата идеологија.

Различните елементи кои се идентификувани и може да се комбинираат во овие мешани идеологии се: антиваксерство, ЛГБТ фобија, машка надмоќност и мизогинија, еко-екстремизам и еко-фашизам, алт-Џихад, антивладини ставови и теории на заговор, недоверба во технолошкиот напредок. Природата на овие мешани идеологии не е фиксна и се менува, во зависност и од контекстот и од преовладувачките стравови во општеството, но и од личните услови. Она што ги разликува овие идеолошки елементи е нивниот потенцијал да бидат кооптирани во рамки на екстремистички наратив, издвојувајќи ги од други општествено-политички грижи (Hitchens, Ayad, 2023). Мизогинијата, машката надмоќност и ЛГБТ фобијата се застапени елементи на овие мешани идеологии, честопати преплетени со екстремистички ставови.

Во таа смисла, мешаните идеологии го задржуваат процесот на радикализација кој го имаат јасно дефинираните идеологии, но, содржински, поединците не се придржуват едноставно кон понудена идеолошка рамка, туку ги селектираат и ги комбинираат елементите. (Roberts, 2024, 16)  Во прилог на тоа одат и увидите дека голем број поединци не се придружуваат на одредена радикална или екстремна група поради претходна блискост со идеологијата, туку се привлечени од културата, заедништвото и одредени вредности, а дури потоа се запознаваат со и ги прифаќаат ставовите на таа група/идеологија. „Иако идеологијата сè уште игра улога во овие простори, фокусот се шири отаде поимите на белата надмоќност и расизам кон барање чувство на припаѓање,

заедница, забава и смисла, како и бегство од изолацијата и егзистенцијалните борби со кои се соочуваат во физичкиот свет.“(2024, 16)

Кајлер Онг забележува дека една од причините за нестабилните идеологии е нивната онлајн природа, кајшто во отсуство на организациска структура која на поединците би им понудила водство и запознавање со идеологијата, тие самите мораат да се снаоѓаат во мноштвото информации, неретко следејќи ги повидливите поединци во сферата, па дека така се развила таа „култура“ на селекција на идеолошките елементи. Ваквиот пристап „овозможува разновидни пермутации кои може да се користат за да се окарактеризира еден десничарски екстремист“ (Ong, 2020, 3).

Некои истражувања индицираат дека поради нивната природа, вообичаените напори кои се користат при справувањето со јасно дефинираните идеологии, во случајот на наративите кои доаѓаат од децентрализирани мрежи наспроти од структурирани групи на насилен екстремизам, не се оптимални (Comerford&Havlicek, 2021). Поинаквите предизвици кои овие ги поставуваат се состојат во тоа што се понепредвидливи. Тие потешко можат да се предвидат врз основа на анализа на идеолошката содржина поради нивната променлива и неконзистентна природа. Оттаму, според Робертс, наместо фокусирање само на идеолошката содржина, потребна е сеопфатна проценка на ризикот која зема предвид повеќе фактори – поединечни ранливости, лични околности, социјални мрежи, онлајн и офлајн бихејвиорални индикатори (2024, 19). Понатаму, тој истакнува дека пристапот на создавање контра-наративи е помалку ефикасен, бидејќи невозможно е да создадат генерализирани наративи што ќе одговорат на конкретната мешана идеологија во целина. Иако може да се таргетираат одредени нејзини елементи – на пример мизогинијата или ЛГБТ-фобијата – ефектот ќе биде далеку послаб.

## 1.2 Мизогинијата и крајната десница

### 1.2.1 Родовите структури како сили на опресија

Промислувањето на мизогинијата започнува со увидот, направен од повеќе феминистички теоретичарки, дека патријархалните родови односи и структури претставуваат сили на опресија. Материјалистичките феминистички ставови за родот овој поим го дефинираат низ призма на подредената положба на жените во рамките на системот на машка доминација. Општествата, кои се повинуваат на патријархалното уредување, во социјалните односи приоритетот им го даваат на машките тела, додека развиваат разни механизми за одржување на подреденоста на женските тела и нивно експлоатирање. Низ таа призма на структурна подреденост Сали Хаслангер го дефинира поимот *жена* во збирката есеи „Давање отпор на реалноста“: „С е жена ако С е систематски подредена по линија на одредени димензии (економски, политички, правни, социјални итн.) и С е `означена` како цел за ваквиот третман преку перпицирани или замислени телесни особини кои се сметаат за доказ за женската биолошка улога во репродукцијата.“ (2012, 230).

Според Мерилин Фрај, феноменот на опресијата се однесува на „сеопфатна структура на сили и бариери што се стреми кон  имобилизација и редукција на одредена група или категорија на луѓе“ (Frye, 1983).  Ајрис Јанг, пак, наоѓа дека ваквите структури се содржат во секојдневните релации (Young, 1990). Јанг го теоретизира родот во смисла на родови структури, теорија според која цел спектар на структури – материјални, физички, идеолошки – комбинирано делуваат и ги позиционираат одредени луѓе во серијата наречена „жени“, како што се: телото, феноменолошкото искуство на телото, материјалните и општествените структури; увидот во оваа логика може да претставува основа за општествени движења. Структуралната призма нуди разбирање на начините на кои структурите ја ограничуваат слободата: нееднаквоста во можностите, опресијата и доминацијата. Идентификувајќи ги „петте лица на опресијата“ Јанг идентификува различни аспекти на овој феномен кои ја надминуваат симплифицираната категоризација на опресирани групи: експлоатација, маргинализација, безмоќност, културен империјализам и насилство (Young, 1990). Структурите, иако субјективно доживувани како

„објективни ограничувања“, се општествени процеси кои ги ограничуваат и ги насочуваат делувањата на поединците и како такви, тие можат да бидат сили на доминација и опресија. Притоа, структурите на опресија може да се преклопуваат.

### 1.2.2 Мизогинијата како општествен механизам

Мизогинијата е популарно дефинирана како омраза кон која било или кон сите жени – само бидејќи се жени. Ваквата формулација не дава контекст, објаснување, ниту опис на овој сеприсутен феномен. Додатно, сведувањето на мизогинијата на личен анимозитет не помага во нејзиното превенирање и искоренување. Природата која се занемарува е дека мизогините сентименти и чинови не претставуваат изолирани случаи на индивидуална психопатологија, туку одржуван општествен идеолошки механизам. Филозофината Кејт Ман – која детално го истражува овој феномен во книгата „Мирна, девојко: Логиката на мизогинијата“ (2017) – индивидуализирањето на мизогинијата и нејзиното сфаќање како индивидуална *емоција* – „фобија или длабоко всадена аверзија“ кон жените како општа категорија, го нарекува „наивна концепција“, која не само што оневозможува мизогинијата да се дијагностицира, туку и не’ одвраќа од алатките за нејзино промислување и им скратува на жените соодветно име за она со што се соочуваат. А тоа е дека мизогинијата е системска, предвидлива и поддржана манифестација на идеологијата што ги води општествените релации на моќ – патријархатот (Mann, 2017, 49). Имено, аналогно на третманот на антисемитизмот и расизмот кои не се гледаат како психолошки мотивирани непријателства туку како разгранети и нијансирани системски практики на дискриминација и опресија кои треба да се размонтираат со помош на општествени алатки – мизогинијата е токму ним сродна општествена т.е. политичка практика. Тоа подразбира дека тие непријателства можат да се манифестираат од страна на индивидуален агент, од страна на колектив или како чисто структурни механизми (Mann, 2017, 64).

Според Ман: „Конститутивно земено, мизогинијата во општествена средина се состои од непријателските општествени сили: 1)со кои ќе се соочи една класа жени или девојчиња (поширока или потесна) бидејќи се жени или девојчиња во таа (повеќе или помалку

специфицирана) општествена позиција, и 2)кои служат да контролираат и да наметнат патријархален ред, воспоставен во релација со други интерсекционални системи на доминација кои можат да се применат на релевантната класа жени или девојчиња (пр. разни форми на расизам, ксенофобија, класизам, ејџизам, трансфобија, хомофобија, ејблизам итн.) Овие мизогини општествени сили често ги таргетираат девојките и жените (во таргетираната општествена група) поради реални, перципирани или симболични предизвици или прекршувања на важечките патријархални норми и очекувања (кои, пак, функционираат во сплет со други потиснувачки сили што се преклопуваат).“ (2017, 64) Ман смета дека мизогинијата не потекнува од психолошки ставови, „како на пример идејата дека жените се перципирани како сексуални објекти, како суб-човечки, или дека имаат `суштина` кон која се чувствува омраза и презир. Наместо тоа, генерално се работи за присилување и одново воспоставување на патријархалниот ред штом тој биде предизвикан. Од овие општествени процеси потекува одвратноста и ги модифицира истите.“ (2017, 69) Мизогинијата е суштинска за патријархатот. Заправо, Ман луцидно неа ја објаснува како гранка која спроведува присилба кон законот на патријархатот, „полициско“ придржување кон „редот“, казнивост (2017, 63). Мизогини се практиките кои ги задржуваат жените во фактичка или симболичка подреденост во контекст на која било општествена релација; подложени на мизогини испади стануваат оние жени кои се *перципирани* како отстапувачи или прекршувачи на зададените норми. Акцентот овде е на *перципирани* бидејќи одлика на мизогиниот сентимент е заменливоста и множинското таргетирање на објектите – со други зборови, не е важно која е конкретната жена што е таргетирана и дали таа навистина е виновна по зададените обвиненија, туку таа е гледана како претставник на специфичен „проблематичен“ тип на жена.

„Патријархалните норми и очекувања може да вклучуваат, на пример: а)специфично родово обележани содржини кои го одразуваат и помагаат во регулирањето или обновувањето на патријархалниот поредок; б)особено строги механизми на спроведување насочени кон девојките и жените (во релевантната општествена група), во споредба со момчињата и мажите (т.е. нивните машки пандани); в)особено интензивни и/или инвазивни форми на надзор и контрола (на пример, следење, испитување и

сомневање) насочени кон девојките и жените (во релевантната група), во споредба со машките пандани.“ (2017, 64)

Притоа, оваа поврзаност на мизогинијата со патријархатот која Ман ја карактеризира како „метафизичка меѓузависност“ значи дека за феноменот да постои, мора да постои и барем одредена историска врска со патријархатот, широко дефинирана. (2017, 67)

На крајот, Ман прави разлика помеѓу поимите *мизогинија* и *сексизам* – според неа, ако мизогинијата е гранката за присилба и контрола, сексизмот е заправо „објаснувачката“ димензија зад патријархалниот ред, која „ги *рационализира* и ги *оправдува* патријархалните општествени релации“ (2017, 79). Попрецизно, сексизмот се состои од „претпоставките, верувањата, теориите, стереотипите и пошироките културни наративи кои ги претставуваат мажите и жените на значајно различни начини кои, доколку вистинити или барем веројатни, би ги поттикнале рационалните луѓе да бидат поназклонети кон поддршка и учество во патријархалните општествени уредувања.“ (2017, 79)

Дополнително, во овој труд мизогинијата е сфатена како теориска рамка применлива и на останатите родови малцинства. Накратко, она што Ман го објаснува како „реални, перципирани или симболични предизвици или прекршувања на важечките патријархални норми и очекувања“ (2017, 63), поинаку јазично може да се формулира како *отстапување од родот* т.е. од родовите норми. Истражувачка, активистка и професорка од обласа на родовите студии во спроведеното интервју за овој труд во септември 2025 ја сугерира оваа формулација: „Кога зборувам за мизогинија повеќе мислам на тоа дека се мрази секоја која излегува од доминантната културолошка идеја за тоа што е женскост и што треба да биде жената. Во таа смисла, мизогините [луѓе] не ги мразат жените туку оние што, условно кажано, не се доволно жени. Некогаш кога држам предавања пробувам да го објаснам концептот на род, родови норми и потоа родово отстапување. Родови отстапници, тие се тие – gender traitors (...) Тоа сме оние што сме ги изневериле очекувањата како жени. Тие очекувања се родово одредени.“ Ваквите отстапувања предизвикуваат зазор кај патријархалниот сентимент и тој бара да се санкционираат.

Притоа, во контекст на постструктуралистичкото сфаќање на родот и родовиот идентитет (кое теориски ќе се разгледа подолу во овој труд) функционирањето на суштински истиот оперативен механизам може да се лоцира и кај останатите родови малцинства, а особено кај транс-лицата. Главната разлика, притоа, е интензитетот на видливоста на тоа отстапување кое ја поттикнува санкцијата, поради неусогласеноста на родот и полот кај овие лица, наспроти културолошки автоматизираното санкционирање и потиснување во случајот на цис-жените кои отстапуваат од своите нормативни родови улоги.

### 1.2.3 Како жените се позиционирани во крајнодесничарскиот светоглед?

За да се разбере односот на крајната десница кон жените, треба прво да се разбере нејзината позиција во централниот крајнодесничарски концепт на национализмот. Национализмот е блиско поврзан со државата и со институциите. Национализмот го конструира наративот за нацијата, и ја обединува заедницата во целта да ја изгради или да ја одржи државата и во верувањето во колективното заедништво. Национализмот ја има за цел „изградбата на нацијата“ преку „замислување“ национално минато и сегашност (Anderson, 1991), измислување традиции (Hobsbaum, 1983) и симболично конструирање заедница (Cohen, 1985). Национализмот е силно родово карактеризиран, а со фактот дека тој е „идеологија на поделба“ на *ние* и *тие* и е суштински исклучувачки, тоа интерно се рефлектира и во родовите односи. Мос ја опишува модерната машкост како централен дел на сите варијации на националистичките движења, и која еволуирала паралелно со нив (Mosse, 1996). Културата и идеологијата на хегемоничната машкост одат заедно со културата и идеологијата на хегемоничниот национализам (Nagel, 1998, 249). Притоа, Нагел ја подвлекува сродноста помеѓу идеологиите на машкоста, колонијализмот, империјализмот, милитаризмот и национализмот во 19-от и 20-от век, и „имајќи ја предвид моќта на овие движења и институции во создавањето на модерниот свет, не е изненадувачки што машкоста и национализмот делуваат создадени од истиот калап (...) кој обликувал важни аспекти (...) на модерниот државен систем.“ (Nagel, 1998, 251) Според Нагел, националистичката политика е важно поле за „остварување“ на машкоста: 1)бидејќи е во суштина институција доминирана од мажи, 2)бидејќи културата на

национализмот е конструирана да резонира со машките културни теми, 3)поради социјалниот притисок за изедначувањето на двете, особено во услови на политички кризи (Nagel, 1998, 252). Бидејќи национализмот често се стреми кон „ретрадиционализација“ (Nagel, 1996, 193) како основа за градењето и обновата на нацијата, а традициите се често патријархални, тие ја зацврстуваат машката привилегија. Според Енло, „кога националистичкото движење се милитаризира (...) машката привилегија во заедницата уште повеќе се закоравува.“ (Enloe, 1990, 56)

Роберт Конел ги објаснува „есенцијалистичките дефиниции“ за машкоста како „дефиниции што избираат особини за да го дефинираат јадрото на машкоста“ (1995, 68), и тие вообичаено вклучуваат нижење карактеристики како: волја, чест, храброст, истрајност, авантуристичност, независност, сексуална енергичност, достоинство, кои ги рефлектираат машките идеали на слободата, еднаквоста и братството – кои ги користи Мос (1995) за дефинирање на „нормативната“ машкост. Конел освен оваа нормативна машкост која ги потенцира идеалните типови, наведува уште два типа дефиниции: позитивистичка (опишување на мажите во одреден простор и време) и семиотички (ги контрастираат машкоста и женскоста и дедуцираат од разликата). (1995, 68-81) Расните и сексуалните „контратипови“ кои излегуваат или се спротивни на есенцијалистичката дефиниција Конел ги нарекува „подредени“ форми на машкост. Хегемоничната машкост е идеална, широко распространета и однапред претпоставена, и таа ги поставува стандардите за однесувањето и мислењето на мажите, наспроти кои останатите машкости се дефинираат или се натпреваруваат.

Улогата на жените во национализмот рефлектира машка дефиниција за женскоста и за нејзиното место во нацијата. Разбирањето на позицијата на жените е клучно за разбирање на национализмот. Националистичката идеја за нераскинливата врска помеѓу нацијата и природата во практика се преведува како стремеж кон „чистотата“ на заедницата, дефинирана преку генетска и културна исклучивост, со длабока фобија од надворешни влијанија. Тој светоглед базиран на стравот од надворешните закани ја воспоставува родовата поделба на животните улоги со фиксирање кон обврската на

жените да ја репродуцираат нацијата. Нила Јувал-Дејвис и Флоја Антиан, предлагаат дека постојат пет главни начини на кои жените учествуваат во националните и етничките процеси и во релација со државата: 1)за биолошко репродуцирање на етничкиот колективитет, 2)за репродуцирање на границите на етничките/националните групи, 3)за идеолошко репродуцирање на колективот и како пренесувачи на културата, 4)како симболички означувачи на идеолошките дискурси во конструкцијата, репродукцијата и трансформацијата на етничките/националните категории, 5)како учесници во националните, економски, политички и воени напори.(Yuval-Davis, Anthias, 1989, 7) Во врска со овие пет функции, Јувал-Дејвис потенцира дека овие улоги на жената не мора да бидат наметнати од колективот, туку жените „активно учествуваат во процесите на репродукција и модифицирање на своите улоги, како и во контролата над другите жени“ (Yuval-Davis, Anthias, 1989, 11).

Со улогата на биолошка репродукција на колективот најмногу се поврзани формите на контрола на населението. Од една страна се охрабрува растот на колективот со пронаталистички политики, а од друга настанува расизирана мизогинија која резултира со двојни стандарди во политиките за репродуктивна контрола, во која припадничките на малцински или колонизирани „непосакувани“ заедници се стигматизираат, се обесхрабруваат или насилно се ограничува нивната репродукција. Така, жените стануваат клучен елемент во стратегијата за „одбрана на нацијата“ бидејќи нивна одговорност е интензивно да раѓаат за да се спречи наводната „замена“. Овој расистички елемент во полза на „заштита на жените“ често вклучува и забрана тие да воспоставуваат сексуални релации со мажи од други групи, бидејќи тоа би ја нарушило втората погоре спомената функција според Јувал-Дејвис, на репродуцирање на границите на групата. Додека третата функција (идеолошко репродуцирање) е релативно очигледна со оглед дека најчесто жените ја имаат улогата на воспитувачки на децата и раскажувачки кои обезбедуваат „правилно“ воспитување и развој, во четвртата (симболички означувач) тие и самите стануваат отелотворувачки на културата на групата – чести се сликите на жени мајки или сопруги како симболи на единството, борбата, пожртвуваноста и на самата нација.

Поимот *фамилијализам* на Андреас Кемпер подразбира форма на биополитика која традиционалното семејство го гледа како основа на нацијата и ги подредува индивидуалните права на нормативните барања за репродукција на нацијата (Kemper, 2016). Поедноставено, националистите ја гледаат нацијата преку поимот на семејството, па така, фигурата на *мајката* добива важно симболичко место. Распространети се верувањата дека жените имаат „биолошка судбина“ па така „иднината на нацијата (и на расата) [која] лежи во матката“ (Norris, 2023, 82) е основа за оправдување на мизогинијата. Архетипот на Мајката,  често среќаван во Западната култура, во крајнодесничарските движења добива специфична расизирана (Latif и др. 2020, 419) или етнизирана димензија.

Ваквата централност на жената за преживувањето на колективот на разни нивоа, ја објаснува опсесијата на конзервативните и десничарските движења за воспоставување контрола над женското тело и за институционализирање на родови општествени релации кои ја ограничуваат нејзината автономија. Со други зборови, ваквата подреденост е неопходна за осигурување на континуитетот и кохерентноста на групата (Vickers кај Peterson, 1994, 78), што ги прави родовите релации не периферна, туку суштинска димензија за динамиката на групниот идентитет и на интергрупниот конфликт (Peterson, 1994, 78). Идеализирањето на жената како „симболичка ризница на групниот идентитет“ (Kandiyoti, кај Peterson, 1994, 80) ја става „под притисок да се конформира кон идеализирани обрасци на однесување“ (Peterson, 1994, 80). Со ова, прашањето на репродукцијата се вади надвор од приватните односи во кои конвенционално се вбројува, за да се префрли во јавната сфера, кајшто фигурира како една од најсилните политички активности (1994, 78). Или, како што Џен Џинди Петман го сумира: „Употребата на жените за симболичко маркирање на границите на групата ги прави особено подложни на контрола во стратегиите за одржување и одбрана на границите. Овде движењето и телата на жените се контролирани, во смисла на нивната сексуалност, плодност, и релации со ‘другите’, особено со други мажи. Ова сугерира зошто хегемоничната машкост придава такво политичко значење на ‘поведението и сексуалната чистота’ на жените – бидејќи ги гледа како посед, како одговори за трансмисија на културата и преку неа на

политичкиот идентитет; а исто така и како најранливи на злоупотреба, насилство или заведување од ‘други’ мажи“ (кај Peterson, 1994, 80). Честите метафори „жената како нација“ и „нацијата како жена“ сугерираат како женското тело се претвора во бојно поле за борбите помеѓу групите, чии граници се постојано под закана да бидат пенетрирани и покорени однадвор, и со тоа да се ризикува „губење на честа“ – иронично, честа на мажите и на нацијата. Фатена среде таа динамика, жената сепак нема моќ за делување, пасивна е и третирана како простор или алатка, во полза на цели дефинирани од мажите.

Во интерпретирањето на фамилијализмот има одредени разлики помеѓу крајнодесничарските групи. Така, повеќето имаат традиционален поглед на жената исклучиво како мајка (како што разгледавме во претходното поглавје). Други, пак, особено во Западна Европа, а овде спаѓа и поновиот бран  десничарски групи во Северна Македонија, држат тн. „модерни традиционални“ ставови, според кои жените може да работат – но, држејќи ја мајчинската улога како главна. Овие „модерни традиционални“ ставови може да се објаснат и преку променетите социо-економски услови, во кои е поотежнато во споредба со порано да се одржува семејство само со платата на мажот, а потоа и од тековниот капиталистички контекст, каде во економијата постои недостаток од работна сила, па потребно е жените да ја пополнат, а и фактот што жените се таргетирани како засебен, огромен пазар за продажба. Како што вели истражувачка, активистка и професорка од областа на родовата еднаквост во спроведеното интервју: „Особено е важна економската тема. Капитализмот бара високо образовани луѓе со развиени вештини, особено цени мултитаскинг. Жените сега се поспремни како работници, ги имаат овие вештини, ги учат од најмали нозе, ние од најмали нозе се учиме на мулститаскинг, пообразовани сме во проценти, повеќе сме со високо образование итн. Значи, тоа ги менува односите и желбата да се задржи статус квото е пред се’.“ (септември, 2025). Во десничарските кругови, значи, позицијата на жените има традиционалистичка природа која е изразена преку позитивни формулации но е силно рестриктивна: дека жената е јадро на семејството и оттаму ограничена на него, дека треба да биде „заштитена“ од товарот на обврските во јавниот простор, дека треба да биде „поштедена“ од „машката“ работа и дека „го нема потребното“ за тоа да го работи.

Жените кои се приклонети кон овие движења ги следат и ги перпетуираат истите идеолошки ставови, со додатната димензија дека некои од нив даваат отпор на машката доминација и потценувањето на жените, па контрадикторноста во нивните ставови знае да биде понагласена отколку кај мажите.

Постојат два концепти на сексизмот: пријателски (беневолентен) сексизам и непријателски сексизам, поими предложени од Петер Глик и Сузан Фиске (1996), а кои во контекстот на крајната десница ги разгледува Кас Муде во книгата „Крајната десница денес“ (2019). Во случајот на пријателскиот сексизам, жените се гледаат како морално чисти и физички слаби, па оттаму треба да бидат обожувани и заштитувани од страна на мажите (2019, 139). Тие се срцето на нацијата т.е. расата. Но, овој концепт истовремено соодветно поставува патокази за однесување и за мажите: тие треба да заштитуваат, да обезбедуваат и да доминираат, да бидат авторитетни, склони кон физичка работа, агресивни. Жените е предвидено да функционираат во прилог и поддршка на овие машки особини. Ова е имплицитно уловено во слоганот т.е. „Четиринаесетте зборови“ на еден од основачите на нео-нацистичката терористичка група The Order (Редот): „Мораме да го обезбедиме постоењето на нашите луѓе и иднината на белите деца“[7], што потоа беше надополнето со уште 14 зборови: „Бидејќи убавината на белата Ариевка не смее да биде истребена.“[8]

Вториот концепт, на непријателски сексизам, во последно време станал повидлив кај крајната десница, особено онлајн, поточно во рамките на мажосферата (која пак е поврзана со алт-десницата). Ваквиот сексизам ги објективизира и ги деградира жените, кои честопати се перципирани како „насилнички“ кои настојуваат да ги доминираат животите на мажите преку феминистичката идеологија и преку сексуална манипулација – и оттаму, тие се заканувачки за мажите. Оваа призма ги претставува жените како морално корумпирани и политички моќни. Непријателскиот сексизам се поврзува со токсичната машкост и со мизогинијата. Муде вели дека повеќето крајнодесничарски групи имаат

[7]Цитатот е сретнат и во социјалните објави во македонскиот крајно-десничарски простор.
[8]Оригиналиот цитат гласи: “We must secure the existence of our people and a future for white children. Because the beauty of the White Aryan woman must not perish from the earth.”

комбинација од елементите на пријателски и непријателски сексизам – амбивалентен сексизам. Така, иако популистичките радикални партии се служат со пријателски сексизам, нивни претставници може да манифестираат непријателски сексизам, особено кон жени надвор од расната/етничката заедница, или да одобруваат такви наративи кои потекнале од мажосферата. (Mudde, 2019, 140)

Важно е да се потенцираат и релациите на жените кои свесно идеолошки одбираат да се дел од националистичките движења, додека едновремено го чувствуваат патријархалниот притисок во нив, и „притисокот да останат во поддржувачки, симболички, честопати потиснати и традиционални улоги“ (Nagel, 1998, 253). Неретко, националистичките движења што го охрабруваат женското учество во име на националното ослободување, се повлекуваат пред феминистичките барања за еднаквост, сметајќи ги за разорни и дефокусирачки внатре во движењето (1998, 253). Мајката е силно пропагандизирана во десничарските материјали, иако, во пракса, тоа е позадинска улога внатре во дејствата на групата, т.е жените кои ја носат често имаат ограничена видливост во рамки на групата. Според Синтија Енло, во националистичките движења и конфликти жените често се сведени на помали, често симболични, улоги, како икони на нацијата кои се возвишуваат или се бранат, или како награда од војната за да се понижуваат и потценуваат, додека вистинските актери се мажите. Да се сведени на симболи, значи да не бидат третирани како вистински учеснички во движењето. Многу жени кои се придружуваат на националистичкото движење може да се чувствуваат оснажени од пофалноста што ја добиваат остварувајќи ја улогата на мајки, но се соочуваат со неразбирање и отежнатост кога се обидуваат да бидат политички активни надвор од домот. Според Нагел, жените во националистичките движења во неиндустријализираните земји, како (своевремено) Филипините, Ирска, Јужна Африка, Канада, Јужна Кореја, Мексико и Никарагва, први почнале да анализираат како женскоста, машкоста, бракот и домот се врзуваат едни со други, и во тоа биле понапредни од жените во индустријализираните земји кои помалку ја увидувале таа политичка поврзаност (Nagel, 1998, 112).

### 1.2.4 Зошто е родот централен за денешната крајна десница?

Темелитиот светоглед на хиерархизираност во крајната десница е структурирачки принцип и за сфаќањето на родовите односи. Сепак, на почетокот треба да се каже дека помеѓу разновидните групи на крајната десница (разновидни поради идеолошките разликувања, но и поради географската оддалеченост, специфичните разлики во општествените фактори итн.), иако е вистина дека мажите, главно земено, доминираат во крајната десница, постојат доста исклучоци. Ова важи не само за составот на членството, туку и за застапуваните ставови: на пример, кај скинхедсите и кај милициите традиционалните слики за машкоста се поцентрални, во споредба со популистичките радикални партии во Северна Европа (Mudde, 2019, 137), или помеѓу различните земји.

Крајната десница има експлицитно бинарен родов поглед, со идеализирани и строго одредени позиции и норми за мажите и жените, информирани од патријархалниот и од нативистичкиот светоглед. Заправо, крајната десница му е темелно посветена на патријархатот, како систем кој ја обезбедува перпетуалната доминација на белиот маж. Со други зборови, таа ги обединува патријархатот, машката надмоќност и мизогинијата во идеолошките, гео-политичките и социо-политичките контексти. Крајната десница е склона кон манифестирање на ваквите сентименти кон жените во форма на проактивно реторичко и физичко насилство со цел да ги присили жените на определено однесување, а непријателска е и кон институциите кои го заштитуваат статусот на жените. Крајнодесничарските актери се разликуваат, но делат слични интереси, а прашањето за родот и мизогинијата на сите им е централно: „гледањето на жените како инфериорни, верувањето за сексуалната привилегираност, објектификацијата и правдањето на силувањето, валоризацијата на традиционалните родови улоги кајшто жените не само што заземаат специфични улоги туку се и нешта што треба да бидат `заштитени`, хомофобијата“ (Agius и др., 2021, 685) и антифеминистичките ставови. Различните гранки на еко-системот на крајната десница во меѓусебните контакти си разменуваат мизогини ставови и сентименти.

Но, ако земеме предвид дека за историскиот фашизам, централни беа национализмот и расата, додека женската подреденост беше секундарна, се поставува прашањето што го поттикнува тековниот силен интерес на крајната десница за прашањата на родот и родовите односи? Ова прашање го поставува Мејсон (2021) и систематски го објаснува тргнувајќи од промената и замаглувањето што неолиберализмот го донесе за класните односи. Според него, бидејќи во неолиберализмот работниците се експлоатирани преку повеќе, разнолики канали на екстракции на капитал, базирани во нееднаквостите на моќ, класните односи се замаглени, па тоа резултира во изместено префрлање на вината кон други групи во блискиот видокруг и по линија на општествената хиерархија. Не можејќи да го најдат одговорот во рамките на работните односи, тие посегаат надвор од таа област, а таму ги наоѓаат *вредностите* и *идентитетот*, односно се реплицираат културни поделби.

Од 1960-ите наваму се појавуваат општествени групи кои бараат слободи кои биле незамисливи на почетокот на 20-от век: женски права, ЛГБТ права, транс-права. Овие, во услови на неолибералниот модел кој повредува разни аспекти од животите на мажите, сега дополнително ги испрашуваат и оние позиции на доминација на мажите и машкоста кои историски секогаш биле гарантирани и непредизвикани. Мејсон забележува дека подемот на неолиберализмот се поклопил со ослободувањето на жените од историската опресија, и „иако не сме ни блиску до вистинска родова еднаквост, за современите фашисти светот веќе изгледа како феминистичка утопија" (2021, 185). Мејсон вака илустративно го објаснува димензионирањето на феминизмот во светогледот на крајните десничари:

> „Важноста на мизогинијата како влезен наратив кон модерниот фашизам лежи во широчината на искуството од кое влече. На малку расисти навистина навистина им била работата одземена од мигрант. Но, секој хетеросексуален маж може да ја почувствува разликата помеѓу идеологијата на машкоста наспроти реалноста каjшто жените сѐ повеќе се слободни да ги дефинираат своите норми на убавина и сексуално однесување. И иако само мал број расисти физички нападнале човек од

> друга раса, повеќето насилни мизогинисти извесно некогаш физички нападнале жена. Слично, иако сите фашизми вклучуваат фантазии за етничка надмоќност, вистинските етницитети се разликуваат од место до место низ светот – но, наспроти тоа, мизогинијата е универзален јазик. (...) Фашизмот се храни со страв од слобода што не постоеше во 1930-ите. Денес фашистите не се плашат од работничка револуција, но имаат причина да се плашат дека тековната генерација жени, небели луѓе, ЛГБТ лица, и да, работниците, ќе бараат слободи кои биле нечуени во 20-от век. (...) Ова е нов проблем за анти-фашистите. Ако сакаме, можеме фашизмот од дваесеттиот век да го дефинираме преку централното барање за насилна национална преродба. Денес, во еднаква мера, тоа е барање за насилна преродба на патријархатот." (Mason, 2021, 187)

Оттаму, јасна е моќта на мизогинијата за сензибилизирање на луѓето кон исклучувањето и дискриминацијата, што понатаму води кон понатамошна радикализација по други, сродни основи: „Ако некој е убеден дека мажите се примарната жртва на сексизмот, не е тешко да го убедиш и дека белците се примарната жртва на расизмот."(Futrelle, 2017)

Ова го претвора современиот феминизам во носечкиот непријател на крајната десница. Во книгата „Гневни бели мажи" од Кимел (2013), кајшто тој ги анализира десничарските сентименти кај младите бели мажи во САД, коментира дека во овие кругови феминистките се перципирани како „голем дел од проблемот" бидејќи тие ги нарушуваат формите на женственоста и зачекоруваат во просторот на мажите, па се перципирани како „помашки" од американските мажи. Понатаму, дека тие се одговорни за расно или национално „самоубиство" поради изборот да немаат деца. Поради тоа, десничарите сакат да ги „рефеминизираат" жените и да ги вратат на местото на брачни помошнички и задоволни мајки. Често се користи терминот „феминацисти", скован од американскиот радио водител Раш Лимбо, со идејата дека овие наводно сакаат да наметнат „нова форма на тоталитаризам" над мажите. Од друга страна, Кимел додава, дури и десничарите со помеки ставови кон феминизмот, кои ги потврдуваат правата на жените, сметаат, како во Северна Европа на пример, дека „и со феминизмот се претера" бидејќи, наводно,

родовата еднаквост е веќе остварена. Сето ова се вклопува во погоре идентификуваното „отстапување од родот/родовите улоги“. Освен што феминизмот го подрива традиционалното семејство и традиционалните родови улоги, тој се смета за стран на националната култура, нешто наметнато однадвор, или од елитите, кои сакаат да ја ослабат нацијата. Конечно, теоријата за Големата замена суштински се темели на перцепцијата на феминизмот како закана за наталитетот, овозможувач на имиграцијата и потиснувач на мажите (Agius и др.,2021  685).

## 1.3 Концептуализирање на родот

Феминизмот, како движење кое се труди да ги претставува потребите на категоријата *жени*, историски се потпирало на речиси саморазбирлива дефиниција на поимот, фиксно исцртана, врз која ја базирало својата политичка активност, а оттаму и на сродно сфаќање на тоа кои се потребите на жените кои треба да се застапуваат. Во последниве триесет години стабилноста на таа категорија започна да се преиспитува, што кај некои феминистки беше препознаено како подривање на самите основи на феминизмот и закана за неговата платформа за општествено-политичка акција. Историски, во феминизмот беше прифатено разграничувањето помеѓу биолошкиот поим *пол*, како фиксен и однапред определен, и *род*, како социјално конструиран и независен од полот. Постмодерната пристапи кон дестабилизирање на дефинирањето на овие поими, а со тоа и на преиспитување на прашањето што подразбираме кога реферираме на категоријата *жени*.

### 1.3.1 Постструктуралистичкиот концепт на родот

Џудит Батлер во книгата „Проблеми со родот“ од 1990 ја поставува основата на современото сфаќање на родот. Батлер ја анализира социјалната конструкција на родот изложувајќи дека тој не е есенцијална карактеристика неразделно врзана за биолошкиот пол, туку збир на дејства  и јазик чие повторување го утврдува родот. Поради тој опиплив,

социјално регулиран аспект, родот е дефиниран како перформативен. Значи, Батлер ја проблематизира ригидната поделба помеѓу поимите *пол* и *род*, и ја испрашува самата потреба двата да постојат како одделни означувачи, сметајќи дека и двата се конструирани од општествените практики и дискурси.

Ваквото преосмислување Батлер го прави преку дефинирањето на родот како перформативност, со што го објаснува создавањето на родово-определените субјекти преку „изведба“ на однапред определени практики кои ја создаваат (а не само изразуваат) претставата за неговата стабилност. Појавноста на родот како континуиран и постојан е само како резултат на повторливото цитирање на претходните нормативни дејства. Кои перформанси се сметаат за легитимни а кои за отстапувачки е детерминирано од културните норми. Едновремено, самата активност на повторување на нормите сугерира дека тие се подложни на субверзија. Ако родот е збир од перформативни дејства и јазик, тогаш промената на тие перформативни повторувања ја изменува родовата одреденост на субјектот. Во ваквите варијации Батлер го согледува капацитетот за  делување против доминантниот поредок. Според Батлер, очекувањето дека постои порамнетост помеѓу доделениот пол, изведениот род и хетеросексуалната ориентација ја претставува нормата на доминантниот општествен поредок.

Значи, Батлер ја предизвикува централната феминистичка категорија *жена* како стабилна, пред-дискурзивна и кохерентна. Тврдејќи дека феминистичката конструкција на категоријата *жена* е „продуцирана и ограничена од самите структури на моќ од кои се бара ослободување“ (1990, 5), Батлер смета дека таа неправедно исклучува поединци – транс и родово-неконформирачки – чии искуства не се порамнуваат со доминантните дефиниции. Таа се залага за политичка солидарност која не се базира на усогласениот идентитет, туку на споделеното искуство на опресија. Оттаму, освен концептуалното проширување на сфаќањето на родот и на поимот *жена*, Батлер се залага и за мултидисциплинарно институционално препознавање на овие субјекти со цел кршење на хегемоничната хетеросексуална матрица.

### 1.3.2 Родово-критичен феминизам

Родово-критичниот феминизам е гранка на феминизмот која се противи на воведувањето на концептот на родот во феминизмот, и најчесто го поистоветуваат со т.е. транс-исклучувачки радикален феминизам (ТЕРФ). Кетлин Сток е една од повидливите застапнички на оваа линија на промислување и во својата книга „Материјални девојки: Зошто реалноста е важна за феминизмот“ ја критикува теоријата на Батлер. Главната теза која ја брани е дека полот, како дуална биолошка категорија, не треба да се занемарува, релативизира, избрише ниту да се поистоветува со родовиот идентитет, сфатен како интимното искусување на родовата улога. Иако не се залага за биолошки детерминизирам – смета дека феминистките со право се обидувале да ја избегнат историски истрајната идеја дека жените и нивните животни опции се детерминирани од нивната женска биологија – смета дека не може да се негира дека одредени психолошки и бихејвиорални одлики сепак се засновани во биолошката реалност на телото. Сток смета дека начинот на кој концептот на родовиот идентитет, според кој полот (а не родот) се сфаќа како социјално конструиран, се шири и ги узурпира сите полиња на живот и на мисла, вклучително задирајќи дури и во основните постулати на природните науки, може да има долгорочни штетни последици. Сток забележува дека иако родово-афирмативните феминистки не можат да ги променат фактите, тие сепак можат да го променат начинот на кој се зборува за нив – и дали се зборува за нив.

Иако не се залага за укинување на поимот *род*, ја проблематизира неговата нејасна употреба и неконзитентната многузначност во разноликите контексти во кои го употребуваат родово-афирмирачките феминистки. Притоа, таа обвинува дека феминистките ги фалсификуваат историско-теориските основи на кои го развиваат концептот на родот, преку погрешно интерпретирање на своите претходници (почнувајќи од Симон де Бувоар), налепувајќи слоеви кои оригиналните мислители не ги имале како ставови.

Притоа, важно е дека Сток не ги напаѓа самите транс-лица и не се залага за нивна општествена дискриминација, ниту за нивна патологизација – но, го оспорува начинот на кој нивните напори за филозофска и општествена интеграција го релативизираат поимот

*жена*, а последователно и идентификациската и застапувачката моќ на жените во општеството. Освен последици кои ќе се однесуваат на здравјето на мажите и жените, Сток забележува дека исклучувањето на концептот *жена* ќе ги оневозможи жените да ги „опишуваат, објаснуваат, предвидуваат и управуваат особените феномени“ на родово-базираната општествена нееднакост и опресија. Сток смета дека транс-жените не можат да се вбројуваат во категоријата *жени*, која базично реферира на половата карактеризација, само врз основа на нивното декларирано самочувство. „Прашањето дали транс-жените се сметаат за жени, стана неверојатно токсично (...) организациите што се бават со транс-активизам (...) стратешки го игнорираат фактот дека прашањето не го проблематизира постоењето на транс-луѓето, туку тоа дали тие се правилно категоризирани.“ (Stock, 2021, 122) Како алтернативно компромисно решение за овој проблем, Сток предлага задржување на постоечките термини и дополнително дефинирање на нови, посебни категори кои ќе означуваат возрасен човек со женски/машки родов идентитет – без оглед на полот.

### 1.3.3 Ксенофеминизам

Во 2015 прв пат беше објавен *Ксенофеминистичкиот манифест* во авторство на колективот Лаборија Кјубоникс, кој опишува социјално-политички радикална феминистичка позиција во која централна е интеграцијата на технологијата во современиот свет. Подоцна, во 2018, една од членките на колективот, Хелен Хестер, ја објавува книгата *Ксенофеминизам* во која подетално го објаснува овој теориски пристап. Имено, ксенофеминизмот е „техноматеријалистичка, антинатуралистичка и родово-аболиционистичка форма на феминизмот“ (Hester, 2018, 6). Тој се обидува да ја реартикулира технологијата како алатка која не мора да биде опресивна, туку го промислува начинот на кој таа може да се стави во функција на феминистичкото ослободување на жените, квир лицата и родово-неконформирачките лица. За развивање на оваа теза Хестер тргнува од идеите на Шуламит Фајрстон која во книгата *Дијалектика на сексот* (1970) тврди дека технолошкиот напредок овозможува одново конструирање на родовите идеи преку надминувањето на физичките различности. Ксенофеминизмот е

транс-инклузивен и антинатуралистички, не во смисла дека ја негира биолошката реалност, туку дека ја одбива авторитетноста која му се придава на тој поим и смета дека може и треба да биде предизвикуван, преиспитуван и менуван: „Ништо не треба да биде сметано за фиксно, трајно или ‘дадено’ - ни материјалните услови, ни социјалните форми. (...) Секој што бил карактеризиран како ‘неприроден’ во споредба со биолошките норми, секој што искусил неправди направени во името на природниот ред, ќе сфати дека величањето на ‘природата’ нема што да ни понуди, нам – на оние што се квир и транс, на оние со различни способности, како и на оние кои искусиле дискриминација поради бременост или должности поврзани со одгледувањето деца.“ (Laboria Cuboniks, 2015). Тоа подразбира дека и самата категоризација врз основа на род може да биде надмината со помош на технологијата. Родовиот аболиционизам на ксенофеминизмот се стреми не кон укинување на родот туку кон пролиферација на родовите разлики како резултат на надминување на ограничувањата. Уште понатаму, расклопувањето на матрицата на родот треба да се прошири на останатите културолошки манипулирани вектори на нееднаквост поврзани со расата, класата, телесната способност и други: „ксенофеминизмот аргументира дека (долгорочно) целокупниот опсег на овие карактеристики треба да биде ослободен од нивната социјална факторизација а со тоа и од нивната способност да делуваат како сили на дискриминација“. (Hester, 2018, 29)

## 1.4 Антиродови граѓански движења

Погоре дискутираните постструктуралички теориски дискусии во феминизмот започнаа да се преведуваат и во конкретни политички тенденции и акции застапувани и имплементирани од феминистичките, ЛГБТ и активистите за човекови права на глобално ниво. Со приближувањето на овие општествени тенденции до непосредниот секојдневен простор на граѓаните, во разни општествени сектори, во последнава деценија, а особено од почетокот на ковид-кризата во 2020, започна да се мобилизира отпор од конзервативните општествени кругови, за зачувување на статус-квото и на воспоставените практики и релации. Овие мобилизации (подоцна и движења) заеднички се нарекуваат *антиродови*, поради тоа што заедничко им е спротивставувањето на

институционализирањето на категориите род, родова еднаквост и на транс-родовиот идентитет. Погоре разгледуваните аргументи на родово-критичкиот феминизам, како што е концептуалното проблематизирање на Сток, ги почитуваат правилата на академска дискусија и се потпираат на слободата на изразување и на плуралноста на мислењата. Антиродовите актери ги користат дел од овие аргументи. Сепак, за разлика од овие, антиродовите активисти во крајна линија заземаат недемократски пристап кон сексуалните и родовите малцинства, проблематизирајќи го самото право на постоење на транс-лицата и се залагаат и практикуваат нивна дискриминација и опресија, а притоа ги проблематизираат и некои од веќе усвоените придобивки од борбата за женски права.

Во релевантната теорија која се бави со антиродовите движења, терминот *род* е разобличен како „симболичен лепак“ (Kováts и др., 2015) кој, во неговото спротивставување, го овозможува амалгамирањето на разновидни општествени групи и движења кои не секогаш биле подготвени да соработуваат меѓусебно – конзервативците, радикалните десничари, религиските лица, фундаменталистичките групи (Grzebalska и др., 2017). Тој е исто така чадор-термин под кој се подразбираат спектар прашања кои десницата ги поврзува со потфрлањето на демократската репрезентација (Grzebalska и др., 2017). За феминистичкото и антиродовото движење воопшто ефективно да се соочат околу прашањата што ги разделуваат, главниот неисполнет услов е двете страни да зборуваат на истиот јазик. За да се биде во конфликт мора да постои одреден степен на заедничка согласност – околу термините и темата на конфликтот (Butler, 2024). Комуникациското разминување е најевидентно во користењето и толкувањето на централниот термин *род*.

Во основата на засегнатоста со дефинирањето на „објективната реалност“ во контекст на родовите идентитети, меѓу другото, лежи и различното толкување на поимот *идентитет* помеѓу десницата и левицата. Енцо Траверсо ја користи дистинкцијата што Пол Рикер ја прави помеѓу два типа на идентитет: идентитетот како *истост* и како *себство*. Тој анализира дека првото одговара на прашањето „што сме ние?“ и се однесува на нешто што е однапред дадено и непроменливо, есенцијата на личноста која е одредена при

раѓањето и со биолошкиот идентитет. Второто се однесува на прашањето „кои сме ние?“, и е резултат на процес на себе-конструкција, на изборите и трансформациите што ги правиме. Второво, вели Траверсо, бидејќи претпоставува културен и религиски плурализам, поставува основа за корисно конципирање на секуларизмот (Traverso, 2019, 50).

Граф и Королчук го разгледуваат комплементарниот, но концептуално различен начин на кој родот е инструментализиран во популизмот и во илиберализмот. Според нив, популизмот го напаѓа родот за го рашири јазот меѓу перципираните категори на народот и елитите со негативно етикетирање на родовите малцинства и претставување на родот како колонијалистичка алатка на елитите. Илибералната пропаганда, пак, со демонизирање на родовата идеологија помага за претставување на либерализмот како „форма на декаденција, напад на моралниот сензибилитет и на здравиот разум“ и го „сведува либерализмот на неговите најконтроверзни културни компоненти“ со цел да го подрие како политички проект (2024, 376).  Ларуел исто така согледува дека „родовата идентификација станала ново бојно поле за ослободување на индивидуата од колективното идентификување“ (2022, 312).

Антиродовите граѓански мобилизации и движења кои се појавија во последнава деценија, а особено од почетокот на ковид-кризата – отпрвин како грас-рутс мобилизации а потоа неретко и како регистрирани граѓански организации – може да се класифицираат како *илиберално граѓанско општество (ИГО)*. Во овој сегмент спаѓа дијапазонот на здружувања кои се антилиберални и антидемократски, но се артикулираат во истиот јавен простор  на граѓанското општество (ГО) помеѓу граѓаните и државата. Имено, додека некои автори одредувачката карактеристика на ГО ја гледаат во залагањето за либералните вредности, Кас Муде и Петр Копеки го застапуваат толкувањето на ГО во неутрални термини: „примарно (...) како хетерогена, многу флуидна сфера на здружувања и организации.“ (Kopecký, 2003, 14) Иако најчесто идеолошки се противат на демократските постулати, ИГО сепак придонесуваат кон зголемување на граѓанската партиципативност во политичкото одлучување. Впечатливо е дека ИГО често се базира на

грас-рутс мобилизирање, па така, на многу начини може да се претставуваат како поавтентични претставници на граѓаните (Mudde, 2003, 159;162). Наспроти нив, честа критика кон ГО е дека немаат таква широка основа со која директно го мерат пулсот на заедницата, туку функционираат како затворени единици кои „најмногу, ако не и ексклузивно, имаат контакт со своите Западни донатори“, со што стануваат повеќе дел од „нова глобална професионална средна класа, отколку од опресираните групи и прогресивните општествени движења“. (Mudde, 2003, 159) Недоволно истражена тема во литературата е начинот на кој подемот на ИГО е предвесник и го трасира патот за илибералните политички режими преку постепено обликување на допустлив контекст и мобилизирање на граѓаните. Гресковиц во својата студија на улогата на стратегиите и тактиките на граѓанските организации (Greskovits, 2020) кои придонеле за изборниот успех на Орбан во 2010 година, покажува како тие преку редица општествени, културни и религиски настани го консолидирале колективниот идентитет. Таквото грас-рутс мобилизирање создава поцврста основа за кревање и одржување на илибералниот режим отколку фактори како харизмата на лидерот, изборните активности и сл.

Во таа смисла, антиродовите организации промовираат патријархални, хетеронормативни и хомонегативни ставови, преку: дискриминаторски однос кон ЛГБТК+ (квир) заедницата залагајќи се за укинување или намалување на нивните права; традиционалистички сфаќања и политики за семејството на сметка на женските права; контрола над телесната автономија на жените и транс лицата; регресивни сфаќања за општествената структура сфатена како нација и за позиционираноста на жените во неа. Визијата на антиродовите движења е да ја задржат патријархалната хегемонија која по својата дефиниција подразбира опресирање на одредени идентитетски категории, и „да ги искористат концептот на традиционалното семејство, сексуалната нормалност и природниот закон како оружја во борбата против либералната демократија“ (Graff и Korolczuk, 2024, 384). Преку својата грас-рутс организираност тие се обидуваат да покажат граѓанска автентичност. Тие тактички предизвикуваат морална паника која е привремен феномен, но е врзана за долгорочна општествена анксиозност (Kováts и др., 2015, 32), и таа надградувајќи се, креира услови за воведување сè поопресивни политики за Другите,

малцинствата, кои се сфатени како закана за општеството. Сепак, успешноста на антиродовите движења не може да се сведе само на успешната мобилизација и влијателните тези – според Гребалска, Ковач и Пето: „[Илибералниот популизам] има долга историја и претставува одново појавување на 'мрачното наследство' на исклучувачките и маргинализирачки идеологии и практики во Европа кои либералниот поредок по 1945-ата се надеваше засекогаш да ги скроти“ (Grzebalska и др., 2017).

Антиродовите движења секако не треба да се поистоветуваат со десницата и десничарскиот популизам бидејќи се работи за историски различни проекти (Kuhar, 2017). Но, антиродовите движења, кои сами по себе не се идеологија, ги помагаат десничарските идеологии со тоа што поттикнуваат поделба во општественото ткиво, настојувајќи да ги исклучат или ограничат Другите (жените, ЛГБТ лицата, мигрантите) од/во општествениот систем, предизвикуваат нестабилност и поттикнуваат несигурност и емоции на страв и форми на агресија кај граѓаните. Неретко тие се преплетени и во соработка со нив. Опортунизмот и популизмот што го практикуваат антиродовите движења резултира во конфузност, контрадикторност и некохерентност на наративите што ги презентираат, што заправо им оди во прилог бидејќи им овозможува да ги содржат различните стравови и анксиозности и ефективно да ја подгреваат конфликтната атмосфера. Опортунистичкото делување заправо не е ново за оние групации што Енцо Траверсо ги идентификува како постфашистички. (Traverso, 2015).

Антиродовите движења се длабоко вкоренети во истрајно несигурниот општествен контект. Димитров, Величковска и Цветковиќ и ова движење го толкуваат „не само како симптом на кризата на неолибералниот консензус и либералната демократија (Kováts, 2017;2018) ниту само како општ 'реакционерен одговор на неолиберализмот' (Graff и Korolczuk 2022)“, туку позајмувајќи го поимот на Лакло, ова движење го толкуваат како рефлекс или дури смислен одговор кој е резултат на „живееното искуство на *дислоцираност* предизвикана од социо-политичката и економска криза поттикната од неолибералната рационалност, скршените политички ветувања и експлоатацијата, кои ги разорија хоризонтите на разбирливост на сопствената структурна позиција во

општеството.“ (Dimitrov и др., 2025) Секако, стравовите кои владеат кај населението се многу реални и легитимни – демократијата, животната средина, сиромаштијата, нееднаквоста, насилството, војната. Сепак, кога според светогледот на антиродовите, како што укажува Батлер, разни стравови се подведуваат под терминот *род* кој следствено се демонизира, тоа го одвлекува вниманието од нив: „Кога зборот *род* апсорбира спектар на стравови и станува сумарен фантазам за современата десница, различните услови кои навистина ги покренуваат таквите стравови ги губат своите имиња“ (Butler, 2024, 9) и надворешните групи се сфаќаат како закана за општеството. На таа линија, антиродовите се наклонети кон авторитетот – бараат моќна власт и безбедносни закони, што достигаат до барања за криминализација на Другите. Целокупниот наратив на антиродовите е во правец на задржување на статус-квото и дефинирање на овие напори преку акции со негативен предзнак – одземање, негирање, забранување, ограничување. Феминистичките барања за препознавање и за позитивни системски истапувања во смисла на проширување на слободите и правата се толкувани дека радикално ќе ги ограничат слободите и правата на „обичниот народ“ (дефиниран во популистички димензии) до степен на опресија. Со други зборови, тие веруваат дека „Граѓанството постои само под услов да постои и неграѓанство“ [9] (како што пишуваше Рено Ками) што им дава за право да се борат за максимално зголемување на разликите.

[9]Така пишуваше Рено Ками, француски писател близок со Национален Фронт, за исламдката имиграција која според него се закануваше да ја замени француската култура,во *LeGrandRemplacement*

## ГЛАВА 2: МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувачките прашања беа примарно адресирани преку квалитативно истражување, со цел да се идентификуваат, опишат и објаснат концептите и феномените. Теориската основа се базира на постоечки извори на знаење – текстови, објави, книги, истражувања. Бидејќи се работи за слабо истражувана тема во локалниот контекст на Република Северна Македонија, опфатот на научната литература беше проширен на Балканот, Европа и САД. Овој дел вклучи анализа на теориска литература од областите на феминизмот (особено концептот на родот и на мизогинијата), крајната десница и антиродовите движења, преку анализа на академски студии и истражувања, релевантни документи за јавни политики и извештаи објавени од домашни и меѓународни институции.

Емпириското истражување се фокусираше на локалниот контекст и имаше за цел специфично да ги лоцира и анализира локалните одлики на крајната десница при нејзиното интегрирање и инструментализирање на мизогинијата во идеолошки цели. Ова се постигна преку квалитативна анализа на мизогини наративи и нивната поврзаност со другите наративи во крајнодесничарскиот светоглед. Истражувањето се фокусираше на два типа субјекти: крајнодесничарски субјекти (партии, групи, мобилизации, истакнати поединци-претставници на овие групации и онлајн профили зад кои стојат групи или поединци) и антиродови субјекти (групи, невладини организации и истакнати поединци-претставници на овие групации).

Вклучувањето на антиродовите субјекти во анализата беше неопходно: 1)поради проширување на дефиницијата на мизогинијата (од личен анимозитет преку системска дискриминација на категоријата *жени*) на санкционирање на перципираното отстапување од родот, со што станува применлива и на родовите малцинства и 2)поради тоа што литературата ги лоцира како едни од носечките општествени актери на мизогините наративи, поради нивната потврдена поврзаност со крајната десница, и поради фактот што крајната десница директно ги презема нивните антиродови наративи.

Со цел обезбедување на стабилен и проверлив корпус на материјал за обработка, субјектите беа анализирани главно во нивниот онлајн идентитет – првенствено социјални мрежи и вебсајтови, потоа форуми и поткасти. Но, повремено за заокружување и зацврстување на увидите се користеа и други посредни информации за нивното делување како медиумски информации, експертски увиди, информации за нивното теренско делување, за нивната вмреженост, итн. Овој пристап беше избран и поради олеснувањето на систематската анализа на содржината на идеологијата и следењето на нејзината еволуција низ времето, што најдобро помага во лоцирање и разграничување на идеолошките аспекти. (Berger, 2018, 28)

Анализираните субјекти беа избрани со помош на консултирање стручна литература, експертски интервјуа и истражување на македонскиот онлајн простор преку пребарување клучни зборови и преку пристапот на „снежна топка“ за идентификување релевантни извори на информации. Главен критериум за избор беше нивната јавна идеолошка позиционираност т.е. истражувањето цели да ги анализира оние субјекти кои тежнеат кон радикалниот крај од десничарскиот спектар во Северна Македонија. Критериум беше и нивната влијателност во јавниот простор проценета преку нивната видливост и следбеништво. Секако, очигледен критериум беше јавно да изразуваат ставови по однос на жените, родовата еднаквост и/или родовите малцинства, што не се јавува кај сите крајнодесничарски субјекти. Збирот на анализираните субјекти не тендира да биде репрезентативен за сцената ниту да претставува основа за генерирање статистички релевантни увиди. Напроти тоа, целеше: 1)да идентификува извори кои се богати со информации, 2)да постигне доволна идеолошка и структурна разновидност со цел поцеловито разбирање и квалитативна анализа на спектарот на присутните наративи, 3)даваше приоритет на оние профили кои нудеа идеолошка експликација на своите ставови.

Она што се појави како дилема во изборот на крајнодесничарските субјекти беше увидот за меѓусебната поврзаност и меѓузависност на целокупниот десничарски сектор во македонскиот политички простор во практична и во идеолошка смисла, што, во

комбинација со слабата организираност на десницата во Северна Македонија, резултира во преклопување и меѓусебно влијание и размена на доста од десничарските наративи помеѓу конзервативните и порадикалните субјекти. Поконкретно, нашиот увид е дека најголемата конзервативна партија во Северна Македонија, во споредба со која сите останати десничарски партии и групи се далеку послаби, има големо влијание во насоките на промислување и делување на речиси сите останати десничарски субјекти. (Некои од тие релации се повидливи, како на пример при склопувањето коалиции, а некои се задкулисни и посуптилни.) Од друга страна, ориентираноста на оваа партија во надворешната политика покажува идеолошка блискост со десничарските илиберални европски влади, а со подемот на американската десница, во одреден период даваше и индикации за нивно флертување со глобалната крајна десница. Во таа смисла, сметавме за потребно во анализата да се вклучат и конзервативните субјекти со цел да се комплетира сликата. Овој пристап е поддржан и со увидите од референтата теориска литература во претходните поглавја. Притоа, треба да се потенцира дека ваквите релации помеѓу субјектите не подразбираат и унифицираност на ставовите – напротив, анализата покажа релевантни разликувања, разновидност и нијансирања на десничарските субјекти во нивните ставови за жените и за родовите малцинства. Конечно, не баравме да ја интегрираме дистинкцијата радикална/екстремна десница (според дефинирањето на Кас Муде на пример) бидејќи сметаме дека таа нема факторизирачко влијание врз мизогините наративи во локалниот контекст.

Изборот на антиродовите субјекти беше понепосреден бидејќи тие се јасно декларирани и видливи во јавниот простор.

Теренското истражување се реализираше преку два методи:

1) Полуструктурирани интервјуа со петмина експерт(к)и, од кои три истражувачки и практичарки од областа на родовата еднаквост, и двајца/две истражувач(к)и од областа на крајната десница. Интервјуата траеја од 30-60 минути, беа снимени во аудио-формат, транскрибирани и кодирани. Овој метод беше користен како спореден метод со кој се поткрепуваат наодите од главните методи и анализите.

Увидите од интервјуата се главно интегрирани во поглавјата Опис и анализа на контекстот и  Опис и анализа на содржините од социјалните мрежи;

2) Анализа на онлајн содржини создавани и влијателни на локалниот простор. Фокусот беше на содржини на социјалните мрежи објавувани на профили и групи поврзани со десничарски и антиродови субјекти. Во анализата беа вклучени вкупно 26 селектирани профили на социјалните мрежи Фејсбук, Инстаграм, ТикТок. Анализата беше надополнета со преглед на содржини на вебсајтови на субјектите, на локални форуми и на Телеграм. Сите претставени цитати се јавно достапни и упатени кон јавна публика во времето на пристапување. Поголемиот дел од субјектите објавуваат паралелно исти содржини на повеќе социјални мрежи па затоа сродните профили на различни социјални мрежи беа исклучувани. Временската рамка за преглед на содржини го опфаќа периодот јануари 2014 - октомври 2025 година, но е најмногу фокусирана на периодот јануари 2020 – октомври 2025 година.  Изворите беа пристапени во периодот помеѓу 25 септември и 12 ноември 2025. Прегледот на меѓународни платформи за комуникација не откри специфични субфоруми на македонски јазик посветени на овие теми.

Анализата на содржини беше поткрепена и со податоци и информации од медиуми и од релевантни публикации во периодот 2012-2025, а за увидите беа земени предвид и сознанија претходно неформално собрани од состаноци, консултации и присуство на релевантни настани организирани од страна на истражуваните субјекти.

Ограничувања во теренското истражување беа следниве:

- актерите се тешки за лоцирање, имаат ограничена видливост;
- најчесто зад профилите и групите стојат анонимни администратори;
- често се работи за затворени групи во кои е потребно одобрување за да се влезе;
- не сите крајнодесничарски субјекти јавно ја разгледуваат темата на родовата еднаквост;

- во проценката на јавните објави мора да се пристапува со резерва бидејќи најчесто субјектите ги омекнуваат своите ставови за јавноста, а порадикалните ставови ги зачувуваат за затворените групи и кругови;
- неможност да се опфатат состојбите во локалната албанска заедница, поради јазичната бариера;
- поради реткоста на истражувачки профили во локалниот контекст кои се бават во еднаква мера и со крајната десница и со родовата еднаквост/мизогинијата, беше направен комбиниран избор на експертски соговорници за интервјуата кои се специјализирани или тендираат кон едното или другото поле.

Истражувачки прашања:

1. Какви наративи во однос на жените, родовата еднаквост и родовите малцинства се шират од македонската крајна десница?

2. Кое е местото на мизогините наративи во светогледот и функционирањето на македонската крајна десница?

3. Како мизогините наративи влегуваат во релација со останатите крајнодесничарски наративи?

4. Каква е улогата на мизогинијата во динамиката на десничарската радикализација?

5. Во каква идеолошка релација се антиродовите движења со крајната десница и како се интерферираат нивните наративи?

6. Зошто луѓето се ранливи на мизогините наративи на крајната десница и на антиродовите движења?

7. Која е улогата на интернетот во ширењето на мизогини и крајнодесничарски наративи?

# ГЛАВА 3: ОПИС И ДИСКУСИЈА НА РЕЗУЛТАТИ

## 3.1 Опис на контекстот

### 3.1.1 Опис на европскиот контекст

Растот на крајната десница во Европа е феномен повлијаен од повеќе фактори. Во изминативе 30 години Европската Унија (ЕУ) мина низ неколку кризи и периоди на промени, кои создадоа услови за калење на илиберализмот. Во 2004 и 2007 година ЕУ се прошири со 10 нови земји-членки, што отвори бран на миграции од посиромашните кон побогатите земји во ЕУ, а што предизвика економско оптеретување за земјите-приматели. Во 2008 година се случи економската криза, што погоди голем број  граѓани и многумина остави во страв и несигурност за својата живеачка. Потоа, во 2015 изби глобалната мигрантска криза во која мигранти од Блискиот Исток и Северна Африка во голем број започнаа да се населуваат во ЕУ, што во комбинација со растечката исламофобија, ги подгреа антимиграциските ставови.

Илибералното назадување во Европа се случува на гласачките места, со оглед дека крајнодесничарските партии започнаа да бележат успеси помеѓу гласачите и сè повеќе да го заземаат јавниот и политичкиот простор, па и во европските институции.Овие актери го искористуваат демографското стареење во поголемиот дел од Европа и блискоста на земјите со муслиманско мнозинство за да го конструираат впечатокот дека националната култура е загрозена. Конзервативните движења започнаа да ги проблематизираат прашањата на родовата еднаквост, правото на абортус, правата на ЛГБТ заедниците – во Полска, Унгарија, Словачка, Хрватска, Бугарија. Будимпештанскиот демографски самит од 2015 година собира илиберални фигури на светско ниво за да промовира силно конзервативен модел на семејството. Токсичната машкост е важна компонента, перформирана јавно или на социјалните медиуми, особено во форма на парамилитарни единици кои патролираат по границите во потрага по мигранти (Kolozova, Milanese, 2023). Откривањето на организацијата Агенда Европа во 2017 покажа дека постои силно вмрежена и организирана мрежа на антифеминистички, конзервативни организации, политичари и интелектуалци која има за цел уназадување на правата на жените. Растот на крајната десница започна и поумерените десничарски партии да ги притиска да ги

радикализираат своите ставови за да им се допаднат на гласачите, додека улогата на либералното цивилно општество се потиснува.

Во овој, веќе нестабилен контекст, во 2020 светот го зафати ковид-кризата, во која бројни граѓани ги изгубија животите и им беше нарушено здравјето, многумина останаа без работа и се соочуваа со неизвесност. Притоа, несигурноста и нерешителноста на самите влади како да ја контролираат ситуацијата кај граѓаните создаде перцепција на недоверба во нивните капацитети и намери, што поттикна антиинституционални и антисистемски ставови, како и теории на заговор, кој бран го фатија и антиродовите движења. Оваа глобална ситуација беше проследена со војната на Русија и Украина и вториот, далеку поавторитарен, мандат на Трамп, комбинација која ги изнесе на виделина внатрешните идеолошки и системски пукнатини на ЕУ, ја заостри поларизацијата и ја интензивираше кризата на неолибералното уредување. Сето ова, во контекст на динамични жаришта на војна и нестабилност насекаде низ светот. Комбинацијата на неизвесност, страв и незадоволство е плодна почва за влијанието на крајнодесничарските движења. Ваквата долгорочна ситуација е влијателна и за развојот на крајната десница во земјите на Балканот.

### 3.1.2 Опис на крајнодесничарскиот контекст во Северна Македонија

Иако во политичките и интелектуалните кругови сè уште се актуелни дискусиите за десничарскиот популизам, во неверојатно динамичните глобални настани во последниве неколку години, тој бидува сè позасенет од порадикалните десничарски позиции. Десничарскиот популизам станува недоволен за прибирање на гласови од страна на конзервативните и демохристијанските партии, а идеолошкиот простор на десницата сè повеќе го заземаат поекстремните групи кои, некогаш на маргините, сега сериозно заканувачки се приближуваат кон главнотековниот дискурс. Низата глобални кризи – бегалската криза, ковид пандемијата, конфликтот во Украина, подемот на Трамп, зголемувањето на несигурноста во ЕУ – покренуваа(т) забрзувања и трансформации во распонот на крајната десница.

Илибералниот контекст на Балканот се развива уште од 1990-ите кога распадот на Југославија, придружен со националистички и популистички движења предизвикал подем на авторитарни режими проследени со бавен развој на плуралистичката демократија во новонастанатите држави. Во Северна Македонија илиберализмот кулминираше за време на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ (2006-2016), кога експлицитно беше демонстрирано замаглувањето на границата помеѓу државата и партијата, на линија со случајот на Орбан во Унгарија, со стил на управување кој беше окарактеризиран како „заробена држава". (Kolozova, 2023, 38). Ова децениско владеење се распадна како резултат на широко коалицираните граѓански протести под името „Шарена револуција", поттикнати од пролиферацијата на рестриктивните политики.

Крајната десница во Северна Македонија во блиската историја немала организирана структура и се базирала на националистички ставови (Saveski, Sadiku, 2012). На пример, нео-нацистичките групи биле организирани само во рамки на навивачки структури и како елементи во одделни политички партии со националистичка програма и платформа. Во ултра-десницата се вбројуваат субјектите како партиите ТМОРО-ВЕП, НДМ, Обединета Македонија или организацијата Светскиот македонски конгрес. Тоа е онаа, условно речено, „стара" крајна десница од претходната „генерација" која е преокупирана со идентитетските, етничките и територијалните прашања на Северна Македонија, особено артикулирани преку прашањето на „изгубениот" суверенитет на Македонците, како резултат на напорите на надворешните (соседните држави, САД) и внатрешните (албанското население) непријатели. Овој бран десничарски актери кои главно се стремат кон парламентарен успех, беше обележан од антиглобалистичките, анти-ЕУ и анти-НАТО позиции, антиевропски и проруски позиции. Како резултат на националната фрустрација поради промената на уставното име како последица на договорот со Грција и поради договорот со Бугарија, националистичката реторика се зголеми до размери на антагонизирање и провизорен антиглобализам како уништувач на националниот суверенитет. (Демири и Крушкаровска, 2025) Тука сите меѓународни институции кои имаат релација со Северна Македонија беа дефинирани како угнетувачки.

„Старата“ ултра-десница, која е главно партиска, не се интересира многу за родовите односи или за малцинствата – тоа се прашања кои ги актуализираше поновиот општествено-политички-културен бран, па така овие структури не се идентификуваат толку со нив. Во повремените објави на овие теми, тие не воведуваат нови моменти туку само ги повторуваат истите основни распространети ултра-конзервативни поенти. Исто така, во поново време овие субјекти се обидуваат да претстават родово подиверзифицирана слика истакнувајќи го реткото присуство на жени во своите повисоки редови, но секогаш во тој однос и претставување има силен беневолентен сексизам, силни традиционални сфаќања, и впечатокот е дека се работи за исфорсирана и неискрена стратегија за односи со јавност за површно осовременување на брендот. Најгорливите прашања за овие субјекти се демографијата и абортусот; овие ќе бидат разгледувани подолу во анализата.

Промени во структурата и во делувањето на овие групи се појавија во времето на ковид-пандемијата кога значаен дел од активноста на крајнодесничарските групи се пресели на социјалните мрежи и интернет сферата се претвори во потентен и влијателен активистички простор на кој се борат за доминација разни категории актери. Така, „наеднаш јавната интернет сфера се исполни со поткасти чии говорници промовираа ставови кои ги надминуваа позициите на познатата умерена десница (центар-десно) и промовираа крајно-десни ставови. Таму десницата отпрво настапи со националистички гледишта со кои јавноста веќе беше запознаена – меѓутоа, подоцна тие не само што се прелејаа и закотвија во радикални националистички ставови, туку и забележително излегуваа надвор од рамката на логикување на институционално-политичкиот спектар.“ (Демири и Крушкаровска, 2025). Понатаму, во овој опсег на теми, освен артикулацијата на дневната политика, влегоа и превреднувања на научниот дискурс и оспорувања на научниот метод низ теории за конспирација, со пара-логички и пара-теолошки аргументирања – што од оваа временска перспектива, претставува своевидно обележје на пандемискиот период.

Во текст од 2024-та година Демири го идентификува национализмот како „појава која на латентен начин се инсталира низ појавните форми на политичката комуникација, одржувајќи своевиден континуитет во градењето на политичката свест“. Тој ја забележува не само неговата зголемена интензивност во последниов период, туку и увидот дека националистичките и другите десничарски наративи не се создавани и насочувани од субјектите кои ја промовираат оваа идеологија во македонскиот етер, туку дека „општеството генерално носи такво расположение“ посочувајќи на флуидноста и органското ширење на наративите без единствен извор. Конечно, релевантно и за централната тема на овој труд, „крајната десница ја промовира демократијата единствено како вредност врзана за индивидуалната слобода, а не како систем во кој поединецот е обврзан да придонесува и да прави компромиси“ (Демири, 2024).

Најновиот бран на крајната десница се разликува од своите претходници по повеќе обележја, а по некои е сличен. Главните разликувачки одлики на овие субјекти произлегуваат од фактот дека тие се целосно настанати во дигиталниот контекст, што ја определува не само природата на нивната комуникација и појавност во јавноста, туку и нивната содржина, дискурс, вмреженост и влијанија кои ги примаат. Се работи за силно хетерогена група, со изразена плуралност на мислења помеѓу креаторите на содржини, што ги прави и различно позиционирани на спектарот на радикализираност. Тоа е функција на нивната огромна пролиферација во изминатиов период и на богатството на информации и опции што ги нуди ерата на интернетот. Во моментов има мејнстримизација на социјалните профили на крајната десница. Интересно е што следбеништвото на овие профили изразито забележително расте во перидоот непосредно по впечатливи поларизирачки случувања или инциденти.

Новите актери се примарно активни на социјалните мрежи, главно се работи за анонимни лица, но од дискурсот и фотографиите може да се заклучи дека се работи за млади луѓе, во своите дваесетти до средни триесетти години. Тие ги реинтерпретираат позициите на своите претходници заземајќи пошироки рамки на промислување од националните, обидувајќи се да го следат пулсот на глобалните современи случувања и тенденции и да

се артикулираат во тој контекст. Притоа, тие во својот дискурс ги усвојуваат аргументите на крајната левица (против глобалниот капитализам, против НАТО, апропријација на говорот на човековите права итн.), што е еден од сигналите за нивната адаптабилност.

Огромен фокус ставаат на мобилизацијата (примарно онлајн, но и теренски, преку социјално насочени настани), на локалните млади но и на дијаспората, преку поттикнување на зацврстување на заедничкиот национален идентитет. Особена активност преку која се истакнуваат е хуманитарниот ангажман, некои само застапувачки, некои со конкретни акции за собирање донации и хуманитарна помош. Овде се издвојуваат и акциите за поранешни припадници на војската кои учествувале во воениот конфликт во Северна Македонија во 2001 година, хуманитарни настани за помали спортски клубови особено во западна Северна Македонија каде етничкиот состав е хетероген, а со тоа и поддршка на навивачките групи, еколошки акции низ државата со садење на дрва и пошумување итн. Во своите објави тие имаат нагласена едукативна или дидактичка димензија, покривајќи теми од националната историја (кои се еднострани или ревизионистички третирани), како и „воспитувачки“ пораки кои во најголема мера таргетираат млади адолесценти, насочувајќи ги кон традиционални животни вредности и стил на живот.

Многу почесто се забележува дека зад социјалните профили стојат млади мажи кои доаѓаат од средната (пониска и повисока) класа, кои имаат повисоко образование и кои евидентно имале одредени можности за личен и професионален развој. Следствено, своите политики ги артикулираат од оваа, условно земено, попривилегирана позиција, со оглед дека овдешните крајнодесничарски ставови главно биле поврзувани со пониските општествени слови. Во таа смисла, лоцираноста на крајната десница во поново време е поместена кон повисоките економски слоеви. Овие се, исто така, почесто заинтересирани за дискусија на родовите прашања. Од друга страна, кај други социјални профили – како што забележува во едно од спроведените интервјуа во септември 2025 соговорник кој е истражувач на десничарските движења и левичарски активист од невладиниот сектор – се забележува ракурс потипичен за лумпенпролетеријатот и се склони кон поконзервативна

националистичка и религиска идентификација, поостро ксенофобни се (без обиди за омекнување на дискурсот) и помалку прилагодливи на тековните наративни тенденции во општеството (или на реакциите на дел од следбениците).

Со оглед дека овие групи „имаат најостар вокабулар за Албанците“ но, генерално, „покажуваат одредено сензибилирање кон албанската етничка група, не користат толку жесток вокабулар како што порано се користел во десницата“, како што вели во едно од интервјуата соговорникот - истражувач на десничарскиот популизам и теми од областа на безбедноста од невладиниот сектор во септември 2025. Бидејќи имаат тенденција да го следат пулсот на своите следбеници преку комуникација со нив (анкетни прашања и објавување на одговорите, комуникација во четови и сл.) овие ги омекнуваат изјавите и толкувањата во форма што е полесна за конзумирање од мејнстримот, на пример, со релативизирање на обвинувањата и повикување на „доброто на татковината“. Оваа реторика може да е функција и на стратегијата на намалена поларизација на владејачката конзервативна партија во полза на тековните политички интереси и меѓупартиски игри, што значи да не е интринзичен став и може да се засили повторно со промена на контекстот.

Кај дел од нив се забележува силна капиталистичка димензија – не само во функцијата на остварување економска активност преку дистрибуција на брендирана стока, туку и во идеолошка смисла. Групата како остварувач на економска функција за своите членови е забележана и кај други странски крајнодесничарски групи. Ова придонесува кон остварување на самодоволност на групата, на подлабока инклузија на членовите, како и пропагандна улога на ширење на идеологијата, преку дистрибуцијата на брендирана стока – помеѓу членовите но и зголемена видливост во јавноста.

Етикетирањето на противниците како „(милитантен) марксизам“ се среќава низ целиот спектар на субјекти. Ова е променето од претходното редовно етикетирање на противниците како „либерали“: „[Во периодот околу 2010-ите] десницата овде и во Европа беше центар-десно и народни партии. Немаше организации на радикалната десница како што има сега, ни во Македонија ни во други држави (...) не со ваков обем

како денес (...) Мислам дека и во тој период сите што се спротивставуваа на идеите на таа (поумерена) десница, центар-десно, беа либерали. Оттаму, сите противници беа нарекувани либерали.“ (Интервју со истражувач на десничарскиот популизам и теми од областа на безбедноста од невладиниот сектор, септември 2025). Истиот соговорник објаснува дека смета дека промената наословувањето од либерали во марксисти е поврзано со глобалните политички промени, особено на американската сцена, на која „отсекогаш во некои конзервативни средини се едначеле комунистите со либералите“, и дека преку истата американско-протестантска линија оваа реторика доаѓа и во македонската средина. Истовремено, формулацијата може да се толкува и како референца на Хитлеровата критика на милитантиот марксизам, т.е. дека е под влијание на таа идеолошка тенденција.

Голем дел од објавите силно промовираат милитаризам преку референци и промоција на македонските специјални единици (ЕБР, Волци, Лавови) и на армијата (некои од профилите се индицира дека се водени токму од припадници на воените или полициските сили на Северна Македонија), милитаристичка визуелна симболика, промовирање боречки спортови и сл. Промовирањето на православното христијанство е исто така многу проминентно на овие профили. Традиционалниот христијански идентитет се претставува како јадро на националниот идентитет на Македонецот, и дава силна поддршка на Црквата.

### 3.1.3 Опис на антиродовото движење во релација со крајната десница во Северна Македонија

Структурата и функционирањето на групата ентитети што можеме да ги именуваме како антиродово движење во Северна Македонија, може да се разгледува посебно, и малку се разликува од структурата на десницата. Имено, ова движење исто така започна како грас-рут мобилизација отпрвин активна на социјалните мрежи, но подоцна започна да се формализира во невладини организации и коалиции/мрежи на организации. Сепак, размената помеѓу овие две групи е очигледна: иако фокусирани главно на прашањата на

родовите односи, антиродовите движења се користат со придружни наративи и стратегии типични за крајната десница (национализам, евроскептицизам, величење на европските влијателни десничарски лидери, теории на заговор, антиинтелектуализам); додека, крајната десница ги следи и проследува антиродовите наративи предводени од групите на антиродови организации.

Иако се појавија во последниве пет-шест години, соговорничките/ците во интервјуата се согласуваат дека ваквите настојувања имаат своја историја многу наназад, во регресивните политики за женските права и неповолната институционално-културна клима за феминизмот.  Земено регионално, релевантен фактор се националистичките мобилизации во 1980-ите и војните во 1990-ите кои ги поставиле основите за денешните националистички сентименти. Една соговорничка-феминистичка активистка и истражувачка активна на регионално ниво, во интервју спроведено во мај 2024, укажа на условеноста од специфичните историски фактори, односно перцепцијата дека „политичката, економската, општествената транзиција (...) во суштина е незавршена“ и дека после војните од ‘90-ите „настана редефинирање на поновата историја“ и дојде до „целосно заборавање на војните од ‘90тите“. Таа забележува и дека за феминизмот постои неповолна институционално-културна клима, и политиките кои ги поддржуваат женските и ЛГБТ правата се донесени повеќе поради притисокот од ЕУ, (со снажен ангажман од феминистките) отколку што доаѓале од самиот општествен контекст т.е. тие имале функционална улога: често „се работи за тактичка европеизација – фасада за надворешниот свет“.

Надоврзувајќи се на тоа, една соговорничка – истражувачка, активистка и професорка во областа на родовите студии во спроведено интервју во септември 2025 укажува дека за контекстот на антиродови движења и мизогинија веќе постоеше плодна почва во Северна Македонија (и покрај надворешните влијанија) на што укажува и брзината со коа тие се пробија помеѓу населението, односно, биле веќе постоечки, само неорганизирани: „веќе постои плодна почва во нашиот контекст за мизогинија или антиродови, т.е. тие не ја создале , ниту е таа новосоздадена па тие сега се појавиле така, изникнале. (...) Она што се

случува со овие движења, не би ги конкретизирала, видовме дека тие многу брзо постигнаа голема поддршка во јавноста – тоа не значи дека тие ја убедила јавноста туку таа била спремна, само немало организиран глас. (...) Мислам дека нивниот модус операнди не е омраза кон жените, туку зачувување на систем кој може да умре, кој сакаме да го промениме.“

„Живееното искуство на дислоцираност“ и „инструментализирањето на насобраното незадоволство поради истрајната нееднаквост“ комбинирано со фрустрирачката меѓународна позиција на Северна Македонија во однос на ЕУ, ја прави земјата ранлива на антизападни и евроскептични наративи кои се централна тема на антиродовите движења (Dimitrov и др., 2025). Разните легитимни стравови колективно се подведуваат под терминот *род* како „празен означувач“. Антиродовите и десничарските движења го инструментализираат незадоволството во правец на радикална реорганизација на односите на моќ. Во Северна Македонија проблемите во справувањето со ковид пандемијата која ги разголи системските слабости и поттикна недоверба во институциите, особено во образованието и во здравството, силно го поттикна антиродовото мобилизирање. Несигурноста поради сиромаштијата која резултираше во масовна емиграција на населението, засилена со економската криза и со инфлацијата, е главен движечки елемент во склоноста кон илибералните наративи. „Живееме во глобална криза, економска , политичка, секаква. Живееме во ера на пост-вистина., во која немаме доверба во ниеден систем. Тоа значи дека овие системи што се во криза ги покажуваат своите први пукнатини, меѓу другото, ова е една од првите пукнатини. Мислам дека таа неискрена лажна заложба за родова еднаквост, е очекувано првата пукнатина, токму затоа што е таа лажна.“ (Интервју со истражувачка, активистка и професорка во областа на родовите студии, септември 2025) Друга соговорничка-експертка за родова еднаквост и права на родови малцинства, има слично мислење: „Мислам дека се работи за економско ослабување кое овозможува на сцена да дојдат религијата и поделбите. Или губењето на националниот идентитет и неотворањето на ЕУ преговорите исто така е фактор. Значи и политичките и економските [фактори] бидејќи и позицијата на граѓанското општество се смени и тоа почна да слабее.“ (септември 2025)

Важен локален фактор во овој контекст на анализа на граѓанските антиродови здружувања е влијанието што Шарената револуција го имаше врз македонскиот општествен контекст, според Димитров, Цветковиќ и Величковска (2025). Шарената револуција предизвика политичко поместување кое ги создаде основите за создавање на разни граѓански мобилизации, па и за антиродовите движења. Разочарувањето што потоа следуваше од Шарената револуција која ги изневери очекувањата, создаде политичка апатија, разочараност и гнев помеѓу граѓаните, што е плодна почва за илиберални тенденции, кои од своја страна прават „жртвени јагниња" од одредени групи (2025).

Зачетоци на антиродовото движење во денешната форма се јавува уште во 2019 година, кога 19 граѓански здруженија и неформални групи обединети во „Сојузот за живот" потпишаа „Декларација за заштита на бракот и семејството", со која изразија неприфаќање на „родовата идеологија во воспитувањето и образованието на децата". Во 2020 година, поттикнати од реформите што ги предвидуваше новата Концепција за основно образование, тие се интензивираа, и започнаа мобилизација под фразите: „заштита на децата", „зачувување на семејството", „биологија/природа/нормално". Во 2021 година и Светскиот Македонски Конгрес (СМК) ширеше дезинформации за „родовата идеологија". Два закони се централни теми на кои се противи ова движење - Законот за реформи во образованието кој предвидува воведување на аспектот на родово-сензитивно образование на сите нивоа и воведување на предмет сеопфатно сексуално образование (ССО) за повисоките одделенија; и измените во Законот за матична евиденција кои треба да ја олеснат правната промена на родот, за кој антиродовите движења своевремено директно влијаеја да се повлече од парламентарна процедура. Двата закони се сметаат за чекори во процесот на „општествен инженеринг" преку идеолошко индоктринирање на децата и репресија врз граѓаните со цел „бришење на половите разлики" и модифицирање на перцепцијата на „објективната реалност". „Коалицијата за заштита на децата" се воспостави после мобилизацијата против донесувањето на Законите, и во неа членуваат 38 ентитети, најголем дел граѓански организации, но и политички партии, верски групи, хуманитарни организации и неформални иницијативи. Таа потекна од четири групи кои беа активни на социјалните

мрежи кои се засебно фокусирани на одделни прашања (родителски права, образовни реформи, антиваксерство) но се поврзани во членството, следбеништвото и наративите.

Притоа, треба да се нагласи и дека е видлива одредена квалитативна промена во судирот околу родовите прашања, како што вели една соговорничка-експертка за родова еднаквост во интервју во септември 2025: „сега се наоѓаме во друг циклус, да речеме, на антиродови позиции (...) во споредба со некој претходен циклус каде што имало поголема општествена мобилизација. (...) ако ние сме се бореле со антиродовите во раните двеилјадити со тогашната Влада и со Црквата, сега е тоа на многу посуптилен начин, мобилизацијата на отпорот е поинаква, потивка. Нивното влијание е посуптилно, но и нашето влијание е посуптилно.“ Таа наведува дека „општествениот отпор е поразличен“, со поинаква комуникациска стратегија во јавноста, наспроти некогашните општествени мобилизации во форма на протести, на пример.

Важно е дека толкувањата што антиродовите ги даваат на спорните закони се косат со човековите права и правата на малцинствата, и лажно е тврдењето дека тие го ограничуваат правото на слобода на говор, иако епископот Јаков Стобиски, кој е проминентен лик на ова движење, изјавува: „ние не сме против никого, особено не против остварувањето нечии права. Протестираме за тоа што е спорно во законите, сметаме дека сериозна реализација можеби ќе придонесе за поголемо остварување на нечии права, поединци, но тоа сериозно би ги загрозило правата на мнозинствата, или на 99 проценти од населението во Северна Македонија“ (Милошевски, 2023). Дополнително, во едно соопштение на Платформата за родова еднаквост се тврди дека Црквата, како еден од главните ентитети на антиродовите движења, шири дезинформации за статистички податоци и за фактичкиот статус на Законите, што Платформата го оценува како „мешање на Црквата во овие предлог-законски решенија [што е] директен упад во секуларноста на државата и непочитување на Уставот“ (Николов, 2023). Антиродовото движење својот залет го зема во 2022 година, т.е по започнувањето на руската агресија врз Украина, по што се засили руската дезинформациска пропаганда на Балканот, од што антиродовите организации бенефитираа и се оснажија, со оглед дека дека се идеолошки

блиски до Русија. Хомофобијата, трансфобијата и антиродовите и антизападните наративи се клучни состојки на проруските дезинформациски кампањи.

Антиродовите движења во Северна Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска и во регионот ги преземаат наративите едни од други. Голем дел од идеите од други земји се шират по социјалните мрежи, а потоа и по медиумите кои некритички а понекогаш и тенденциозно ги пренесуваат. Случаи на регионална соработка се забележливи кога граѓани патуваат во друга земја за да дадат поддршка на некој настан. Постојат и случаи на високи функционери кои присуствуваат на регионални настани со присуство на антиродови застапници, или кои градат релации со држави познати по своите антиродови политики. Секако, на глобално ниво, видливо е преземањето на идеите и наративите на крајната десница од Америка и од Европа. Значи, транснационалната соработка помеѓу одделните антиродови движења на национално ниво е евидентна преку преземените наративи и стратегии на делување, преку контакти на меѓународни настани, но и преку каналите на финансирање. Имено, една анализа на European Parliamentary Forum for Sexual and Reproductive Rights (EPF) во соработка со Committee on Women's Rights and Gender Equality (FEMM) и Special Committee on Foreign Interference in all Democratic Processes in the European Union, including Disinformation (INGE) детектира дека: Во европскиот регион биле потрошени над 702 милиони долари за антиродови активности во изминатите десет години, со три важни географски извори на ова финансирање - Европските земји (извор на 60% од финансиите), Руската Федерација и САД од приватни организации и фондации, не од нивните влади (цитирано кај Миленковска, 2022, 15).

Во борбата за хегемонија антиродовите актери ја следат една од клучните стратеги, плурализмот. Притоа, тие немаат проблем да склучуваат чисто опортунистички партнерства и соработки, без да ги интересираат (фундаменталните или други) принципи, вредности и ставови на актерите кои, здружувајќи се со нив, ги легитимизираат. Па така, антиродовите движења во Северна Македонија се здружуваат со Црквата и со здруженија кои се застапуваат за религиски цели, и со (помали) радикално десничарски партии а против либерално-левите, инсистирајќи дека на тој начин сè уште остануваат во строго

исцртаниот домен на „борба против ‘родовата идеологија’“ – како да е тоа отсечен, независен блок на релации и состојби што може да се подигне и спушти во еден општествен контекст без да ги затрепери околните структури. Од друга страна, антиродовите движења во Македонија тврдат дека нивните аргументи се строго секуларни и дека се партиски неутрални, со што всушност влегуваат во перформативни контрадикции. (Крушкаровска, 2024) Притоа, вреди да се забележи дека кадровската и организациска поврзаност на антиродовите движења и со Црквата и со актери на сцената на радикалната десница е веќе идентификувана (види во Трајановски и др., (ур.), 2023).

Од аспект на профилирањето како движење, наспроти нивната национална и транснационална поврзаност, димензијата на грас-рут движење која ја нагласуваат антиродовите како извор на својот граѓански легитимитет е потентна во повеќе насоки. Занимлив во таа смисла е ангажманот што го вложуваат во политичка еманципација на своите членови. На пример, преку каналите на социјалните мрежи тие споделуваат упатства и охрабрувања како родителите самите да реагираат доколку во училиштата на нивните деца се воведуват елементи на родова сензитивност. За разлика од невладини организации кои ја преземаат улогата на пунктови за застапување, оваа стратегија на анти-родовите која делумно произлегува од нивниот недостаток на човечки и финансиски капацитети, се покажува како корисна во зајакнување на капацитетите на нивното членство. (Крушкаровска, 2025) Со презентацијата на ваквата „граѓанска автентичност“ во организирањето, тие се поставуваат како контрапункт на перципираните „граѓански елити“. Локалната грас-рутс поддршка беше важна во организацијата на локални настани во општините, каде локалните индивидуи беа и активни учесници, иако овие наместа беа овоможени и со успешното влијание во локалната општинска структура.

Антиродовите движења се во отворена и агресивна борба против делот од граѓанското општество кое се залага за правата на жените и квир популацијата. Феминистичките барања за препознавање и за позитивни системски истапувања во смисла на проширување на слободите и правата се толкувани дека радикално ќе ги ограничат слободите и правата на „обичниот народ“ (дефиниран во популистички димензии) до

степен на опресија. „Накратко, тоа што антиродовите движења сакаат да го направат преку портретирање на сите форми на активизам како дел од она што го нарекуваат родова идеологија, е штетно по демократските стандарди бидејќи се обидува да ги избрише елементите од феминистичката борба поврзани со учеството на жените во јавната сфера, антикапиталистичкиот потенцијал на феминизмот итн. Во тие обиди за дезинформирање, антиродовото движење ја ограничува јавната дебата во насока на анимозитет, нетрпеливост и повикува на политичко насилство кое не дозволува постоење на категориите граѓани кои според нив се надвор од стандардите на хетеронормативно општество.“ (Миленковска, 2022) Целокупниот наратив на антиродовите е во правец на задржување на статус-квото и дефинирање на овие напори преку акции со негативен предзнак – одземање, негирање, забранување, ограничување. Во тој контекст неретки се и нападите и демонизирањето на претставниците на феминистичкото движење, особено врз неговите највидливи претставници – борците за човекови права.

Во погоре претставената анализа на структурата, стратегиите и наративите на антиродовото движење јасно се видливи карактеристиките кои го категоризираат како дел од илибералното граѓанско општество. Овој увид е важен да се интегрира во теорискиот и практичниот пристап на феминистичките граѓански организации со цел да развијат соодветни стратегии на отпор. Долго време од страна на феминистички теоретичарки се инсистираше на терминот „антиродови мобилизации“ наместо „антиродово движење“ со цел да се потенцира перципираниот недостаток на структурност и истрајност во здружувањето кон јасна општествена кауза која ја подразбира терминот „општествено движење“, додека антиродовите се сметаше дека се активираат само поттикнати од конкретни настани – донесувањето на некој од контроверзните закони, на пример (Крушкаровска, 2025). Овој термин се користеше (и се користи) предолго откако стана јасно дека анти-родовите не се само повремена импровизирана реакција на мала група граѓани, и одбивањето да се увиди нивната реална позиционираност не помогна во борбата против него, напротив.

Понатаму, отпорот да се прифати дека антиродовите позиции се искрен и автентичен израз на дел од граѓаните во нашето општество, не помага во разбирањето и реагирањето на таквите тенденции. Од една страна, динамиката на граѓанското општество и илибералното граѓанско општество го потенцира јавниот простор како арена за пребивање на различните визии за заедничкото општество. Од друга страна, контекстуализацијата во рамки на ИГО јасно го става антиродовото во релација со други илиберални тенденции, и придонесува кон разобличување на неговото самоидентификување преку кооптирањето на либералните категории како што е јазикот на човековите права. Со други зборови, признавањето дека постои како граѓанска тенденција придонесува кон развој на поцврсти стратегии на отпор, а истовремено недвосмислено ја дефинира пошироко идеолошки заземената страна. (Крушкаровска, 2025)

# ГЛАВА 3: ОПИС И АНАЛИЗА НА ОБЈАВИ НА СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ

## 3.1 Застапеност и димензионирање на мизогини и антиродови наративи кај субјектите на крајната десница

1.

Сите наративни патишта на крајната десница водат назад кон национализмот. Тој е суштинскиот светоглед кој ги проникнува и обојува сите ставови по разновидните прашања, вклучително и оние поврзани со жените и родот. Ако национализмот е сфатен како природна човекова состојба, основа и претходник на секој понатамошен накалемен развој, тогаш сѐ што отстапува од неговата логика е девијација која е туѓа, а ако е туѓа, во согласност со неговото манихејство, треба да биде отстранета. Национализмот како перципирана реалност на „природна“ (ненадминлива, нереверзибилна) поделеност на светот по етнички линии е акутно свесен за „перпетуалната закана“ однадвор, која треба да ги принуди членовите на внатрешната заедница да се држат во рамките на таа заедница. Тие рамки се биолошки, социолошки, културни, па во повеќето случаи и економски.

> ***Македонската нација не е идеолошка творба, туку природна, биолошка стварност****; не нација на една класа, туку нација на еден народ од заедничко потекло, меѓусебно сврзан со крв, јазик, историја, култура и традиции. Мојата верност пред сѐ е кон мојата нација и нејзините припадници, како што мојата верност кон моето семејство е пред верноста кон соседите.*(Анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Фејсбук, 2024)[10]

> ***Крв и Чест*** *– тоа не се зборови, тоа е завет!****За Македонија не се преговара – се живее, се страда и ако треба – се умира!****Со крв ја напишавме историјата, со чест ја чуваме иднината!Да не постоеше Македонија, ќе ја измислевме – за да имаме за што да гинеме!* (Анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Инстаграм, 2025)

---

[10]Во сите цитати, задебелените зборови се додадени од авторката.

Ако нацијата е „биолошка стварност" – зависна од наталитетот т.е. биолошката репродукција, од генетското наследство, висцерално и примордијално се чувствува, врзана е со телото и во вид на саможртва (треба да се биде подготвен да се умре за неа) – тогаш и групното и индивидуалното тело ѝ припаѓаат на нацијата, за потребите на нацијата се активираат механизмите на поседување и управување со телото, му се налага неговата функција. Во случајот на жените, кои се „дарувани" со биолошката функција на мајчинството, им се налага истата и да ја остварат, идеално земено, до своите максимални граници: да родат што повеќе деца. Фамилијализмот како наратив е целосно поврзан со нацијата:

> ***Семејството и наталитетот се најбитната работа во нашата држава.*** **(**Анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Фејсбук,2025)

> *34 години независност, но за кого? Секоја година гледаме помал број на првачиња во училишните клупи. (...) Демографската криза е најголемата криза со која се соочува Македонија денес. (...) Разликата во последните 15 години е дури 50.000 помалку ученици во основните училишта.* ***Немавме држава, имавме нација. Сега имаме држава, а ја губиме нацијата.***(Анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Фејсбук, 2025)

> *Дали Украина ќе опстане зависи од надворешни фактори.* ***Дали ќе опстане Македонија зависи од секого од нас поединечно, како и од градењето на колективна национална свест за семејството и децата,*** *како и свесност дека сме народ на кој опстанокот му е во ризик.* (Анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Фејсбук, 2025)

Висок е притисокот кој се врши за форсирање на личната одговорност на поединецот/поединката за „опстанокот/егзистенцијата на нацијата". Таквата одговорност се наложува и на мажите и на жените – сепак, прво, претставувањето на преживувањето на нацијата како „биолошка реалност", ја прави неа многу „пореална" за жените чие тело низ тој процес многу пофактички „се троши". Второ, дискурсот кој се користи кога оваа

порака се праќа до мажите и до жените, силно ја сугерира нееднаквоста на префлањето на таа одговорност – или вина, зависно од контекстот (ова подобро е илустрирано подолу во контекст на наративите за родово-базираното насилство).

Интересно е што аргументите и дискурсот во горенаведените цитати е неверојатно сличен на користените од страна на поранешната владејачка конзервативна партија ВМРО-ДПМНЕ во 2012 година, додека го подготвуваа теренот за воведување на Законот за прекин на бременоста т.е. Законот против абортус. Во 2012 тогашниот лидер на својот говор по повод одбележувањето на Денот на македонската револуционерна борба, одлучи да го посвети на демографските предизвици. Ваквото временско-просторно темпирање недвосмислено треба во умовите на граѓаните да воспостави поистоветување на „борбата за нацијата“ и „раѓањето деца“ и второво да го постави како највисока граѓанска должност:

> ***Денес кога сме во неспоредливо подобра состојба отколку пред 60, 100 или повеќе години***, *ние, а за волја на вистината и повеќето европски земји се соочуваме со* ***криза на семејните вредности***, *со сериозен долготраен и засега незапирлив тренд на пад на наталитетот. Живееме во време кога не само што е сѐ поголема реткост второ дете во семејствата, а камоли трето и четврто, туку спротивно на тоа водиме дебати за* ***искривени вредности***, *за еднополови бракови, па уште и посвојување деца во тие еднополови бракови,* ***за некакви права на жените***, *па на мажите, кој од нив позастапен во политиката или во бизнисот, а додека се трошиме на тие теми нам како држава ни снемува народ. (...)* ***Како што беше храброст на 23 Октомври 1893 да се стане за Македонија, така денес е храброст да се биде честит и посветен на своето семејство, на своите жена и деца***. *Потребна ни е политика која ќе ја намали нето имиграцијата, која ќе го зајакне општеството и ќе се бори со атомизацијата* (Никола Груевски, тогашен премиер на Република Македонија, говор по повод Денот на македонската револуционерна борба, 23.10.2012)

Во тоа време, целиот процес на донесување на Законот од страна на конзервативната влада беше крајно нетранспарентен и обвиен во манипулативни информации и прикривања со цел да спречи и неутрализира критичка мобилизација на граѓанското општество: дека новиот Закон само ќе го модернизира стариот, дека скратената постапка е потребна поради необемноста на Законот итн.(Мишковска Кајевска, 2016). Притоа, обидите за воспоставување јавна дискусија беа пресретнати со дискриминаторски реплики за сексуалните малцинства со цел да се делегитимизира невладината опозиција (Мишковска Кајевска, 2016, 5).

Во овие напори за потценување и драстично ограничување на женската телесна автономија, блискоста на Црквата со десничарската власт во Македонија, која била отсекогаш евидентна во напорите за „упаѓање“ во секуларноста на државата, ја имаше својата кулминација. На пример, само две недели пред објавувањето на предлог-Законот во 2013, високо рангиран верски службеник објави дека „за даопстанат македонската нација и црква жените секогаш треба да изберат да родат“ (Мишковска Кајевска, 2016, 3). Сето ова беше придружено со претходно отпочната кампања за поттикнување на наталитетот и на многудетните семејства и која го поистоветуваше абортусот со убиство. Видео-спотовите беа придружени со цитати од Мајка Тереза и од Роналд Реган.

Во 2025-та година, новата владејачка поставка на водечката конзервативна партија, многу набрзо откако дојде на власт, повторно започна да промовира политики на наталитет кои се засноваат на традиционалните културни вредности.

> *Формирањето семејство, формирањето **многудетно семејство е највисок патриотски чин на еден народ** за сопствената татковина, без разлика на етничката припадност, на верската припадност.*
>
> *Нека ме нарекуваат конзервативен, заостанат, како сакаат нека ме нарекуваат, но ова мора да биде **прв приоритет на оваа Влада и на сите следни влади, а тоа се многудетните семејства**. За бадијала ни се градинки ако нема деца, за бадијала ни се*

*училишта ако нема деца, за бадијала градиме автопати и пруги ако нема кој да вози и кој да се вози по нив.*

(Христијан Мицковски, тековен премиер на Република Северна Македонија, 30.09.2025 Извор: *Мицкоски: Највисок патриотски чин е многудетно семејство, Слободна Европа:* https://www.slobodnaevropa.mk/a/33545076.html)

Иако едно истражување на локалната феминистичка организација ХЕРА од 2025 година покажува дека анкетираните политичар(к)и од различни партии се изјасниле дека го поддржуваат правото на абортус (Божиноска и др., (ур.), 2025), сепак, една од интервјуираните експертки за родова еднаквост и права на родови малцинства за ова истражување на прашањето дали денес правото на абортус е апсолвирано во нашето општество, одговори дека ако продолжат тековните тенденции, не би се изненадила тоа повторно да се „стави на маса“: „И за попрогресивните партии кај нас важи дека не ги застапуваат принципите и политиките за кои идеолошки би требало. Така што и тие опортунистички играат. (...) Во однос на абортусот мислам дека се создаде една атмосфера низ годините наназад, и дека денес ставот на општеството, или на граѓанството гласи дека тоа е право на жената да одлучи. Но, спротивно на тоа, тие [властите] можеби не го фаќаат самото право на абортус, но кружат околу него многу внимателно – со тоа што зборуваат за многудетни семејства на пример. Тие нема да го чепнат како такво, но ќе направат секаква пречка да не се оствари, [да биде] како мртво слово на хартија. На пример, иако велиме дека медицински абортус може да се направи без советување – таков е законот – сепак, кога ќе ја видиме праксата гледаме дека тоа многу тешко оди. Постои некоја атмосфера, во која се создава таа пречка, како саботажа.“ (септември 2025). Имено, актуелното промовирање на „многудетни семејства“ би можело да претставува вовед во заострување на политиките надесно, на сличен начин како пред 2013 година. Ваквиот наратив на крајнодесничарските профили е континуиран, но неодамна повторно се актуализираше во поддршка на овие напори на владејачката партија.

Прашањето на демографијата е важно прашање и за десницата и за левицата, но овие две се разликуваат во тоа каде ја идентификуваат причината за падот, и следствено какви мерки предлагаат за справување. Додека левицата причината за намалениот наталитет ја гледа во економските фактори и сиромаштијата, особено во тешкотијата да се обезбеди домување, десничарите ова категорично го негираат, и наместо тоа, причината ја лоцираат во „оштетената“ културна матрица:

> ***Иако економската стабилност е важна, таа не е главниот фактор****. Во најбогатите држави како Шведска, Данска, Норвешка, луѓето имаат помалку деца. Додека во земји како Нигерија, Египет, Бангладеш, каде приходот по човек е значително помал — семејствата се поголеми. Заклучок?* ***Парите не се клучот – туку верата, традицијата, и погледот кон животот.*** (Анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Фејсбук, 2025)

> ***Не се многу двоуми за раѓање деца бивајќи сиромашен****. Тие се Божји, не се твои. Тој што ти го дарува детето, Тој ќе ти обезбеди услови и за негов развој. Не ги слушај демоните! Имај малку вера. - дедо Наум* (придружено со слика од икона, заб. на а.; Анонимизирана крајнодесничарска страница, Фејсбук, 2024)

Во горниов цитат е употребен верски дискурс кој често се среќава за оваа цел, како наведување на христијанската должност за основање и зголемување на семејството. Притоа, не се ослободува државата од обврската да инвестира во зајакнување на наталитетот и да ги воспостави и наметне правилата.

Значи, индиректно, се обвинуваат либералните и левите нетрадиционалистички ставови и стил на живот: пред сѐ, ефектите на потенцирањето на материјалниот комфор (наспроти подготвеноста истиот да се жртвува во повисока функција – значи, слабиот и повеќесмисловно импотентен либерален поединец) и родовата еднаквост/сексуалната револуција. Особено феминизмот кој се сфаќа како составен дел од овие текови (леви или либерални) се демонизира како особено силна илузија на модерното време, каде

наративот тече дека со економското и општественото оснажување на жената таа се оддалечила од семејството и се „возгордеала“ дека си е самодоволна и дека мажот ниту децата не ѝ се потребни за самореализација, но дека тоа е илузија и неприродност која на крајот ќе ја однесе во „несреќност“ и „пропаст“. Банално проценетиот исход на „несреќноста“ и „пропаста“ потекнуваат од отстапувањето од женската норма. Важно е дека отстапувањето се лоцира токму во овие процеси на оснажување и еманципација бидејќи тие го создаваат паничниот впечаток на крајните десничари дека со тоа жените се измолкнале од механизмите на нацијата. Со тоа, дека се измолкнале и од механизмите на патријархатот.

Притоа, општо земено, се забележува одредена воздржаност или внимателност во користењето на поимот *патријархат* во ваквиот јавен дискурс кај дел од десничарите, бидејќи сфатиле дека отвореното залагање за тој поредок предизвикува антагонизам и има негативен повратен ефект. Ваквото рестриктирање или приспособување на вокабуларот е само една од тактиките на приспособување и дури, камуфлажа/прикривање, на крајните десничари. Значи, да се вратиме погоре, десничарското инсистирање дека не економските, туку културните причини (читај: отстапувања) се причината за демографскиот пад, ги ослободува од одговорноста да бараат практични решенија за подобрување на материјалната состојба на граѓаните, и ефективно да ги пролиферираат наративите на поделба по разни линии.

2.

Семејството е строго родово хиерархизирано, со есенцијализирање на позицијата на мажот и позицијата на жената, како што се илустрира во цитатите подолу. Мажот е лидер и одлучувач, жената е поддржувачка и следбеничка. Активниот маж треба да води, да освојува и да создава и како резултат на тоа нешто да добива; пасивната жена треба да се воздржува, да се инхибира, да втемелува, и со тоа да штити од загуба – потенцирано, загуба предизвикана по сопствена вина. Жената живее во страв дека ќе ги изгуби честа и

достоинството, а го има само она што ѝ е дадено, за разлика од мажот кој има право да зема.

*Нашиот идеал за маж е олицетворението на* ***машката сила****; нашиот идеал за жена - да биде* ***во состојба да раѓа*** *ново поколени здрави мажи'.- А.Х*[11]*, 'Мојата борба'* (Анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Инстаграм, 2023)

***Ако жената ја изгуби нејзината женственост****, тогаш ќе нема ниту дом, ниту нација,* ***ќе има анархија****. Нејзината најважна улога во животот е да биде мајка и сопруга, така помагајќи и на нејзината нација да преживее.* (Анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Инстаграм, 2020)

***Вистинските вредности****!* (илустрација на чадори наредени еден врз друг, заб.на а.) ***1.ХРИСТОС 2. МАЖ (го штити семејството, го води семејството, го снабдува семејството; 3. ЖЕНА (теши, воспитува, храни),*** *4. ДЕЦА (ги сакаат родителите, ги почитуваат родителите)* (Анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Фејсбук, 2025)

*Жените се раѓаат на врвот на планината. Мажите се раѓаат во долините околу неа. Мажотсе цени според тоа колку високо ќе се искачи.* ***Жената се цени според тоа колку ниско ќе падне****. Мажите можат многу да добијат.* ***Жените можат многу да изгубат****. Машкоста се гради.* ***Женственоста се чува.***(Анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Фејсбук, 2024)

Ваквата есенцијализација е нормализирана преку призмата на пријателскиот (беневолентниот) сексизам, со кој ваквата подреденост се објаснува преку неопходноста мажот жената да ја заштити, бидејќи таа е гледана како морално чиста и физички слаба, па треба да биде обожувана и чувана. Ставајќи ја жената на пиедестал во националистичкото имагинарно поради тоа што „таа е срцето и изворот на нацијата", тоа ја поставува, дури и ако прифатиме дека не е во инфериорна, тогаш сигурно во зависна

[11]Се мисли на иницијалите на Адолф Хитлер.

позиција од мажот, во која „нејзина должност“ е да ги инхибира своите интелектуални, општествени, физички капацитети.

> *Западните општества колабираат поради тоа што ги губат традиционалните вредности, не само женственоста, тоа е само еден елемент.* ***Кога двата пола не ги исполнуваат своите традиционални улоги, тоа довело до распаѓање на структурата на семејството, што води до високи стапки на развод.*** *Разводот секогаш влијае врз децата, и многу од нив се претвораат во опасност за општеството во кое живеат со нивната употреба на дроги, алкохол, материјализам, секс итн., многу од нив се свртеле кон криминал. Тоа е само една од многуте последици како резултат на пропаѓањето на традиционалните родови улоги и понатаму води кон лична несреќност.* (коментар на објава на анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Инстаграм, 2020)

Ова често се правда со религиски наративи:

> *’Мажи, љубете ги своите жени како Христос што ја љубеше Црквата – и се даде Себеси за неа.’ (Ефесјаните 5:25) ‘И вие, жени, потчинувајте им се на своите мажи... вашата убавина нека не биде надворешна... туку* ***внатрешна убавина на кроток и тивок дух****...’ (1 Петрово 3:1-7)Така е поставен поредокот на љубов и служба –* ***мажот води со пожртвувана љубов, а жената следи со доверба и почит.Тоа не е однос на моќ, туку взаемна преданост****. Овие заповеди не велат ‘жено, слушај што и да каже твојот маж, дури ако е безбожно и себично и погрешно’, туку ‘следи го својот маж ако тој оди по патот на Христос и води како Христос’. А Христос никогаш не омаловажил ниту една жена, а неговиот однос кон жените бил нешто револуционерно во тогашното време. Затоа е запишано: `Потчинувајте се еден на друг во страв Божји.’(Ефесјаните 5:21), затоа што мажот и жената се едно тело` (Битие 2:24)* (Анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Фејсбук, 2025)

Имено, православието исто така се сфаќа во функција на нацијата, како темелен и препознатлив дел од националниот македонски идентитет. Да се биде религиозен и да се

почитува Црквата се изедначува со тоа да се биде добар Македонец/Македонка; бранењето на верата се изедначува со бранењето на државата. Притоа, во пракса постои и директна соработка на дел од овие субјекти со Црквата (како што беше илустрирано погоре). Во 2024 година Владиката Петар во своето Велигденско обраќање дури ги повика верниците да гласаат на изборите кои се одржуваа истата недела, апелирајќи дека се избира помеѓу „добро или зло; вистина или лага“ („Велигденскиот говор“, 2024), со што сугерираше дека има единствена вистинска политичка опција на изборите – без да ја именува – подривајќи го демократскиот принцип на плуралност на политичките мислења и слободата на политичкото уверување.

Црквата како институција и одредени црковни претставници се носителите на мизогиниот дискурс години наназад, и на антиродовиот дискурс со иницирањето на мобилизациите. Владиката Петар во 2012 (пред донесувањето на Законот за прекин на бременоста) ја даде оваа изјава во која тврди дека жените се виновни за високиот број разводи, со објаснување дека интерпретирал извадоци од Евангелија:

> ***Јас тврдам дека жените или ќе ја спасат, или ќе ја уништат нашата македонска нација и нашата Црква,*** *затоа што она што ќе се зачне во утробите на мајките, треба да се роди ако сакаме да опстоиме и како нација и како народ и како држава и како Црква. (...)****Голем дел се разведуваат заради тоа што не сакале да се покажат смирени, заради горделивоста, заради тоа што сака секој да командува, заборавајќи на тоа дека глава на куќата е мажот, а жената е повластена на мажот,*** *но не во смисла да и се одземени правата, таа има поголеми права од мажот.* (Владиката Петар, Извор:„Владика Петар: Жените се виновни за разводите“ (06.05.2013) А1он: https://a1on.mk/macedonia/vladika-petar-zhenite-se-vinovni-za-raz/)

Во Велигденското обраќање пак, во 2023 година, истото свештено лице повторно зборува на родови теми (овој пат осврнувајќи се и на антиродовите движења, што ќе го анализираме во следното поглавје):

*__Во минатите векови, до феминизмот и еманципацијата на жената, таа била сопруга, мајка и домаќинка__, а денес таа е високо еманципирана со забележителни позиции во општеството, но __често и разведена и самохрана мајка__. __Кога некој бара поголеми права, треба да биде свесен и подготвен, а и способен да извршува повеќе и поголеми должности__, а за тоа треба дури и да се одречеме од себеси, да живееме и да се трудиме за општото добро, за повисоки цели и идеали и да ги исполнуваме општоприфатените начела за етика и морал,*
(Митрополит Петар, Извор: *Митрополит Петар: Родовата еднаквост е манипулативна, погубна и отровна идеологија*(17,04,2023), 360 Степени: https://360stepeni.mk/video-mitropolit-petar-rodovata-ednakvost-e-manipulativna-pogubna-i-otrovna-ideologija/

Крвната припадност налага должност за припадност кон соодветната култура, историја и социјална стварност. Различното сврзување на тие две категории (биолошката и социјалната) се перципира како неприродно, како „одроденост“, „изродување“. Оттаму, иако декларирано по следната хиерархиска низа на должност: „од најмалата кон најголемата заедница: семејството, пошироката фамилија, нацијата, расата, човечкиот вид“, сепак, во пракса, нацијата се наоѓа дури и над семејството, бидејќи, доколку семејството (или негов член) не се пореди со актуелните идеали и цели на нацијата, се смета за одродено, предавничко. Ова е почетно релевантно во ксенофобните и расистичките сентименти (на пример, со силно неодобрување се гледа на жената која воспоставува романтични односи со маж од друг етникум, а особено важи за белите жени со маж од друга раса) но многу почесто и пожестоко феминистките, либералите, левичарите исто така се категоризираат како „одродени“ бидејќи се перципирани дека работат против интересите на нацијата.

Значи, наталитетот (и семејството) е централната стратегија за борба против надворешниот непријател на нацијата – или, од другата страна на паричката, за имплицитно проектирање на ксенофобната матрица на која се базира крајната десница. Кога се зборува за локалната ситуација, надворешниот непријател во македонскиот случај

се примарно Албанците, а кога се генерализира и/или се зборува за пошироките глобални текови, тоа е имигрантот, кој е примарно муслиман.

> *Тамара и Едона работат во иста државна институција. Иста плата. Ист град, исти трошоци.* ***На 34 години Едона има сопруг, 3 деца, заеднички стан. Тамара на 34 има стан, има многу сингл другарки, секој викенд се во 'шема кафич/ресторан',*** *има и дечковци, но за жал не за озбилно.*(Анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Фејсбук, 2025)

> *Германските стапки на наталитет се позитивни само поради големиот наплив на имигранти од култури кајшто да се има многу деца е норма. Дегенеративната култура што ја поддржуваш според која секој може да си прави што сака без разлика на моралниот код го доведе Западот до точка кога мора да ги доведе сите тие имигранти од непријателски култури за да ги користи како работна сила. Зошто? Бидејќи твоите идеи* ***го уништија традиционалното семејство****.* ***Никој веќе не прави деца****. Да, може да речеш дека во Македонија тоа е поради економијата, но тогаш зошто Германците не прават веќе деца, или Французите, или Британците?!* (Анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Инстаграм, 2020)

Во овие цитати се видливи различните испреплетени димензии наведени погоре: родовото отстапување, обвинетите либерални вредности, имплицираните феминистички вредности (кои не нужно се навистина „цитирани“ во примерот), заканата која ја претставува наталитетот на Другиот, кој е на пат да истреби и да замени, а кому наводно доброволно и слепо му се отстапува местото за тоа. Мултикултурализмот како пристап крајните десничари го сметаат за неизводлив бидејќи според основните принципи на националистичкото мислење културите не можат да се мешаат и мирно да сопостојат. Либералната власт (во Северна Македонија) се нарекува „окупаторска“ бидејќи наводно оди против волјата на народот и се обидува насилно да наметне мултикултурализам.

3.

„Постарата“ десница ги одржува антиевропските сентименти и митологијата за неприкосновената  вековност и светотворност на македонската нација:

> *Ако ги погледнете и артефактите на нашата македонска култура и цивилизација и на западната, ќе приметите две дијаметрално спротивни култури. Кај нашите артефакти присутни се соларните симболи, природата, текстови со содржина од секојдневниот живот, просветителство.* ***Доколку ги погледнете артефактите на Рим и Атина, но и на целата западна цивилизација ќе видите смрт, разврат, темнина, педофилија, хомосексуализам, оргии****. Нашите вредности треба да си ги вратиме во секојдневното наше живеење,* ***да се тргнеме од неолибералните евроатлантски анти-вредности,*** *организации и партии, репрезенти на нив. Да се тргнеме од националните фреквенции окупирани од нив, истите и да ги изолираме како* ***канцер во нашето наРОДно тело .*** *Од нас и нашиот однос кон нештата, сѐ зависи. Колку повеќе молчиме, толку тие ќе одат во сѐ поголем разврат и декаденција, која на крај скапо ќе ја платат идните генерации, нашите деца и внуци.*
> *(*Зоран Јованчев, извор:„Западни или македонски вредности, прашањето е сега“ (колумна) (21.04.2021), Родина: https://rodina.org.mk/%D0%B7%D0%B0%D0%BF%D0%B0%D0%B4%D0%BD%D0%B8-%D0%B8%D0%BB%D0%B8-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%B2%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B8-%D0%BF%D1%80%D0%B0/)

Во меѓувреме, „поновата“ генерација на крајната десница покажува поголем интерес за светските случувања, за глобално поврзување, про-ЕУ ставови – иако, тоа не ја прави и интернационалистичка. Таа се обидува да еволуира од тесното, самодоволно, нарцистичко размислување на своите претходници изолирано единствено во сопствените национални рамки, и да скова нови националистички стратегии учејќи од, и во идеолошко сојузништво, со националистичките, и пред сѐ, крајно десничарски, движења од другите нации.

> ***Македонија се наоѓа во Европа и географски и политички припаѓа со западната хемисфера****. Треба веќе да престанеме да веруваме во приказните дека сега ЕУ и Америка  ќе пропаднат, ќе дојде новиот поредок, туку треба ние да соработувсме со нашите партнери за подобрување на нашата држава.*(Анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Фејсбук, 2024)

Па така, истиснувањето на евроскептицизмот од дел од крајната десница во Северна Македонија односно промовирањето на про-ЕУ ставовите се обоени со ставот за потребата за реформирање на ЕУ во согласност со конзервативните и националистички вредности.

> ***(...) ’либералниот” концепт за ‘европските реформи’ не е единствено ‘европскиот’ и задолжителен за Македонија!!!*** *Многу поевропски е ‘христијан - демократскиот и традиционален’ концепт, како мнозински и најзастапен на европско ниво!!! Од тука, лажната претстава, дека мора и треба да се прифати ‘ултра либерализацијата’ на земјава, како нужност да се биде членка на ЕУ, не е и не смее да биде прифатена* ***!!! Поедноставно да ме разберете, тоа значи дека, колку е ‘европски’ слободата на планирање на семејството и правото на абортус, исто толку е европски и промоција на семејните вредности и заштитата на правата на нероденете деца...*** *колку е европски обезбедување на полни права на ЛГБТ заедницата, исто толку е европски и опстојувањето на традиционалната семејна заедница и бракот како заедница на маж и жена... колку е европски промоција на ‘граѓанскиот’ идентитет, толку е европски и негување на ‘националниот’ идентитет... колку е европски да се биде атеист, уште повеќе е европски да се биде верник... и тн. и тн.*
>
> (Анонимизиран корисник од политичката десничарска сцена, Фејсбук, 2019)

Сепак, и покрај ваквите тенденции, недоумицата и сомнежот за ваквото решение останува кај голем дел од десницата. Следниов цитат покажува нерешителност поради големата цена која треба да се плати, односно загрижувачките прашања околу идентитетот (пред сè задоволувањето на барањата од соседна Бугарија и уставните

измени на кои таа инсистира, но и „ранливоста“ на напредокот на етничките малцинства и на имигрантите), додека, пак, многу други субјекти кои подоцна ќе ги референцираме задржуваат целосно анти-ЕУ ставови. Значи, постои доста разноликост и по ова прашање.

> *Европска Унија... (...) Со влез во оваа `елита` на нашиов континент ке се отвоарат број прилики за Македонија и за нејзините граѓани за проблескување или пак за продавање на се што е наше, од нашите прозиводи до нашиот идентитет.* ***Доколку влеземе во ЕУ тогаш ке ни се отворат многу врати*** *(...)Но, бидејќи се си има своја цена така и ние ке треба да се откажеме или пак да присвоиме некои непожелни работи за да ЕУ ни стане реалност а не само датум.* ***Доколку би влегле во европската унија би го загубиле и оној интегритет кој ни остана,*** *тогаш целиот свет ке види дека лесно се октажуваме од нашето и се продаваме за евтини пари. Со влегување во ЕУ ќе имаме многу повеќе можности за развивање на нашата земја но* ***дали тогаш би се развиле во една моќна Македонија на македонците или пак би биле Северна Македонија каде не се знае каква се националност живее тука и чија е оваа земја****, кој управува со неа и дали ке остане бар нешто македонско на овие простори. Исто така ке ги отвориме границите за мигрантите а со тоа ке настане и еден од најголемите проблеми во државава со пример од сегашните случувања во Франција каде цела држава е во пламен.* ***Доколку се случи ова и кај нас, ме фаќа страв дека владата ке превземе минимални мерки*** *против ваквите случувања и ке останеме на милост и немилост од страна на мигрантите кои ниту имаат осет ниту пак ситост со ваквите бунтови.* ***Европска Унија: Не по секоја цена!*** (Анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Инстаграм, 2023)

Во секој случај, нејзиното „отворање“, парадоксално, работи кон зајакнување на ксенофобијата, во обединувањето со глобалните антиимиграциски тенденции. Иако Северна Македонија нема директен проблем со имиграција, македонската десница се поистоветува со белата раса и со Европа – а потоа наративот го прелева на локалните етнички односи. Оваа одбивност повеќекратно се засилува со теориите за Евроарабија (или Големата замена) според која глобалните елити смислено прават социјален инженеринг и го менуваат лицето и генот (демографската слика) на белата Европа. Така,

белото локално население е претставено како жртва на по правило насилните имигранти од муслиманските земји, кои одбиваат да се асимилираат и ги црпат државните ресурси. Имигрантите наводно тенденциозно предизвикуваат нестабилност и немири во државата со цел да се претстават себеси како угнетени и насила да добијат привилегии во државата-домаќин, претворајќи ги така европските држави во „земји од третиот свет“:

> ***Најголемата трагедија во сето ова е што самите Швеѓани го бараат и го сакаат тоа. Не сакаат веќе да постојат, сакаат нивните гени, нивната култура, традиција, јазик, нација...*** *сакаат сè тоа да згасне. Не можеш да го спасиш некој кој не сака да биде спасен. Самите сакаат самоубиство и ќе го добијат. Мене единствено ми е жал за малцинството скандинавци што не размислуваат на таков дегенеративен начин, (...)* ***Тие најмногу ќе мораат да го трпат мултикулти теророт.*** (Корисник во дискусија на форумот Кајгана 2014)

> ***Западна Европа го смени својот изглед***. *Западните метрополи кои ги сметаме за бастионот на културата на ʻСтариот континентʼ веќе не се исти, а просечниот Европеец тивко изумира. Моментално сум во Германија, а* ***се осеќам како да сум на Блиски0т Исток***. *На секој чекор донер и кебап, центарот на секој град полн со бездомници и расфрлано ѓубре.* (Анонимизиран инфлуенсерски профил со крајнодесничарски убедувања, Фејсбук, 2022)

Притоа, овие тврдења редовно се придружени со грозоморни описи на имигрантско насилство врз белите локалци. Во нив, често се поентира емотивно со насилни сцени над жени и деца за да се потенцира дека тие се особено нападнати од ова „туѓо тело“, а национализмот налага овие ранливи групи (бидејќи инфериорни) да се заштитуваат т.е. се поттикнува мажествениот инстинкт за заштитување и војување.

> *(...) белата работничка класа во градовите кои се најмногу погодени од масовна имиграција, етничко чистење* ***и анти-белечко насилство***. *Тие сведочат како* ***нивните градови се претворија во туѓа окупациона зона***; *нивните цркви се преобратуваат во џамии за сè побројните дојденци од Африка и Азија; (...) улиците на кои растеле сега се*

*претворени во африкански и пакистански гета; опкружени се со луѓе кои говорат туѓи јазици и* ***не сакаат да се асимилираат. Колежи, грабежи и силувања се случуваат постојано, особено со најранливите како жртва – деца, жени и изнемоштени****. Белата работничка класа во овие градови се обидува да сврзе крај со крај, не може да си приушти домување и едвај плаќа ќирија, за новодојденците - кои немаат ништо освен омраза кон домаќините - да добијат* ***бесплатно домување и социјална помош од окупаторската власт****. Сите поплаки и болни крици, сите барања за спречување на етничкото чистење наидуваат на жестока критика од медиумите и политичарите, кои во плачот на мајките и татковците чии деца се жртви на имигрантските освојувачи гледаат 'расизам' и 'исламофобија'.(...)* ***Мултикултурализмот е неуспешен проект, а гневот во Англија е само почеток*** *на тоа што наскоро ќе го гледаме низ целиот континент".* (Анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Фејсбук, 2024)

*Мултикултурализмот е тој што создава гета по големите европски градови (...) тој кој поттикнува практикување средновековни обичаи по европските земји, затоа што некој така бил научен во некоја пештера во Арабија или Турција. (...) И на крај, како благодарност, шират екстремен Ислам, домаќините кои ги угостиле ги нарекуваат кучиња невернички и им наложуваат да го примат нивното дивјаштво ако сакаат да останат живи.* ***Епа извини, ако некој кој се противи на ова треба да биде нарекуван неонацист, тогаш прифаќам да бидамословуван така****.* (Корисник во дискусија на форумот Кајгана, 2014)

Во следниов цитат антимуслиманските сентименти се локализираат со кодиранореферирање на домашното албанско население и негово вклучување во генерализираната стереотипна слика за муслиманските граѓани како нецивилизирани и штетни по демократијата:

*Без разлика дали е Франција или Македонија, без разлика колку е една држава напредна или не, има една група на луѓе која е иста секаде.* ***Истите обичаи, истиот неред, истата некултура, истата непочит према државата која им обезбедила сѐ****.* ***Која е оваа***

***мистериозна група****?* (Анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Фејсбук, 2025)

Како што опишавме во претходното поглавје, десницата е приспособлива и умее да ги прифати стратегиите кои ќе оцени дека функционираат во тековниот контекст. Па така, поновите крајнодесничарски субјекти прават обиди да го омекнат својот јазик за албанското население и за муслиманите воопшто, со што навидум го контролираат нивото на поларизација. Кога коментираат тековни настани или наративи (без разлика дали се работи за политички дејства или секојдневни инциденти) се обидуваат да потенцираат дека не генерализираат (или дека не генерализираат насилаилитенденциозно) и да ги релативизираат обвинувањата – но, притоа, клучно, задржувајќи го кодираниот јазик со кој се обраќаат на својата македонска националистичка таргет-публика.

Пристапот со кој се слика инфериорноста и назадноста на Другата заедница, особено се искористува кога се споменуваат некои ранливи групи како жени и деца. Ова е типичен пример за апропријација на феминистичкиот наратив за пролиферување на ксенофобните наративи. Овие себе често се претставуваат како толерантни за различноста, но, ламентирајќи дека таа нивна отвореност не е прифатена од другата страна, се претставуваат како „попрогресивни“ од Албанците, дека сакаат „да ги ослободат албанските жени“, да ги „демократизираат“, додека овие, закоравени во своите назадни муслимански традиции, тоа го одбиваат.

*’ЏАМИЈАТА ДА ОДЈЕБЕ’. ШАМИИ ПО ДОМА И ВО ВЕРСКИ ОБЈЕКТИ*

***Македонија е секуларна држава, во која нема место за верски шовинизам, особено НЕ во образованието!!! (...) Ако не им се допаѓаат, имаат можност да живеат во Сауди Арабија или Иран!*** *Ова е тука Македонија, лулка на прогресивната европска цивилизација!!! Како ‘прогресивците’ од шареното општество на зајковизмот најдоа дискриминација, не ми е јасно, но ова е недозволиво однесување во едно модерно, напредно, европско општество!!!* ***Интересно како ‘секуларистите’ од шарените***

***зајковци преку ноќ станаа исламски џихадисти, а полни усти за плукање само против христијанската Црква!*** *Каде се сега тие што бараа 'Црквата да одјебе'?!? Не гледам нешто транспаренти 'Џамијата да одјебе'?!?* (Анонимизиран корисник од политичката десничарска сцена, Фејсбук, 2023)

***Образована жена, вреди колку цела планета****! Верски радикализам и наметнување на една врз друга вера, ќе биде со Закон санкционирано! Ве повикувам сите слободоумни, чесни, домаќини, разумни и вистински верници, муслиманки и муслимани, да ни се приклучите во* ***борбата за полна верска слобода, без радикализам*** *во Македонија!* (Анонимизиран корисник од политичката десничарска сцена, Фејсбук, 2021)

Понатаму, следниов цитат всушност ја хиерархизира важноста на белата раса над значењето на верата и/или културата. Ова е важен момент во развојот на овој светоглед – самоидентификувањето на Македонците како дел од белата раса и од европската цивилизација, против која наводно се води војна „и среде бел ден" се угнетува од страна на расните и религиските (муслимански) малцинства (локални и имигрантски), па оттаму неопходноста да се освести влијанието и значењето на тие тенденции и во Северна Македонија, и фронтот на десничарската борба во Северна Македонија да се прошири и на тие глобални прашања.

***Белите Германци веќе немаат деца и нив ги заменуваат не-Европејците****. Арапските и африканските имигранти не играат по вашите правила на `расклопување на традиционалните вредности` и на крајот целосно ќе ги заменат кревките и дегенеративни `модерни Европејци` како тебе. Доволно сум читал за либерализмот, конституционализмот и конзервативизмот за да речам дека сите тие се штетни за европејците.* ***Зарем си толку забеган да мислиш дека кога Европа ќе има само 50% домородно европејско население а останатото имигрантско, дека тогаш `новите Европејци` ќе играат по твоите правила и ќе зборуваат за слобода и за демократија?****!* (Анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Инстаграм, 2020)

*__Мултикултурализмот е крајната етапа на Европа каква што ја знаеме...__ Периодов во Западна Европа по крајот на ВСВ, а посебно од крајот на `80-ите па навака наликува на декаденцијата која ја зафаќа Римската империја пред навлегувањето на разните народи од истокот, само што __во случајов не се работи за народи како Германите и Словените туку за хорди инфериорни човеколики суштества од Африка  Азија кои имаат намера да воведат Шеријат и да воспостават калифат и притоа да извршат геноцид врз бела и христијанска Европа__.* (Корисник во дискусија на форумот Кајгана, 2014)

*Вистинската закана за Европа не е исламот сам по себе како религија, туку наметнувањето на светогледи не само туѓи, туку и спротивни на оние во Европа, а тие доаѓаат преку општата __инвазија на неевропски народи од целосно различно потекло__ кое нема поврзаност со европското тло и не сочувствува со европските народи.*(Анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Фејсбук, 2024)

4.

Кога се работи за родово-базираното насилство, анализираните профили истакнуваа осудувачки став по однос на овој феномен сфатен во некаква генерална рамка, но со многу видлива релативизација, обвинување и отстапување. Родово-базираното насилство неретко се врамува наративно како „борба помеѓу половите“, што целосно ја изместува толкувачката рамка, прво претставувајќи го како двострана рамноправна размена, за потоа да се преврти во угнетувачки однос за мажите, т.е. дека жените отвораат војна против нив. По однос на оваа тема, мажите се претставуваат како жртви на либералните, агресивно феминистички, жени, и се прибегнува кон празни флоскули како „сите заедно споделуваме вина за постојните проблеми“ со цел релативизирање и смалување на проблемот и избегнување одговорност. Додатно, со изедначување на тежината и легитимноста на аргументите и во одбрана и против жената во дискутираниот случај, се покажува  неподготвеност за дискутирање на проблемот и на потенцијалните решенија.

Следниот цитат се однесува на случајот „Јавна соба“, Телеграм профил на кој во 2020 година беа без дозвола споделувани интимни и порнографски фотографии и видеа (околу 10.000) од жени и девојчиња, помеѓу повеќе од 6.500 членови:

> *По социјалните мрежи избувна војна, со разни аргументи во одбрана/против девојката, но испливаа и други поголеми прашања, како за дали таа и тие како неа се навистина жртви, проблемите со кои жените се соочуваат при односот на мажите кон нив, се збореше за силувањето, насилствата, понижувањето, па се стигна до муабети од стилот на `ако не е девојче, тогаш е абортус` и слично.* ***Јас лично не видов ниту една објава или коментар каде што некој ја поддржување „Јавна соба“, меѓутоа можеа да се видат објави и коментари во кои машкиот род се посочуваше како рак на општеството, а сите мажи како бомби кои отчукуваат(…) Но дали е можно еден пол да се грижи само за своите интереси и воопшто да не се интересира за добробитта на спротивниот пол?*** *Несомнено е дека не можеме и не смееме да си дозволиме* ***војна на полови****, во која едниот пол ќе означува непријател за другиот****. Сите ние имаме или мајки, или татковци, или браќа, сестри, дечковци и девојки, сопрузи и сопруги, пријатели и пријателки. Зар не ги љубиме нив? (...)*** *Едните не се полоши или подобри од другите,* ***сите заедно споделуваме вина за постојните проблеми.***(Анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Фејсбук, 2021)

Притоа, во ваквиот тип дискусии се забележува видлива квалитативна разлика во дискурсот кога коментарот е упатен кон мажите и кога е упатен кон жените. Имено, кога коментарот е упатен кон мажите, блиското читање на поттекстот често открива емпатија за машката позиција и за машката „борба“ за контролирање на физичките сексуални нагони, но не се дискутираат насилните нагони и потребата за супериорност. Не се јавува ниту испрашување на перцепцијата на мажите-насилници за жените како субмисивни и жртви. Повикувањето е на пријателскиот сексизам и на личните релации. Кон мажите критиката е упатена во форма на совет за подобрување. Наспроти тоа, коментарот кон жените е упатен како обвинување за сопствената позиција на жртва. Се потенцира „претераната“ само-сексуализација на жените како повод за родово-базираното насилство; се потврдуваат сексистичките сфаќања на родовите улоги: „По природа

мажите се тие кои бараат жена, а жената е таа која одлучува кому ќе му ги отвори портите“ и тропата за „губење на вредноста“ со сексуалниот чин.

Ова покажува дека клучно е дека крајната десница, дури и кога го осудува насилството врз жените, одбива да ја согледа оваа појава како системски проблем, туку инсистира на нејзиното индивидуализирање. Иако во согласност со пријателскиот сексизам жените се гледаат како ранливи и треба да се заштитат, овие не ја признаваат системската димензија на тој проблем. Тие признаваат дека институциите не постапуваат по пријавите за домашно насилство, но тоа го држат во границите на индивидуалните случаи, бидејќи кога би го прифатиле системскиот пристап тоа би значело признавање дека жените како група се опресирани од мажите како група, дека тоа е системски, општествен, културолошки, институционализиран проблем. Тоа, пак, понатаму би го легитимирало концептот на опресија врз малцинствата и по однос на други основи – расна, етничка итн. Затоа, влегуваат во контрадикторности и во обвинувања на жените, што им помага да ја задржат патријархалната доминација на мажите над жените.

5.

Традиционалната машкост силно се врзува со милитаризмот, кој исто така крајната десница наголемо го промовира, главно во контекст на конфликтот од 2001 или револуционерните борби на ВМРО. Наспроти тоа, ликот на пацифистот се смета дека е „ослабен од модерната сентименталност“ и тоа го прави ранлив на непријателите кои ќе го победат со бруталната сила:

> ***Не смееме да заборавиме како треба да изгледа еден маж!*** (на слика со момчиња без маици манекени од една страна и луѓе со шпионки во воени униформи од другата страна, заб. на а.; Анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Инстаграм,2023)
>
> *Без разлика на ситуацијата и непријателот,* ***Македонија има синови кои ќе ја бранат****!* (Анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Фејсбук, 2025)

> *Македонија од секогаш* ***раѓала храбри синови кој биле спремни да го положат животот за нашата Македонија*** *и сеуште ќе раѓа храбри синови спремни да го дадат животот за Македонија.* (на илустрација со текстот*: стомакот бара храна, срцето бара верба, умот бара мудрост, татковината бара мажи, заб.* на а.; Анонимизирана страница, Инстаграм, 2025)

Воедно, ретките истакнати жени кои по име ги споменува крајната десница се жени-борки од историјата на земјата кои загинале во борба. Меѓу нив најзначајна (при што нејзиниот култ се создава уште од периодот помеѓу двете Светски војни) е Мара Бунева, која извршила атентат над српски функционер во Скопје, а потоа се самоубила. Бунева е истрајна фигура во историјата и митологијата на македонската конзервативна десница и контроверзен лик во македонската историја поради дебатите околу нејзината национална определеност, па така во Скопје секоја година се одржуваат панихиди од страна на бугарски државјани. Интересно е дека „игнорирањето од страна на феминистките“ на нејзиниот лик предизвикува особен гнев кај крајните десничари. Вториот лик кој го сретнавме во истражувањето беше Вера Цirivири-Трена, партизанка која учествувала во НОБ и била убиена од страна на бугарските власти. Постои простор за сомневање дека овие ликови делумно се избрани токму поради потенцијалот за антагонизам со Бугарија.

Овде вреди да се забележи дека е интересно да се разгледува ликот на националната хероина кај десницата, со оглед дека се работи за жени кои излегуваат од традиционално пропишаните родови норми – со оглед дека традиционалните норми и во време на војна жената ја врзуваат за домот и семејството – и тоа со успех еднаков со мажите. Ова на нив проектира еден загадочен и благо несфатлив идентитет кога се обидуваат да бидат врамени во традиционалните одредници. Фаталната отстапка од пропишаната норма претходи на опевањето на херојскиот и родољубив акт, нивната трагичност произлегува не само од изгубениот живот, туку и поради скршнувањето од „женскиот пат“ (Величковска, Крушкаровска, 2021).

Феминизмот е крајно демонизиран од страна на крајната десница и се претставува дури како екстремистичка идеологија. Во цитатот подолу се потенцира некомпатибилностана

нормативната женственост со феминизмот, или, воопшто, со активноста во јавниот простор:

*Допрва жените треба да се борат - за да останат жени, сопруги, мајки...* ***Борејќи се за женските права, го губат правото да бидат жени****…“* (Анонимизиран корисник од политичката десничарска сцена, Фејсбук, 2023)

***Нациите преживеале илјадници години без `родова еднаквост`*** *(...)Во последниве 100 години, поради феминизмот, гледаме сè помалку женственост и оттаму сè послабо исполнување на вистинските улоги на жената – да биде мајка и сопруга. Ова го достигна својот врв на Западот, и како што гледаме, Западните нации колабираат.*(Корисник во коментар на пост на анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Инстаграм, 2020)

Што се однесува до жените во јавниот и особено политичкиот простор, честа наративна стратегија е првичното и површно афирмирање и поддржување на нивната политичка активност (дали како професионални политичарки или просто како промислени политички субјекти) а во истиот здив да бидат обвинувани и потценувани, во еден речиси „двоен говор“, со цел да се оствари прилагодување кон модерните полиберални сентименти, а од што изнедруваат длабоко регресивните сфаќања. Ова може сумарно да се парафразира во тврдењето: „иако на Запад жените се многу поактивни и повлијателни политички од мажите, тие сепак немаат капацитет за добри политички проценки“. На ова како аргумент се надоврзува антифеминистичкото „присилна родова застапеност“ од кое произлегува дека артифициелно „жените добиваат предност и специјален третман“ при изборот на работните места.

*Со предлог-Законот за родова еднаквост се предвидуваат квоти за застапеност на жените во државните органи и организации од јавен интерес, односно жените се третираат како инвалидизирани лица кои мораат да добијат специјален третман.* ***Едно е да се има ПОДЕДНАКВА ШАНСА*** *и да се суди според еднаков стандард – тоа е нешто за кое треба сите да се залагаме, бидејќи сите имаме мајки, сестри, ќерки на кои им посакуваме нормални услови за живот, но* ***друго е ПРИСИЛНА ПОДЕДНАКВА ЗАСТАПЕНОСТ****, без да се земе во предвид квалитетот и успехот како првенствена мерна*

*единица, туку полот. (...)**Радикалната квази-феминистичка парола за присилна родова еднаквост е канцер и е црна дамка врз феминизмот и праведната борба на жената за рамноправни можности и шанси според КВАЛИТЕТ, а не според половиот орган меѓу нозете.** Ниту еден од нас не сака угнетување на жената, бидејќи сите ние имаме жени во нашиот живот. Од Бога – или ако сакате природата, универзумот, дефинирајте по ваше – е одредено мажите да имаат одредени биолошки карактеристики кои се различни од жените, а со тоа **има сфери во кои мажите се подобри од жените и обратно**.*(Анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Фејсбук, 2023)

Во цитатот подолу упатена е критика кон феминистките кои „лицемерно" не честитале за успехот на италијанската крајно десничарска лидерка Мелони, што повторно отсликува ограниченост и неинформираност во третманот на жените како политички субјекти. Во ваквото гледиште отсуствува свесноста за идеолошката димензионираност на политиката – во случаите кога е таа перципирана како „женска" политика; притоа, за женска политика, евидентно, се смета секоја која е водена од жени. Ова повторно ја потврдува перцепцијата за жените како политички несвесни или некомпетентни, неспособни адекватно или воопшто идеолошки да се ориентираат. Контрадикторно, ова е истиот (контра)аргумент за „пополнување на квоти" против кој десницата се буни во погоре разгледуваниот цитат, а овде го користи. Во практика, крајнодесничарските групи ги пуштаат да напредуваат во нивните редови само жените кои го заштитуваат патријархалниот статус-кво, т.е. оние кои не отстапуваат од родот и се стремат истото да го санкционираат (тоа е аргумент и во прилог протов дефинирањето на мизогинијата како лично чувство на омраза, што беше погоре дискутирано).Политичарките како Мелони не се застапуваат и не ги интересира заштита на позицијата на жените, туку се заинтересирани за перпетуирање на таквата нееднаквост.

***Парадоксалноста на дело: Видовте ли некоја феминистка да ѝ честита победа на Мелони?** Италија доби нова влада. За првпат во историјата на оваа држава таа ќе биде предводена од ЖЕНА, Џорџа Мелони. (...) Оваа ЖЕНА успешно ја ребрендираше својата партија, а во претходните неколку месеци се покажа во најдобро светло на телевизиските гостувања, на секоја дебата и токму на тоа се должи нејзината уверлива победа. (...) Се разбира дека во текстот погоре неколку пати намерно алудирав*

*на терминот ‘ЖЕНА’, за да бидам како феминистките кои секогаш на прво место ставаат тоа дека е жена, а не нејзините квалификации. Сепак, во овој случај мене поентата ми е друго.* ***Победата на Мелони како жена ја покажа парадоксалноста на феминистките. Кога станува збор за жена која е левичар тие безрезервно ја поддржуваат, а овој пат дека женскиот кандидат е со десничарски убедувања тие ќутат и нема честитки. Не само тоа, туку има и навреди кон неа дека имала ‘фашистички сфаќања’.*** *(...)ако веќе имате некои ‘феминистички идеали’, (кои за мене се несфатливи) останете доследни на нив, а не да бидете феминистки само кога ќе ви притреба! Честитки Мелони!*(Анонимизиран инфлуенсерски профил со крајнодесничарски убедувања, Фејсбук, 2022)

Крајните десничари покажуваат свесност дека жените се многу помалку привлечени од национализмот; притоа, признаваат и дека во националистичките кругови фактички има помалку место за жените. Еден од набљудуваните профили според сопствените објавени статистики, една година после неговото активирање, во 2021, објавил дека додека 80% од неговите следачи се на возраст 18-34 години, 88% од вкупниот број се мажи, 12% се жени. Друг сличен профил за кој за ова истражување направивме проценка на родовиот состав на следбеништвото врз основа на случајно избран примерок од следбениците, покажува сличен однос: 85% мажи, 15% жени. Овие бројки ја потврдија претпоставката за возраста и родот на публиката која претходно ја направивме врз основа на објавените содржини и дискурсот. Објаснувањето кое го предлагаат за лоцираната „ниска привлечност“ на оваа идеологија за жените е во „неприспособливоста на денешната десница кон условите на новото време“, лошото комуницирање на идеолошките ставови од страна на мажите националисти.

Притоа, како носечки аргумент за сојузништвото на национализмот со жените се наведува неговата ориентираност за заштита на „белите жени од мултикултуралната закана“. Значи, за жените да се чувствуваат дека се заштитени и дека припаѓаат во национализмот, тие треба да бидат ксенофобни, антиимиграциски, анти-исламски и традиционални, т.е. нивното припаѓање треба да е поддржувано/хрането од свесноста за надворешната закана.Интересно е дека крајната десница го гледа либералниот феминизам како

движење-претставник на жените (т.е. дека повеќето жени наводно имаат такви ставови, што не е точно) и е заправо неумесна генерализација, која всушност ја нагласува и преувеличува идеолошката поделба помеѓу половите.

Сепак, во последниов период, со општата пролиферација на националистички профили, се јавуваат и такви кои сугерираат дека се раководени од жени. Овие во принцип се квалитативно слични и ги репродуцираат истите крајно-десничарски наративи.

5.

Експлицитно се форсира популистичката поделба на народот и елитите како централна антагонистичка релација од која овие субјекти го црпат својот легитимитет. Притоа, како на празни означители, на овие поими може да им се придодаде разна содржина. Популизмот, кој е изворно левичарска комуникациска стратегија, кога го преземаат десничарите тие го прилагодуваат, и не ги обвинуваат само надворешните структури на елити, како ЕУ, моќниците и сл, туку и некои малцинства во државите во кои тие се наоѓаат – секако, тврдејќи дека се поврзани и поддржани од структурите на елитите.

> *Ние сме тивкото мнозинство што има силно национално чувство. Тивкото мнозинство што себеси се декларираат како Македонци, за разлика од нивните 'прогресивни' другарчиња – умови кои не познаваат нации и се 'граѓани на светот'. Ние сме тивкото мнозинство кое сѐ уште е традиционално. Ние сме мнозинството кое има почит спрема родителите, народното творештво, историјата, сите дејци кои твореле на овој простор. Нас не ни требаат геј паради за да се покажеме кои сме. Доволно добро знаеме и немаме потреба од експонирање. Нам фамилијата ни е пред се'. Имаме почит кон народната музика, народните танци и ора. Ние сме традиционални, а околината не' гледа како 'затуцани' бидејќи веруваме дека има САМО два рода – машки и женски, а семејството го гледаме како заедница меѓу маж и жена. (..) Ако сакате да ја изградите куќата секогаш се почнува од темелите. Ние сме тивкото мнозинство кое било на секој дел од тркалото. Еден дел горе, друг ден доле. (...) Нема да дозволиме да не' надвладеат, нема да дозволиме да не' повлечат. Ние сме мнозинство, но тивки... А тивка вода – брег*

*рони* (Анонимизиран инфлуенсерски профил со крајнодесничарски убедувања, Фејсбук, 2021)

Ова е многу експлицитно кога се работи за ЛГБТ заедницата, мислењето дека ширењето на ЛГБТ ставовите е „масло“ на Западните елити кои наводно ги штитат и овозможуваат, користејќи ја кованицата „глобо-хомо агенда“, кои се стремат да ја уништат домицилната култура и да го заменат домашното население преку пропаганда и инсталирани структури.

***ЗАПАДНИ ИЛИ МАКЕДОНСКИ ВРЕДНОСТИ, ПРАШАЊЕТО Е СЕГА!****? На нашата народна телевизија, која треба да е сервис на македонската култура, традиција и вредности,* ***започнаа да се емитуваат одвратните системи на геј-лезбо-трансексуалната западна глобалистичка секта****.*
*(*Зоран Јованчев, извор: „Западни или македонски вредности, прашањето е сега“ [колумна] (21.04.2021), Родина: https://rodina.org.mk/%D0%B7%D0%B0%D0%BF%D0%B0%D0%B4%D0%BD%D0%B8-%D0%B8%D0%BB%D0%B8-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%B2%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B8-%D0%BF%D1%80%D0%B0/)

Ова е дел од антиинституционализмот на антиродовите, кој се среќава и особено во однос на Обединетите нации и Светската здравствена организација (СЗО). Антиинституционализмот е дел од причината зошто се негираат одлуките на Комисијата за антидискриминација и се одбива како легитимно тело.

*Иако главната причина за повлекување е тоа што Трамп смета дека СЗО не успеа соодветно да се справи со Ковид-19 пандемијата и е под политичко влијание на земјите членки (...) сакаме дополнително да потсетиме дека  Обединетите Нации и СЗО се едни од главните актери во промоција и наметнување на родовата идеологија. (...)* ***Со отстапување на САД од СЗО, официјално се потврдуваат `теориите на заговор` дека СЗО е приватна организација, бидејќи најголем донатор останува Фондацијата Бил и***

> ***Мелинда Гејтс(...) кои исто така ја промовираат родовата идеологија.***(Анонимизиран корисник претставник од антиродовите движења, Фејсбук, 2025)

Објавата подолу која вели „Не слушнав ниту еден навредлив збор од лице на МПЦ против ЛГБТ заедницата**“** ги игнорира или ги нормализира ставовите изразувани од претставници на МПЦ и нивните сојузници на протестите со кои се негира правото на постоење и избор на идентитет на ЛГБТ луѓето, во кои се изедначуваат со педофилија, сексуално насилство и сатанизам и агресивност како и со напади врз нацијата, и се повторува поврзаноста на таа заедница со елитите, т.н. „геј-лоби“. Во однос на ставовите кон малцинставата и Другите, редовно важи формулата: ако ти делува дека сум против нив, тоа ти го читаш погрешно – но ако е „некој“ навистина против нив, тоа е негово право.

> ***Не слушнав ниту еден навредлив збор од лице на МПЦ против ЛГБТ заедницата****. Ама затоа заедницата не престанува со вулгарности кон МПЦ, најверојатно вулгарноста е нивното мото за ширење љубов. МПЦ се чека да се осуди за говор на омраза, а ЛГБТ имаат право на слобода на говор.“*(Анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Фејсбук, 2023)

> *Слушам,ЛГБТ заедницата во Македонија незадоволна дека ја немало во програмите на [нашата коалиција]. Морам да објавам дека дури една од 11-те причини за возобнова на [нашата партија],значи,една од точките во програмата [на нашата партија] им е посветена токму ним. (...) стои: ВОЗОБНОВА,ЗАШТИТА И ПРОМОЦИЈА НА ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ ВРЕДНОСТИ, ВО ЗАШТИТА НА ТРАДИЦИОНАЛНОТО ЗДРАВО СЕМЕЈСТВО МЕЃУ МАЖ И ЖЕНА, КАКО ОСНОВНА КЛЕТКА НА ЗДРАВО ОПШТЕСТВО. ИСТОВРЕМЕНО,* ***ХОМОСЕКСУАЛНОСТА ДА СЕ ОКВАЛИФИКУВА СО НЕЈЗИНОТО ВИСТИНСКО ИМЕ - БОЛЕСТ И ДА ВЛЕЗЕ СО ЦЕЛОСНО БЕСПЛАТНО ЛЕКУВАЊЕ ВО ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА.***(Анонимизиран корисник од политичката десничарска сцена, Фејсбук, 2016)

Аргументот дека транс-лицата претставуваат закана за слободите на жените поради тоа што им го земаат нивното место во општеството, т.е. им претставуваат нелојална конкуренција (пр. се вработил на место предвидено за жена) е на линија на аргументацијата на родово-критичната теоретичарка Кетлин Сток дека е „наивно да се

смета" дека либерализираните социјални норми за транс-родовите лица нема да поттикнат лица со поинаков родов идентитет да ја злоупотребат таа слобода. Нејзин е и аргументот дека постструктуралистичкото сфаќање на родот им штети на напорите на жените за борба против опресивните наративи и структури, со што овие пак прават апропријација на говорот на женски права за форсирање на исклучувачки агенди.

> ***Ако маж стане на лева нога и тој ден одлучи да биде жена****, тогаш лесно (...)* ***може легално да го промени својот идентитет за да го 'прелаже' системот и да се венча со својот партнер****. Истовремено****, квотите за родова застапеност ќе бидат неважни.*** (Анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Фејсбук, 2023)

> *Вработените од матично мораат да му заменат документи за тој да добие лична карта дека е жена! После тоа,* ***таа будала може слободно да влегува во женски тоалети, каде се вашите ќерки****, да ги вознемирува и манијачи, да се соблекува гол пред нив со машки гениталии, а вие не смеете да реагирате, бидеќи тој по лична карта издадена од обиџуковци е жена! Исто* ***тој лудак ќе може како жена да работи во медицински установи, ќе може да биде дел од женски спортски тим и да се натпреварува со жени и да користи женски соблекувални, женски туш кабини… а повторувам болесникот е целосно маж!*** *Исто таа будала од зајковци ќе може да биде кандидат за пратеник на место на жените, ќе може да аплицира на работни места како жена и да им земе место на вистински жени, ќе може да склучи брак со друг маж, бидејќи наводно е жена… Замислете таков* ***педофил****, кој обиџуковци го прогласиле за жена по лична карта, ќе може да работи како негувателка на деца во градинка и да силува десетици од нив…(...) Така оваа банда ги заштитува ЖЕНИТЕ! Со одземање на сите женски права и привилегии и давање на манијаци и педофили****! Вистински мажи, со целосно машки карактеристики и гениталии, дури и облечени како маж, ќе ги земат местата и улогата на вистинските жените во државата и општеството!*** (Анонимизиран корисник од политичката десничарска сцена, Фејсбук, 2023)

7.

Демонизирањето на левицата е многу проминентна тема на овие канали и се поврзува со сите клучни прашања кои крајната десница ги третира, а многу често се споменува во

контекст на историскиот комунизам. За време на пропалестинските акции и протести, кои добија поддршка од феминистичката и ЛГБТ задницата, во согласност со нивната левичарска борба против угнетувањето по секоја основа, десницата беше испровоцирана да си го објасни ваквиот, според нив, контрадикторен сојуз. Во нивниот светоглед контрадикторен е ставот на западната левица да застане во одбрана на муслимански народ (макар се вршел геноцид врз него, нешто што таа исто така не го прифаќа бидејќи ги гледа како напаѓачи и непријатели) со оглед дека е дел од белиот западен свет, па со ваквите одлуки „оди наспроти себеси“. Десничарите не можат да ја увидат хуманата мотивација на таквото позиционирање. Така, ваквиот сојуз го објаснуваат со перципираната заедничка мотивација на комунистите и исламистите (читај: левицата, либералите, феминистките и муслиманските народи) да го уништат Западот и белата цивилизација. Оттаму, кованицата „Комунислам“, која е на линија со другите слични теории на заговор на десницата за да ја опише заканата од исламизмот за Европа (како сличната кованица Евроарабија, теоријата на Големата замена и тн.)

> ***Лицемерни испади на левицата во светски рамки****. Викаат: ‘расизмот и дискриминацијата се лоши’ - се залагаат за црнците да влезат на факултет со помал успех од останатите. Викаат дека се против насилни протести - никогаш не го осудија дивеењето на протестите за БЛМ, туку истото и го поддржаа. Промовираат: ‘слобода на говор’ - кога некој зборува го навредуваат, зборат дека тоа е ширење омраза. Бараат поголема застапеност на жените во секој сектор - во меѓувреме викаат дека не постојат родови. Не им е проблем ако се прикажува супериорност на црната раса, но обратна е ситуацијата кога тоа е со белата раса. Велат дека капитализмот е лош, а ги уживаат сите благодети на капитализмот. Честопати тие се финансирани од бизнисмените, а кампањите им се базираат на зборување против крупната буржоазија. И така натаму…*(Анонимизиран инфлуенсерски профил со крајнодесничарски убедувања, Фејсбук, 2023)

> *Едно нешто ме интересира... до кога ќе трае овој* ***сјоуз помеѓу овие милитантниве феминистки и имигрантите*** *кои мамата им ја расплакаа од силување на европјанките, а дома своите жени ги забулија* (Коментар на корисник во дискусија на форумот Кајгана, 2014)

Сметајќи го национализмот за природна човекова состојба, крајните десничари сметаат дека затоа и се распаднала СФРЈ, поради суштинската националистичка природа на човекот, и дека национализмот е повисоко ниво на општествено уредување од марксизмот, кој го ослабува народот и поединецот. А го ослабува, веројатно, затоа што ги замаглува етничките и националните граници фокусирајќи се на наднационалното, оттаму го ослабува етничко-националниот идентитет и самочувство на сметка на глобалното работничко единство. На крајот, сметаат дека марксизмот во крајна линија се залага за укинување на семејството во полза на зголемување на важноста на колективот, а не на семејството, за егзистенцијата на поединецот, и тоа во нехиерархизиран (како што е во семејството) туку ризоматичен однос. На тој начин, се толкува, идентитетот на поединецот е многу потешко да се впрегне во остварување на некоја цел, доколку таа не е колективистички определена. На крајот, на тој начин се губи главната карактеристика на националистичкиот светоглед, поделбата на *ние* и *тие*, постоењето на Другиот како непријател, што го попречува десниарскиот светоглед. Левицата ја претставуаат како да има омраза кон сопствената нација и раса поради своите наднационални ставови. На сите разгледувани профили е присутно демонизирање и омраза кон левицата, се повторуваат истите обвинувања за омраза кон белците, девијантност и перверзност поради поддржувањето на ЛГБТ правата, блискоста до елитите итн. ; со тоа што на некои профили тоа е посуптилно и оправдувано, а на некои е агресивно и нападно, до степен на повикување на насилство.

Во однос на порамнетоста со капиталистичките ставови, некои субјекти се силно капиталистички ориентирани, и практично (со цел да заработат и/или да ја финансираат мобилизацијата) и идеолошки. Идејата за економскиот успех е и точка на привлекување за младите следбеници. Во идеолошка смисла (како што го наведовме увидот од еден интервјуиран соговорник – истражувач на десничарските движења и левичарски активист во претходното поглавје) капиталистичкото збогатување го сфаќаат како јакнење и враќање на достоинството на македонската нација, ја промовираат идејата дека „Македонците треба да имаат бизниси, врз база на капиталот да станат супериорни во државата и регионот, и на тој начин нема да има ниедна друга нација што би ги

супресирала.“ (интервју со истражувач на десничарски движења и левичарски активист, септември 2025). Впечатливо, ова отприлика би значело „силна олигархија-силна нација“, со оглед дека националното збогатување не го гледаат низ призма на изедначена распределба меѓу класите граѓани. А таквиот систем бара ефикасен државен механизам за одржување на тие односи на моќ и превласт на мнозинското население и за создавање клима за капиталистички напредок, кој, патем, ќе биде затворен за малцинствата: „Тоа е линкот што го отскрива тој дел од таа идеологија: богатите моќници кои бараат силната национална држава да му припаѓа на мнозинскиот народ, да ја држи под социјална контрола преку полиција, војска и сите инструменти и институции на контрола и на принуда, а да ги истакнува фрустрациите на мнозинскиот народ постојано укажувајќи дека е тој угнетуван од малцинскиот и дека само доколку полицијата, државата и институциите за принуда се во рацете на мнозинскиот народ тој ќе го постигне крајното задоволство.“ (Интервју со истражувач на десничарските движења и левичарски активист, септември 2025) Уште повеќе, соговорникот укажува дека особена закана се гледа во јакнењето на албанската олигархија, како конкурентна на македонската олигархија. Сепак, некои десничари, не го одобруваат капитализмот бидејќи е интернационалистички (ги гледа народите подеднакво низ призма само на капиталот а не и на различните национални обележја и ги обединува во таа смисла) и индивидуалистички (само личното богатење е главната вредност, а не колективнот т.е. нацијата, со што заправо придонесува кон „биолошката замена на националното население“ и ја одобрува имиграцијата – како увоз на поефтина работна сила).

Ревизионистичката реторика е силно присутна кај крајната десница. Кога зборуваат за левицата, на пример, нивната борба и одредени важни развои се обидуваат да ги врамуваат како националистички: „идејата за нација првенствено е идеја за економско – национално ослободување, а не за митолошко-национално ослободување, како што тоа го прави десницата (...)индустриската револуција се јавува потреба од работници кои ќе можат да се снајдат во новата конфигурација (...)Тоа е првичната идеја на нацијата – економското oслбодување. (...) идејата е македонската нација да стане економска единица овде со сите наративни и историски елемент,  сите да се дел од една економска

заеница.“ (Интервју со истражувач на десничарските движења и левичарски активист, септември 2025). Значи, крајните десничари се обидуваат на левичарската идеја за економско-национално ослободување ја спротивставуваат својата идеја за митолошко-национално ослободување, занемарувајќи го историскиот контекст на повоената обнова на општеството кој барал економска структурна заедница како основа на македонската заедница. На пример, востанието на 11 октомври 1941 година против фашизмот, го врамуваат како борба на македонските партизани за македонската нација. Друг пример се македонските борци кои заминале да се борат во Шпанија, за кои тврдат дека заминале таму од потребата да изградат нација, иако, овие, историските извори велат дека биле сталинисти и обземени од комунистичкиот светоглед.

> *Ја славиме борбата и жртвата на македонските партизани во ВСВ за ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД БУГАРСКИОТ ОКУПАТОР, а не фашизмот, во тоа време кога поголемиот дел од луѓето биле неписмени тешко дека знаеле за политички идеологии, така што* ***нивната борба е национална а не идеолошка****, токму затоа и по крајот на војната луѓе како Ченто и Панко Брашнаров беа судени и мачени од кпј и останати нејзини потрчковци и гзолижачи како лазо колишевски. Објавава нема смисла затоа што празникот го сметаме за национален а не `комунистички`,* ***единствената причина поради која што сме биле на таа страна од историјата е тоа што таму сме добиле шанса за да бидеме прифатени како Македонци***. (Коментар на објава на профилот на анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Инстаграм,2024)

Конечно, многу е присутна фашистичка ревизионистичка реторика и референците на фашизмот/нацизмот, често сосем експлицитно. Еден од разгледуваните профили, ја опишува својата публика како мешавина од „националисти, патриоти, десничари, левичари, фашисти, комунисти, расисти и космополити“, притоа, придавајќи им на сите еднакво значење и легитимитет. Лежерното користење на одредниците *фашизам* и *национал-социјализам* и нивното еднакво толерирање е релативизирање на овие идеологии кое се провлекува низ разните профили кои беа анализирани. Понекогаш овие идеологии се претставуваат како „трет пат“ кој ја надминува лево-десно поделбата. Често се среќаваат релативизирања на Втората светска војна и на историските примери на

фашизам и национал-социјализам, како и цитирања на фашистички мислители и лидери (Освалд Моузли, српскиот фашист и антидемократ Димитрие Љотиќ, режимот на Франко во Шпанија, Доналд Трамп, Хитлер и др,.) со поентирањето да се покаже дека тие имале и прифатливи и добри идеи, дека „замислете, идеологијата на фашизмот не била само крв и убивање“ т.е. дека етикетата „фашист“ е „комунистички начин за пресметување со неистомислениците“. Наместа одобрувањето се оправдува со фамилијалистички тропи за илустрација со кои има за цел просто и пластично да ги илустрира со цел да алудира на емоциите.

> *Државата не треба да ја прекине својата грижа за младината сè додека трае периодот на нејзиното физичко развивање.* ***Државата не само што има право, туку е и должна систематски и без прекин да се грижи за целокупното физичко воспитување на населението.*** *Нашата современа држава не покажува никаков интерес за здравјето на граѓаните и затоа таа заборава и на физичкото воспитување на младината. Сегашната држава спокојно ја остава младината да си го расипува здравјето во јавните куќи и по улиците, наместо да го земе во свои раце воспитувањето на младината и со систематска работа, да се стреми кон создавање на поколение од физички здрави мажи и жени. - А.Х, `Мојата борба`*(Анонимизирана страница со крајнодесничарски карактер, Инстаграм, 2023)

Крајната десница го негира, не само релативизира, фашизмот на десницата (од испитаниот материјал нејасно е, тогаш, *што* тие разбираат како фашизам), и истиот ѝ го припишува на левицата. Левицата ја означува како афрофетишистичка, исламистичка, комунисламистичка, насилна, опседната со ЛГБТ права, терористичка. Смета дека легитимните акции на десницата се неправедно демонизирани. Десницата комунизмот го изедначува со фашизмот, додека национал-социјализмот го исклучува од поделбата левица-десница, како овој да ја надминува таа поделба. На крајот, наголемо се величаат и се претставуваат како ориентири за јавни политики актуелните партии, акции и ликови од европската и американската крајна десница, како Национален фронт во Франција, Виктор Орбан во Унгарија, АфД во Германија, Доналд Трамп (кон кого постои особен култ), како и ликови кои се граѓански активисти како Чарли Кирк и опскурни и контроверзни славни

лица од онлајн просторот како Ендрју Тејт и Џордан Питерсон – сите наведени се славни по својата интензивна мизогинија.

На крајот, отпорот кон модерноста и желбата за враќање наназад на постигнатиот историски прогрес на сите полиња, кој е препознатлив за фашизмот, е експлицитно присутен, и освестен, и на истражуваните профили. Долу приложените коментари ја прикажуваат некохерентната линија на рационализирање на ова отфрлање на модерноста:

> ***Порадо би живеел во архаично и застарено општество наместо во овој модерен, материјалистички и дегенеративен кошмар. Нашите претци не умреле за модерноста.*** *(...) Разводите се производ на модерноста и на загубата на традиционалните вредности. Кога имавме традиционални општества, ова не постоеше како проблем. (...)****Урбанизацијата е една од работите што ја уништи Македонија, и делумно е причината што предизвика `одлив на мозоци` кај младите.***
>
> *Ми велиш да се вратам назад во Средниот Век како да е тоа некаква навреда, но всушност би го сакал тоа.(…) Како е општеството подобро во модерното време?! Гледаме пораст на самоубиства, злоупотреби, дрога, алкохолизам, атеизам, педофилија, листата продолжува. Овие не биле проблем во поголемиот дел од историјата. Архитектурата многу покажува колку биле возвишени времињата пред модерното. Да биле назадни, како што велиш, и да работелепо целден, немало да изградат таква архитектура. Во Македонија, немало да измислат толку разни танцови со различни значења, везови, народни приказни, песни, да била ситуација како што велиш ти. Точно е дека имале различни предизвици, но мораме да зачуваме некои од добрите вредности.* ***Повеќето од она што го знаеме за Средниот Век е пропаганда од страна на просветителските мислители кои не ни мислеле добро.*** *Причината што нашите непосредни претци биле подложени на сето тоа е бидејќи биле под отоманскиот, исламскиот систем, така што тоа ти е ужасен пример. Средновековниот христијански систем бил далеку од тоа.*
>
> (Коментари во дискусија на објава на анонимизирана страница, Инстраграм, 2020)

## 3.2 Наративи на антиродовите движења во Северна Македонија

Антиродовите движења главно се фокусирани на напади на она што тие го нарекуваат „родова идеологија“, што треба да има пејоративен напон, а се состои од феминистичкото разбирање на родот како социјално конструиран и оттаму различен и приоритизиран над биолошкиот пол; се противат и на правата на ЛГБТ заедницата и на институционализирањето на родот и родовата еднаквост. Притоа, нивните јавни реакции редовно директно таргетираат организации, активисти-поединци, партии, реагираат на конкретни настани и законски решенија; за разлика од десничарските профили кои ги разгледувавме кои се повеќе исполнети со идеолошкиот дискурс, но не се толку ориентирани кон конкретни акции и мобилизација колку антиродовите.

Слично како и крајно-десничарските субјекти кои ги разгледавме, и овие своите антиродови наративи ги поврзуваат со разни други компатибилни наративи. Сепак, овие не се толку видливи на површината, бидејќи антиродовите се жестоко и специфично фокусирани на борба против примарната закана за која се оформени: родовата идеологија, преку промовирање на родителските права и анти-транс реториката, под плаштот на залагање за заштита на правата на децата. Меѓутоа, со анализа на идеолошките структури во подлогата, на дискурсот и со следење на активноста на сродните онлајн-субјекти (на пример, партнерските организации и личните јавни профили на активистите) нивната вкотвеност во крајно-десничарските ставови и наративи станува очигледна.

Во пракса, дел од крајнодесничарските субјекти опортунистички ги користат антиродовите наративи за да го свртат вниманието на јавноста кон себе, и потоа да го имаат вниманието да промовираат други крајно-десничарски наративи. Така на пример, кога претставник на една помала порадикално десна партија, во коалиција со конзервативната влада, беше поставен на чело на една национална агенција за европски политики, индикативно беше што една од првите одлуки што ги донесе беше да ја осуди родовата терминологија и да ја скрати поддршката за организациите кои ја користат. Ваквото апсолутно приоритизање на антиродовите ставови може да се толкува како ефикасна тактика за привлекување на јавното внимание (или дефокусирање), како тактика за брзо придобивање на публиката

или за кодирано профилирање кај таргетираната публика. На друга линија, една помала, идеолошки нејасно дефинирана партија, во текот на неколку години во својата партиска програма три пати го модифицираше својот став во однос на родовите и сексуалните малцинства, веројатно обидувајќи се да се прилагоди на тековниот пулс на јавните сентименти – фактот што родовите прашања се маргинална тема во нејзината политичка платформа и` го овозможуваат тоа без поголеми последици. Од друга страна, укажува една соговорничка, истите се користат по потреба и во зависност од тековните услови: „тематски дефинитивно има големи сличности и точки на заедничко делување и на антиродовите групи и на луѓето на власта во однос на политиките, но мојот впечаток е дека се користат по потреба“. За илустрација таа наведува дека кога антиродовите субјекти промовираа антиваксерски ставови во времето на пандемијата, тие ставови не им одеа во прилог на естаблишентот, но кога даваа отпор против воведувањето на сексуалното образование тој беше искористен за подривање или заобиколување на таквите измени (Интервју со експертка за родова еднаквост и права на родови малцинства, септември, 2025).

Во сродните наративи, меѓу другото, спаѓаат и антиваксерство, антиклиматски промени, антиимиграција, расизам, антиисламизам, национализам, антиинституционализам, антиелитизам, антифеминизам, анти-ЕУ. На пример, дел од личностите кои се гласноговорници за антиродовите движења и родителските права, и кои, заправо, јавното внимание кон себе и авторитетот кај своите следбеници го добија токму преку ова движење, се едновремено и претставници на крајнодесничарски партии или организации. Нивните следбеници, кои ги добиваат поради антиродовите ставови, ги подложуваат и на крајнодесничарските наративи, кои се компатибилни со начинот на кој се претставени антиродовите наративи (елитите, либерализмот, теориите на заговор, односот кон малцинствата итн), па така овие се привлечени, ако не кон политичкиот субјект, тогаш кон авторитетот на личноста; ако не кон личноста, тогаш кон самите наративи. Претходно го забележавме и обратното, дека во некои случаи крајнодесничарски субјекти тактички/популистички користат антиродови наративи за брзо добивање популарност и видливост помеѓу јавноста.

Ако десничарите повеќе се фокусираат на разнебитувањето на културната матрица и на национализмот/ксенофобијата, антиродовите примарно повеќе се фокусираат на политиките на идентитет и на популизмот. Ако тргнеме да ги разгледуваме наративите паралелно со крајната десница, централниот концепт на национализмот кој го имаше крајната десница кај антиродовите движења не е видливо потенциран. Меѓутоа, традиционалистичките сфаќања за семејството и бракот во целост им се поклопуваат, како и идентификувањето на непријателите на овие институции: ЛГБТ елитата, глобалните елити, Западот, марксистите. Целокупниот наратив на антиродовите е во правец на задржување на статус-квото и дефинирање на овие напори преку акции со негативен предзнак – одземање, негирање, забранување, ограничување.

> *Победа на вечното нормално над `новото нормално*`(Анонимизирана страница на здружение со антиродов карактер, Фејсбук, 2025)

Антиродовите ја користат фразата „новото нормално“ со кое се реферира на разбирањето на родот како флуиден, наспроти „вечното нормално“ со кое се реферира на традиционалните, пред сè, родови, идентитети како фиксни и усогласени со полот. Фразата „ново нормално“ започна да се користи за време на ковид-пандемијата кога се пропишуваа посебни мерки и однесување за намалување на ширењето на болеста, како носење маски, практикување социјална дистанца, вакцинирање итн. – што е и периодот кога овие движења се појавија. За време на подолг временски период, од минимум две години, ковид-пандемијата наеднаш и драматично го промени стилот на живот на глобално ниво, го отежна секојдневието и предизвика трајни последици на разни нивоа, вклучително и секојдевни навики кои сè уште се провлекуваат.

Фразата „ново нормално“ се користеше од политичарите и од јавните лица пред сè за да се потенцира неопходноста од вакво приспособување на новонастанатите, пандемиски, услови, за потоа да почне да се користи иронично од страна на противниците на промените и од пандемиските скептици, кои повеќе се приклонуваа кон теориите на заговор дека ковид-пандемијата не е реална туку е измислица на елитите со цел да се воспостави контрола над светското население и да се намали истото. Оттука, фразата

„ново нормално“ го носи тој специфичен општествено-идеолошки контекст кој подоцна во себе започна да ги врзува сите тенденции кои радикално отстапуваат од традиционалните сфаќања и притоа се поврзуваат со влијанието на глобалните елити. Па така, кога за родовите прашања се користи фразата „ново нормално“, тоа во себе имплицира поширок идеолошки контекст кој опфаќа повеќе ставови: антиваксерство, (фанатична) религиозност, ксенофобија, антифеминизам, авторитаризам, популизам, фамилијализам и тн.

Антиродовите веруваат дека феминистичките барања за препознавање на правата и на потребите на жените и родовите малцинства радикално ќе ги ограничат правата и слободите на „обичните граѓани“, до степен на опресија. На пример, аналогно на стравовите на конзервативните мажи дека со зголемувањето на свеста за сексуалното насилство над жените можат во секој миг неправедно да бидат обвинети за силување, така и антиродовите претставници апсурдно стравуваат дека доколку на транс-родово лице се обратат со погрешната заменка „можат да бидат обвинети дека му/ѝ вршат конверзивна терапија“ и да бидат „кривично гонети“, како што е споменато во цитатот подолу. Од своја страна, антиродовите движења често користат симплифицирано, карикатурално и исмејувачко претставување на феминистичките ставови, кои ги сфаќаат како промовирање на антисемејни, антинаучни и радикални идеологии:

> *Ако видиш женско, не ѝ се обраќај во женски род!* ***Прво прашај ја како се чувствува денес: како женско или како машко.*** *Секој ден ќе ја прашуваш!* ***Инаку, кривично можеш да одговараш!*** *Исто и за машко. (...)****Размножувањето не е ниту природен, ниту нормален, ниту научен, ниту пак, потребен процес – ве лажат по биологија и по социологија****! Вие, децата, не сте неопходни во ниту едно општество, ниту пак, имате некоја важна улога. Ние ќе воведеме бракови од двајца мажи или од две жени, кои во никој случај не ќе можат да создаваат деца. Зошто мора да има деца на овој свет, а?*
>
> (Реакција на Родина Македонија, извор: „Мила Царовска, со благослов од царската ни влада, вака ќе ги (пре)образувала нашите основци“ (13.12.2020):

https://rodina.org.mk/%d0%bc%d0%b8%d0%bb%d0%b0-%d1%86%d0%b0%d1%80%d0%be%d0%b2%d1%81%d0%ba%d0%b0-%d1%81%d0%be-%d0%b1%d0%bb%d0%b0%d0%b3%d0%be%d1%81%d0%bb%d0%be%d0%b2-%d0%be%d0%b4-%d1%86%d0%b0%d1%80%d1%81%d0%ba%d0%b0%d1%82/?fbclid=IwY2xjawOAQttleHRuA2FlbQIxMABicmlkETE2RWFsME5nWTN1VE9KTzg5c3J0YwZhcHBfaWQQMjIyMDM5MTc4ODIwMDg5MgABHmiWugviaGQ6NxHttR4bMPNLJkYxXfyTr8OAK5xsMmTcBe2Ta0zS5jCDC10q_aem_pH9216BMYYDeJnjF0JSNWQ )

Според антиродовите субјекти, ЛГБТ активистите сакаат да ја уништат институцијата на бракот, која е основа на семејството, како базична градбена единица на општеството и како основна целина во христијанскиот светоглед. Ова и покрај фактот дека самите ЛГБТ лица бараат да им биде дозволено да склопуваат легални бракови, но таквата желба се гледа како искривоколчување, валкање и делегитимизирање на институцијата брак. Антиродовите и Црквата  се залагаат бракот да биде законски пропишан како сојуз единствено помеѓу маж и жена како полово одредени категории, и во тоа имаа успех со локалните власти во некои македонски општини. Понатаму, во согласност со популистичкиот светоглед и теориите на заговор, крајно десничарските и антиродовите ставови течат дека поткопувањето на бракот и семејството е *стратешки осмислено*, бидејќи со одземањето на таа идентитетска основа и социјална потпора на индивидуата, таа се прави подподложна на манипулации и контрола.

> ***Една од посериозните цели на родовата идеологија е уништување на семејството.*** *Токму за тоа се залага и марксизмот.* ***Раздели, па владеј - најлесна формула за контрола на популацијата****. Порано учевме дека семејството е основна клетка на општеството и дека преку здрави семејства имаме и здрави општества, но последниве десетина години, тој заклучок е сменет. И тоа неслучајно... Како може еден Ким Џонг Ун да диктатурува со една држава, ако мајката, таткото и децата се сплотени, единствени и заштитнички настроени еден кон друг, спремни дури и животот свој да го положат од љубов?!* ***И едно такво сплотено семејство, спонтано и природно ќе бара и други такви семејства, за да се групираат во поголема заедница. А штом сплотената заедница расте, тогаш и диктаторот го фаќа поголем страв, зашто знае дека потешко ќе може да ја контролира.*** *Затоа, реков, најлесно е - раздели, па владеј. Раздели ги децата*

*од родителите, со тоа што ќе им го испереш мозокот од мали.* (Анонимизиран корисник од сцената на антиродовите движења, Фејсбук, 2024)

Заправо, Црквата како институција и одредени црковни претставници се носителите на мизогиниот дискурс години наназад, и на антиродовиот дискурс со иницирањето на мобилизациите. Освен што беа организатори на протестите против предложените закони за образование и за матична евиденција во, тие имаат и чести јавни настапи на оваа тема, со говор кој е обременет со исклучувачки, антагонизирачки наративи па сѐ до директен говор на омраза и споредување со сатанизам и педофилија. Заправо, како еден од главните актери се истакна епископот на МПЦ Јаков Стобиски. Во јуни 2023 Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) утврди дека епископот Јаков Стобиски има извршено дискриминација врз основа на сексуална ориентација во областа на јавното информирање и медиуми, кога тој во своите јавни настапи сугерираше дека транс-родовоста е резултат на ментална болест, користејќи изрази како „епидемија на трансџендеризам", „настраност" и „пореметување". Епископот одби да се извини, а и покрај барањето на КСЗД да се воздржи од јавни настапи, во наредните денови по бројни медиуми некритички беа објавувани негови изјави од јавни настапи и интервјуа. На 5 мај 2023 година лидерите на пет верски заедници (МПЦ, ИБЗ, скопскиот бискуп, Евангелско-методистичката црква и Еврејската заедница, а подоцна кон оваа група се приклучи и Српската православна црква во Северна Македонија) објавија заедничко соооштение во однос на предлог-законите за матична евиденција и за родова еднаквост, во кое тврдат дека овие закони се неприфатливи и конфузни во разделувањето на термините пол, род и родов идентитет, па така „отвораат можност за дискриминација токму на најранливите – жените и децата":

> ***Сметаме дека се неприфатливи легалното признавање на 'родовиот идентитет' во овие закони, како и збунувачкото разликување меѓу: пол, род и родов идентитет.*** *Преку нивното донесување, наместо да се заштитат,* ***се отвора можност за дискриминација токму на најранливите – жените и децата!****(...) Изворот на овој загрижувачки тренд го лоцираме во* ***ратификувањето на Истанбулската конвенција,*** *која, благородната цел на заштита на жените и децата, ја искористи* ***како параван за***

***затскриено наметнување на родовата идеологија.*** *Всушност,* ***Предлог-законите, во основа, им противречат на доктрините на сите верски заедници!***

(Заедничко соопштение на верските заедници, извор: „Поглаварите на верските заедници во Македонија со заеднички став за Предлог-законите за матична евиденција и за родова еднаквост“ (05,05,2023), Католици.мк: https://katolici.mk/%D0%BF%D0%BE%D0%B3%D0%BB%D0%B0%D0%B2%D0%B0%D1%80%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D0%B2%D0%B5%D1%80%D1%81%D0%BA%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B7%D0%B0%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B8%D1%86%D0%B8-%D0%B2%D0%BE-%D0%BC/)

Интересен е случајот што го забележува Трајановски во еден текст, дека во јуни 2023 година, периодот кога беше објавено соопштението на верските организации во кое ја напаѓаат Истанбулската конвенција, пристигна и веста дека ЕУ ја ратификуваше Конвенцијата, додека во медиумите доминираа настапите на верските лидери (Трајановски, 2023). Претставниците на Црквата во изминативе две-три години имаа доста видливост и беа некритички пренесувани од повеќето медиуми. Здружувањето на невладините и неформалните антиродови движења со Црквата значително ја зголеми нивната видливост.

Синтетизираниот став на антиродовите и десничарите за родовите односи во бракот е дека тоа навистина е хиерархизирана институција по природа (која е таква во традиционалниот и христијанскиот светоглед, но и во практика во либералниот капиталистички систем), но не во смисла на супремација, надмоќност или експлоатација од страна на мажот, туку таа хиерархија се оправдува во смисла на „различната природа, способности и склоности на мажите и жените“ што го условува „нееднаквиот“ однос и позиционираност. Таа хиерархизираност се гледа во фукција на „компатибилност“ на мажот и жената/машките и женските елементи, но не како заедништво чија хармонија би произлегла од компромисот и еднаквоста, туку како „хармонија“ која произлегува од неопходноста да постои однос на подреденост, т.е едната страна (во крајна линија) да

води а другата страна да следи. Да постои надреден и да постои компатибилен подреден е централно за традиционалистичкиот светоглед. Ако не постои односот на подреденост, тогаш тоа неизбежно се перципира како конфликт, борба, војна:

> *Укинување на приватната сопственост, а божем со тоа жените ќе биле независни од мажите - истата 'максима' што ја бладаат ЛГБТИК+ родовите активисти со апсурдноста дека жените треба да бидат плаќани за домашниот труд, суптилна инсинуација дека нивните сопрузи ги искористуваат.* ***Забележувате ли како намерно ги ставаат мажите и жените во конфронтирачка позиција со цел да ги скараат?*** (Анонимизиран корисник од сцената на антиродовите движења, Фејсбук, 2024)

Исто така, нивните објави изобилуваат со дезинформации и погрешни информации кои имаат за цел да стигматизираат. Пример за тоа е следнава објава, каде ЛГБТ лицата се стигматизираат, не само како заболени и носители на ХИВ, туку и како промискуитетни, а додатно се стигматизираат и лицата носители на ХИВ кои не се дел од ЛГБТ заедницата:

> ***Бројот на заболени од ХИВ расте, особено меѓу ЛГБТИ+ заедницата!!!*** *Да потенцираме што е вистинско сексуално образование и како треба да се едуцираат децата:* ***менувањето на голем број сексуални партнери и експериментирањето со групен и анален секс води до сексуално преносливи болести****, вклучувајќи го и ХИВ вирусот, кој може да предизвика смртоносни последици.*(Анонимизирана страница на организација со антиродов карактер, Фејсбук, 2025)

2.

Антиродовите инсистираат на постоењето на глобален, оркестриран напад врз традиционалните и семејните вредности. Според нив домашните „родови активисти“, главно идентификувани како ЛГБТ активисти, се финансирани и заштитувани и во сојуз со либералните елити за напредување на наводната агенда за форсирање на неприродни родови идентитети, насилна сексуализација и хомосексуалност, и разнебитување на семејството.

> *Народот во Унгарија ја доживеа својата ренесанса. Забрана на секакви јавни ЛГБТИ+ настани со кои се индоктринираат децата и од кои се згрозува народот.* ***Вулгарности, садо мазо перверзии, потсмевање со верниците*** *и сл. во организација* ***на ЛГБТИ+ активистите на Сорос****, веќе нема да се толерира. (...)* ***ЛГБТИ+ активистите на Сорос не сакаат да ја прифатат демократијата кога таа оди против нивните ставови****, па затоа се секогаш подготвени да прибегнат кон* ***недемократски мерки*** *- насилно спречување да се чуе гласот на народот“*(Анонимизирана страница на здружение со антиродов карактер, Фејсбук, 2025)

Џорџ Сорос е главната синонимна фигура на глобалните, демонизирани, либерални елити. Наспроти тоа, ги величаат авторитарните илиберални фигури како Орбан, Путин, Трамп, кои вршат прогон на феминистичките и ЛГБТ активисти во своите земји. Притоа, евидентни се мотивацијата и залетот што го црпат од глобалните случувања во прилог на крајната десница и распадот на демократските државни системи, како и еуфоријата и чувството на праведност што тоа им го предизвикува. Следниов цитат е коментар на масовните отпуштања, заплашувања, апсења и прогон на граѓаните за САД за време на вториот мандат на Трамп во 2025, поради нивните либерални и леви ставови (вклучително про-ЛГБТ, про-палестински) што е фашистичка тактика на заплашување, репресија и прогон.

> *Еден куп дечурлана плачат по интернетов зашто ја загубиле работата заради тоа што го кажале јавно... а замислете, некој го загуби животот баш поради истата причина и тие се смееја, се радуваа и славеа. What goes around comes around.* ***"Отпуштен си" - само со овие два збора може да се воведе некој ред и да се врати достоинственото однесување какво што го имаше порано. А не, доктор кој дал заклетва да спасува животи - се смее на одземен живот, учителка која треба да ги учи децата на добри дела - се подигрува со несреќата што две мали деца останале без татко...*** *Социопатијата е во пораст,* ***ама има лек и за тоа****...* (Анонимизиран корисник од сцената на антиродовите движења, Фејсбук, 2025)

Цитатот покажува дека нивното толкување на слободата на говор и на човековите права е еднострано и крајно контрадикторно, а е искомбинирано со наративот дека десничарите

се жртви а левичарите се насилни и терористи. Трамповиот режим во САД во времето на пишување на овој текст во 2025 ја има впрегнато целата државна машинерија во насилно замолчување, уценување и истребување на секоја критика и критичка мисла. Цитатот е контрадикторен и со текстот на придружната илустрација: „вистината не може да се замолчи со насилство“ (референца на атентатот на крајно-десничарскиот активист Чарли Кирк). Ова е еднострано толкување на прашањето и зборување од позиција на моќ.

Во другиот правец од светот пак, поранешниот претседател Пендаровски во една своја изјава сподели дека Агенцијата за разузнавање и други институции откриле дека високи лица на МПЦ соработуваат со руски служби („Имаме информации дека“, 2023); ова за жал, беше сензационалистички објавено од медиумите, а не и употребено како индикација за анализа на тогашните тековни настани поврзани со антиродовите движења. Во една емисија, лидерот на една помала партија која е дел од корпусот на антиродовото движење, го претставува Путин како бранител на општеството, семејството и Бог, загрозени од надоаѓачките општествени закани, т.е. од Западните тенденции (парафразирано од Трајановски и др., 2023, 59).

При сето ова, антиродовите активисти негираат дека со својот настап поттикнуваат говор и дела на омраза и не преземаат одговорност за својата хушкачка активност, што го правдаат со ваквото еднострано толкување на слободата на говор и изразување. Уште повеќе, настојуваат да го игнорираат фактот дека пошироките глобални мрежи и движења во други делови во светот (Русија, Полска, САД, Уганда), од кои се дел нивните ставови и активности, практикуваат радикални форми на дискриминација, прогон, насилство и кршење на човековите права. Фактот што постојат локални разлики помеѓу анти-родовите движења во различни национални контексти не може да се користи како изговор за негирање на јасната идеолошка поврзаност. Со сето ова, тие го перпетуираат цикличното системско насилство, и го негираат историско-културно-општествениот контекст во кој се развивала борбата за човековите права.

> *Чарли Кирк ја разобличува искривената ‘логика’ на прогресивните родови левичари.* ***Тие нас нè нарекуваат ‘фашисти’ бидејќи сме на страна на реалноста, фактите и***

> ***вистината**, а всушност **самите демонстрираат фашистички менталитет** кога слават и се потсмеваат со туѓата смрт, во случајов - смртта на Кирк. Некои од нив отидоа и до уште поголем **радикален екстремизам**со тоа што повикуваат и неговата сопруга да биде убиена, откако таа јавно кажа дека ќе ја продолжи мисијата на Чарли Кирк* (Анонимизирана страница на здружение со антиродов карактер, Фејсбук, 2025)

И кај антиродовите, како и кај крајните десничари, има чести референци на фашизмот и нацизмот, главно зашто се испровоцирани да одговорат (а одговараат иронично) на таквите квалификации од страна на феминистките. Истото оружје се обидуваат да го насочат назад против нив, во суштина искористувајќи го релативизирањето на тој термин што претходно го има воспоставено крајната десница како техника (бидејќи овие тврдат дека фашизмот ја надминува поделбата левица-десница, како аргумент користејќи ги тоталитарните социјалистички режими, како што назначивме во претходното поглавје), со обвинувања кои се темелат на апропријација на јазикот на човековите права – дека овие се тие кои го блокираат правото на слободно изразување, дека вршат угнетување (популистички, врз мнозинството) итн. Притоа, антиродовите ги идеализираат и се приклонуваат кон движења кои покажуваат јасни фашистички тенденции, како Трампизмот.

> *...во врска со тековната глобална дискусија за борба **против нетоleranција, негативни стереотипи, стигматизација, дискриминација, поттикнување на насилство и насилство врз лица по основ на нивната религија или верување**. (...) конкретни случаи на пречекорување на државата и предизвици со кои се соочуваат **христијаните како поединци и дел од семејства**, чии религиозни верувања се во конфликт со ЛГБТИК+ законите и политики**. Овие примери илустрираат како во некои случаи владите - честопати во име на инклузијата - не успеаја да ги поддржат верските слободи и родителските права, што резултираше со дискриминација, социјална маргинализација и законски казни за оние кои имаат традиционални верувања**. (...) Во некои случаи, како што е со Унгарија, беа покренати постапки за прекршоци од наднационални тела, како што е Европската Унија, со што се доведува во прашање непристрасноста и доследноста на меѓународните механизми за човекови права.*(Анонимизирана страница на здружение со антиродов карактер, Фејсбук, 2025)

Во горниов цитат е мошне евидентно присвојувањето на јазикот, на техниките и на инфраструктурата на активистите за човекови права. Антиродовите тврдат дека се залагаат за одбрана на правото на верска определба, кое наводно е дискриминирано со воспоставувањето на политиките за заштита на правата на ЛГБТ лицата. Антиродовите се залагаат и за правата на родителите да ги воспитуваат и едуцираат своите деца во согласност со сопствените убедувања, и со тоа да имаат право да се спротивстават и да влијаат, од позиција на родители а не експерти, врз државниот образовен курикулум. Овие активисти, спротивставувајќи сево политиките да се интегрираат јазикот и елементите кои се борат против и ја реферираат родовата дискриминација, воедно намерно го подриваат целиот систем кој е наменет да се бори со сите типови дискриминација по разни основи, и ја нарушуваат јавната доверба и поддршка за него. Со ова им прават услуга на крајно десничарските движења и отвораат пат за проблематизирање и на другите типови дискриминација следејќи ја истата матрица на разбирање и делување т.е. отвораат пат за влез на фашистички тенденции.Таков е примерот со подривањето на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација:

> *Загриженоста што се јавува се однесува на посетата на ученикот правобранител на обуки организирани од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.* ***Што може да научи тој ученик во улога на правобранител од обуките на таа Комисија и што тој ќе им пренесе на своите соученици****? Оние коишто редовно нè следат, ќе се сетат дека многупати имаме објавувано докази и предупредувања дека* ***голем број од вработените во оваа Комисија се ЛГБТИ+ родови активисти*****.**(Анонимизирана страница на здружение со антиродов карактер, Фејсбук, 2025)

> *(...) нашиот правен тим укажува дека* ***потребно е дополнително прочистување, односно дефинирање на термините 'прифаќање на различностите' и 'еднаквост меѓу половите', кои можат да послужат како тројански коњ за протнување на ЛГБТИ+ родовата идеологија.***(Анонимизирана страница на здружение со антиродов карактер, Фејсбук, 2025)

Под превезот на заштита од „родовата идеологија“, антиродовите активисти тендираат некритички да ги цензурираат сите одредби кои се поврзани со овозможување на

различноста и на еднаквоста, на кои им импутираат негативен полнеж независно од контекстот во кој се користат. Во цитатот, нејасно е зошто „еднаквост меѓу половите“ би било проблематично, кога таа фраза има идентично значење како нивното преферирано „полова рамноправност“, и експлицитно референцира на полот, за разлика од проблематизираниот *род*. Со барањето за „дообјаснување“ на поимите „инклузивност“ и „различност“ тие всушност бараат описно „да се дообјасни“ т.е. да се специфицира дека овие поими не ги вклучуваат и родот и сексуалноста како одредници – но, ова не е секогаш јасно објаснето. Евидентно е дека преку ваквите манипулативни и погрешно насочувачки јазични синџири на еквиваленција тие имаат импакт врз општото разбирање на граѓаните за различностите, малцинствата, еднаквоста, слободата на изразување.

Секако, кога сме кај користењето на јазикот, категоричното одбивање да ја земат предвид легитимната воспоставена употреба на терминот *род* во контекстот на родовите студии, е најистурениот симптом на антиинтелектуализмот што го застапуваат анти-родовите. Нивното инсистирање дека употребата на терминот *род* е тактика за комплицирање на перцепциите која има за цел да создаде конфузија и дезориентираност е налик на зазор или страв од непознатото. Лингвистички, во македонскиот јазик терминот *род* е синоним за *семејна лоза*, и од него е изведен зборот *родина* или *родољубие*, поврзани со татковината и патриотизмот. Битката за јазичен конзервативизам, кој не ја прифаќа флексибилноста и живиот развој на јазикот, се пренесува и трансформира на повисоки симболички рамништа во кои се води борба за традиционалните, патријархалните и патриотските вредности. Сродно на ова, фабрицираната фраза која во називот за научната дисциплина „родови студии“ прави замена со зборот „идеологија“, тоа го прави делумно пејоративно, но и за со тоа означување да создаде реторичка основа ваквиот систем на анализа да го оспорува. (Крушкаровска, 2024)

Разбирањата на граѓаните за овие концепти и нивното поврзано социјално активирање се и директно повлијаени преку тенденциозните обиди на антиродовите активисти за „обојување“ на поинакви, автентични граѓански мобилизации. Подолу, првиот цитат е

поврзан со Скопје Прајд настанот, а вториот реферира на граѓанските протести по повод загинатите млади во Кочани во 2025:

> *Колку да се знае, вака се уништуваат децата и семејството.* ***На крај, за вашето присуство ви нудат, пари, оброк, пијалок, кондом и лубрикант*** *(отворете ја сликата). Срамно!!!“* (објавата е проследена со наводен скриншот од СМС-порака кајшто се регрутира за присуство на Скопје Прајд, заб. на а.; Анонимизиран корисник од политичката десничарска сцена, Фејсбук, 2023)

> *Протестот е загарантирано право на народот да го каже своето мислење, да го изрази своето несогласување и револт, но да внимаваме нашата моментална ранливост да не биде искористена од лукави ликови - или за партиски поени на било која партија или да се искористи од соросоидните шарени ЛГБТИ+ активисти, како што тоа веќе се обидуваат да го направат.* ***Следиме дека ЛГБТИ+ организации на Сорос се директно инволвирани во организацијата т.е. повиците за протести. Да внимаваме да не, револтирајќи се против злото, склучиме пакт со самиот ѓавол. Да не дозволиме да се здружиме со платените актери на туѓите интереси, кои го демолираат целото наше општество. Зашто, драги наши сограѓани, не може од една страна да не сакаме дроги по клубовите и дискотеките, а од друга страна да се фатиме за рака токму со тие организации кои се залагаат за легализација на тешките дроги. Не може од една страна да бараме морално општество, а од друга страна да работиме заедно со активистите кои бараат легализација на проституцијата и сексуализирање на децата од најмала возраст. Не може од една страна да сме за здраво општество и за подобро здравство, а од друга страна да соработуваме со организациите кои лобираат операциите за ‘промена’ на пол да се вршат на терет на буџетот, на терет на џебот на обичниот граѓанин****.(...) Од тие причини, повикавме на организирање на други протести, кои ќе бидат прочистени од влијанието на моќници кои веќе години наназад работат против Северна Македонија и против семејството, прочистено и од влијание на која било политичка партија.*(Анонимизирана страница на здружение со антиродов карактер, Фејсбук,2025)

3.

Ако главниот „дежурен виновник“ и таргет на крајната десница се имигрантите, за анти-родовите движења тоа се транс-лицата. Транс-лицата во антиродовите наративи се претставени како „ментално болни“ а т.н. „транс-идеологија“, како „рак на општеството“. Опремени со квази-научни аргументи и со дезинформации, во инфламаторните антиродови наративи со кои предизвикуваат морална паника, транс-лицата наизменично се претставени како агресивни, криминогени предатори кои се итна закана по физичката безбедност на децата и жените (како најранливи групи, пристап што го користи и крајната десница), а потоа и како жртви (т.е. оние деца/млади кои биле индоктринирани и изманипулирани да го сменат својот пол, а подоцна во животот се покајале поради тоа) кога е потребно да се потенцира пошироката идеолошка перспектива.

На антиродовите им е важно својата јавна слика да ја позиционираат на страната на „тврдата“ наука, наспроти наводно импровизираните, исконструирани ставови на феминистките, бидејќи, наводно, општествено-хуманистичките науки можат многу полесно да се стават во служба на идеологијата, за разлика од непобитните научни факти. Со тоа, тие запаѓаат во пролиферација на псевдо-научни факти, што е уште една сличност со крајната деснница. Мејсон за ова забележува дека спојувањето на емпириското истражување со спекулативни претпоставки отвора влез за расисти и мизогисти што не може да биде соодветно контролирано со традиционалните методи во академијата. (Мејсон, 2021, 36). Антиродовите често користат ликови кои се или се претставуваат како научници (експерти) за да ги легитимизираат своите ставови. Овие најчесто ги патологизираат, и со тоа ги стигматизираат, луѓето чиј родов идентитет не се совпаѓа со нивниот пол. Притоа, овие тврдења се редовно „исфилувани“ и преувеличени до гротескни размери за да го зајакнат ефектот на шок и на одбивност/абјектност: „тврдат дека човекот може да се претвори во што сака, па дури и во инсект т.е. пеперутка“ (Анонимизирана страница, Фејсбук, 2025). Мултимедијалните содржини, а со тоа и други идеи, често се преземаат од сродните српски профили, со што е евидентно силното влијание од тамошните антиродови наративи, како и сугерира соработка.

Дополнително, „научниот едукативен пристап“ на антиродовите вклучува и прикажување на грозоморни слики и описи од операции за промена на пол, кои често изобилуваат со дезинформации и погрешни претставувања, а имаат за цел да шокираат.

> *Сте се запрашале ли каква е таа здравствена грижа за ‘родова афирмација’ за која зборуваат родовите активисти кои ја наметнуваат ‘родовата еднаквост’? **Отсекување парчиња месо од бутовите или подкалтицата, а во некои случаи и од цревата на жените со пореметување на половиот идентитет, со цел да им се конструира нефункционална цевка која треба да претставува машки полов орган**‼Вештачки конструирана цевка не ги претвора жените во мажи!* (Анонимизирана страница на здружение со антиродов карактер, Фејсбук,2025)

> *Денеска постојат луѓе кои само носат титули на психијатри и психолози, а во суштина **промовираат и нормализираат ментални нарушувања**, какво што е нарушувањето на половиот идентитет. За да ја спроведат агендата за која се платени, **тие ги туркаат младите кон медикализација и сечење на здрави делови од телото, без притоа да ги третираат другите нарушувања што ги имаат (нарушување во исхраната, депресија, анксиозност итн)**.* (Анонимизирана страница на здружение со антиродов карактер, Фејсбук, 2025)

Дел од квази-аргументите на антиродовите е дека родовата и транс идеологијата настојува да убеди дека како резултат на субјективното чувство/менталната состојба „може да се промени“ објективната реалност, и дека таквиот парадокс има за цел луѓето да ги дезориентира, да ги направи поподложни на манипулации. (Сличното тврдење важи и за разрушувањето на семејството како институција со што се ослабува нацијата, во националистичките наративи.)

Индикативно е дека во примери кога се зборува за принуда на деца за промена на пол, речиси секогаш се обвинуваат мајките, т.е. хетеро-жените, што се надоврзува на перцепцијата на десничарите дека жените се генерално привлечени од либерално-левиот политички спектар (кој се демонизира). Дополнително, најголемиот дел од објавите за опасноста што ја претставуваат транс-луѓето се фокусира на мажите кои транзитираат во

жени. Ова навидум се фокусира на злоупотребата на физичката надмоќност што ја имаат мажите (и претставуваат сексуална закана, што пак, наназад, асоцира на толкувањата на крајните десничари дека на мажите им е тешко или невозможно да ги контролираат физичките и сексуалните нагони), но може да се сфати и како имплицитна мизогинија токму поради фокусот на женскиот родов идентитет (или, транс-мизогинија, која е специфично насочена кон транс-жените; потесно од транс-фобија која ги опфаќа и транс-жените и транс-мажите). За разлика од тоа, транс-мажите се далеку помалку во фокусот на анти-родовите движења и помалку впечатливи, и најчесто се појавуваат во објавите за детранзиција. Интересно е дека во таквите објави за девојки во пубертет кои го промениле полот и се покајале во зрелите години, како една од мотивациите за транзицијата наведуваат: „Животната приказна на Макајла е иста како и онаа на многу други девојчиња кои одлучуваат дека сите нивни проблеми се поради тоа што се родени како женски, па ако си скројат машко тело, тие проблеми ќе исчезнат“ (објава на анонимизирана страница, Фејсбук, 2024)– и притоа воопшто не го обработуваат овој проблем кој го реферираат, кој очигледно лоцираат дека е поврзан со мизогинија и родова нееднаквост, туку преминуваат преку тоа и го припишуваат единствено на злонамерноста на „родовите активисти“.

4.

Освен што ги стереотипизираат и повикуваат на нивна дискриминација, антиродовите одат ниво повисоко во демонизирањето и ги претставуваат како најголемата општа закана за луѓето, а пред сè за децата, со тоа што ја шират бизарната теорија на заговор дека целта на „родовата идеологија“ е системско разнишување на родовото самочувство кај децата и нивно „претворање“ во транс-родови лица, како дел од глобална ЛГБТ агенда. Тие тврдокорно тврдат дека стратегијата за постигнување на оваа цел е преку воведувањето на „родовата идеологија“ и ССО во основното и средното образование. Фразата Родител 1/Родител 2 потекнува од сфаќањето за „неутрализација“ и „заменливост“ на родот и е дезинформација на антиродовите.

Претставувајќи се како „борци за правата на децата“ тие емотивно ги манипулираат граѓаните и ги надоградуваат нивните веќе постоечки стравови во општествениот контекст на нестабилност и несигурност. Притоа, се претставуваат себеси дека го застапуваат „народот“ наспроти „елитите“ – стандардна популистичка тактика. Иако, додека антиродовите оставаат впечаток дека се сметаат себеси за единствени легитимни претставници на родителите (во ова истражување не сретнавме никаква приложена статистика за тоа), едно истражување од страна на феминистичката организација ХЕРА покажува дека помеѓу 90 % и 97% од испитаните родители се, генерално земено, согласни нивните деца на училиште да следат сеопфатно сексуално образование (Јовановски, 2023, 8-9). Важно е да се забележи и дека, и покрај постојаното инсистирање на антиродовите движења дека нивната активност е централно мотивирана од потребата за заштита на децата, тие јавно не реагирале за кои било други случаи на злоупотреба на деца – ниту од американскиот контекст од кајшто ги црпат упадливо најголемиот дел од пропагандните информации и материјали, ниту од македонскиот контекст.

> *Она што може да се воочи* ***е тенденциозното користење на терминологија која звучи заштитнички кон децата (против булинг, поддршка и сл.),*** *а во суштина предизвикува сериозна психофизичка штета на самите деца и нивните семејства. Кога ќе се направи паралела на образовните курикулуми во напредните земји и Македонија, забележливо е тоа што образованието добива катастрофална* ***унифирмираност*** *насекаде во светот. Односно, се воведува* ***идејата за ‘неусогласеност’ на делови од телото со ‘родот’, со што се врши намерно збунување на децата за нивниот пол****, кое води до долгорочни здравствени нарушувања и зголемување на бројот на деца кои се збунети, дури и во земји каде ваквите нарушувања до пред извесно време не беа евидентирани. (...)* ***Наместо со наука, нашите деца на училиште се занимаваат со пронаоѓање на својот родов идентитет и групен секс“*** (Анонимизирана страница на здружение со антиродов карактер, Фејсбук, 2025)

> *Едноставно, МАЖ е МАЖ, ЖЕНА е ЖЕНА и МаЖена го дава најсветото нешто на овој свет, ДЕТЕТО. Затоа, нивната Мила и целата оваа евроатланска инсталација, без разлика позиција, опозиција, во училиштата кај децата,* ***од најмалата возраст ќе воведуваат Трансексуалност со Сексуалното Сеопфатно Образование****. (...)Секако, тоа*

*ќе биде **пропратено со театарската претстава за почитување на различностите, слободите** итн…Истите тие и бомбите со осиромашен ураниум кои ги фрлаат по светот, ги фрлаат со истата театарска претстава на ширење на демоНкратија.Детето за македонската култура и традиција е СВЕТОСТ. Тоа се развива во својот невин детски свет, безгрижно и надвор од надворешниот корумпиран свет на возрасните и за тоа се грижат РОДителите, кои не се **Родител 1 и 2**, туку во македонската култура и традиција, Мајка и Татко.*

*(*Зоран Јованчев, извор:„Западни или македонски вредности, прашањето е сега“ (колумна) (21.04.2021), Родина: https://rodina.org.mk/%D0%B7%D0%B0%D0%BF%D0%B0%D0%B4%D0%BD%D0%B8-%D0%B8%D0%BB%D0%B8-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%B2%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B8-%D0%BF%D1%80%D0%B0/)

Во читањата и анализите на информативните и образовните материјали поврзани со ССО, антиродовите тенденциозно додаваат информации и слоеви на толкување кои не постојат во изворниот текст, туку самите си ги дополнуваат во согласност со нивните ставови и поле на очекувања. Така, материјали кои во суштина имаат објаснувачка функција на основно ниво, оспособувајќи ги учениците да ги разбираат и употребуваат поимите од ССО, се претставени како индоктринирачки, неморални, и како алатки за вршење социјален инженеринг. Неретко во приложените докази (на пример, слики од спорните прирачници и учебници) приложените фрагменти во кои е посочена употребата на зборовите *род, квир, меѓупол*, овие термини повеќе се користени во базична објаснувачка функција, или фрагментите само ги потенцираат важноста на родовиот идентитет и сексуалноста и сексуалното здравје во конкретната фаза на развој на децата – но не ги поддржуваат останатите тврдења изложени од антиродовите коментатори, т.е. се работи за јасни дезинформации.

Исто така, со обидот за цензурирање на сите едукативни активности и измени кои имаат допирна точка со родовите прашања, тие ги подриваат напорите за едукација за

врсничкото насилство, менталното здравје, мировното образование и тн. Претставници на антиродовите заправо сметаат дека воведувањето родова сензитивност во образованието е дел од „првата фаза на идеолошка субверзија“ т.е „деморализација“: да се образува цела генерација со марксистичка идеологија, а понатаму во глобален контекст ги лоцираат и останатите фази. Од другата страна стојат конкурентните напори за воведување на веронауката во училиштата.

> *(...) во прирачниците за личен развој на учениците и за животни вештини* ***од 7. до 9. одделение, наставниците се задолжени од страна на Бирото за развој на образованието да ги ‘образуваат’ децата и да ги научат дека има повеќе видови секс, меѓу кои и секс со повеќе лица, односно оргии или групен секс, и дека тие треба да го истражуваат и пронајдат својот родов идентитет т.е. да изберат дали се машки, женски или нешто друго.*** *Ова е* **директно нормализирање на сексуални перверзии и психички нарушувања во училиштата***! Нашите деца ги учат дека е најнормално да експериментираат со ‘секс со повеќе лица’ и дека можеби се ‘родени во погрешно тело’, иако родителите веќе со години наназад се категорични дека не одобруваат нивните деца да бидат индоктринирани.* (Анонимизирана страница на здружение со антиродов карактер, Фејсбук, 2025)

Антиродовите ги претставуваат феминистичките и ЛГБТ активисти и поддржувачи како агресивни и насилни, и ова е во линија со начинот на кој тие се прикажани и од страна на крајната десница. Овие претставувања се придвижија во крајност во случаите на масовни убиства во САД кои се покажа дека беа извршени од лица со транс-родова определба, што беше искористено за натамошно поттикнување омраза и дезинформации за транс-лицата, едновремено тврдејќи дека фактите (а и самите тие како субјекти) се цензурирани во медиумите:

> *ДАЛИ РОДОВИТЕ АКТИВИСТИ НАВИСТИНА СЕ ЗА ТОЛЕРАНЦИЈА И ИНКЛУЗИЈА? Родовите активисти цело време се жалат дека тие се жртвите и дека се против секаков вид на насилство и говор на омраза. Но, кога Врховниот суд на Обединетото Кралство одлучи мажот и жената да ги дефинира како биолошки категории и дека т.н. ‘транс-жени’ не се жени (и обратно), родовите активисти реагираа со смртни закани, јавна непристојност*

> *и обезличување на феминистичките статуи.**Тие организираа и протести на кои имаше транспаренти со повик на насилство, закани и убиство. Говорот на омраза стана нивен белег. Со ова тие покажаа дека ова не е движење за граѓански права. Оној што бара замолчување на жените и на вистината и повикува на насилство, не може да биде борец за човечки права и соживот. Тој е за тиранија, а такво нешто не ни е потребно. Вистината не смее да потклекне под притисокот и заканите на една идеологија!*** (Анонимизирана страница на здружение со антиродов карактер, Фејсбук, 2025)

> *ДВЕ ДЕЦА УБИЕНИ И 17 ПОВРЕДЕНИ ОД ТРАНСЏЕНДЕР КОЈ **ОТВОРИЛ ОГАН ВО КАТОЛИЧКО УЧИЛИШТЕ** ВО МИНЕАПОЛИС (...) **Пред да го изврши нападот, на интернет објавил манифест во кој призна дека ‘бил уморен од тоа што е трансродов’ и посакувал ‘никогаш да не му беше испран мозокот’. Иако најголемите светски медиуми повеќепати го потенцираа овој факт, ЛГБТИ+ платформите во Северна Македонија**(…)‘случајно’**го изоставија** во нивните препишувани објави од Њујорк Пост. Истрагата се води како терористички напад од омраза кон католиците*(Анонимизирана страница на здружение со антиродов карактер, Фејсбук, 2025)

> ***Кенеди веќе изјави дека кај сите трансродови масовни убијци се забележува одредена шема во лековите кои ги примаат и навести дополнителни истражувања на темата**. Медиумите, за жал, и понатаму остануваат да бидат нашиот најголем непријател.* (Анонимизиран корисник од сцената на антиродовите движења, Фејсбук, 2025)

Од нивна страна, антиродовите изоставуваат да го споменат и анализираат поширокиот општествен контекст во САД на којшто овој случај припаѓа, кајшто масовните напади станаа сериозен секојдневен проблем, а голем дел од нив се од мизогини побуди, како и општиот контекст кој директно и индиректно поттикнува омраза, насилство и поделба како канал за ослободување на фрустрациите – ова, без разлика кој бил родовиот идентитет на убиецот и дали се каел за својата транзиција или не. Уште повеќе, самите антиродови активисти го одобруваат и придонесуваат кон тој контект со давањето поддршка за крајнодесничарските политики во САД и во Европа и со сопствените напори за поделба, дискриминација и угнетување.

5.

Интересно е дека демонизирањето на ЛГБТ активистите и феминистките се обединува и со демонизирањето на комунизмот/левицата. Постот подолу ги обединува ЛГБТ луѓето/ активистите и левичарите/марксистите, идентификувани како ентитет во сојуз, со заедничката цел – уништување на институциите брак и семејство (преку оддалечувањето на децата од контролата и грижата на родителите) и заеднички се напаѓаат. Една од главните стравови на анти-родовите субјекти е дека надлежноста и правото на родителите да одлучуваат за развојот на своите деца ќе им бидар насилно одземени и децата ќе бидат ставени во надлежност на државата, која на тој начин слободно ќе ги индоктринира со својата ЛГБТ (и комунистичка) идеологија:

> *Социјализмот/комунизмот е против семејството‼А ЛГБТИК+ идеологијата се темели на (нео)марксизмот‼Фридрих Енгелс, еден од основачите на марксизмот, во своето дело ‘Принципите на комунизмот’ за тоа како комунизмот ќе влијае врз семејството, јасно нагласува дека ќе ги укине ‘двете основи на традиционалните бракови’,* ***значи целта им е да ги расклатат основите за бракот да падне***(Анонимизиран корисник од сцената на антиродовите движења, Фејсбук, 2025)

> *Една од причините зошто сакаат да го укинат семејството е тоа што марксистите се залагаат да нема приватен имот и сè да биде државно, а постоењето на семејството овозможува да се одржи во живот приватниот имот, бидејќи тој се наследува и предава од родителите на децата. За тоа зборува Енгелс (...)* ***и за моногамниот брак (брак помеѓу еден маж и една жена) вели дека ‘се темели на суприматот на мажот’ и дека целта на тој моноган брак е гарантирано татковство и предавање на имотот од генерација на генерација****. Енгелс мажот во моногамен брак го претставува како ѕвер, кој има секакво право над жената, може да има афери, додека на жената сè ѝ е забрането. Во целото дело се зборува дека мажите се тие кои ги узурпирале жените и востановиле патријархално семејство, а претходно се живеело во матријархат. Енгелс го велича општеството каде немало бракови и секој со секого сексуално општел, а татковството и наследувањето на имотот не постоеле.* ***Апсолутно истите копи-пејст небулози што ги фураат и ЛГБТИК+ родовите идеолози. Укинувањето на семејството, марксистите планираат да го направат преку образованието. Иако Маркс и Енгелс зборуваат за***

> ***бесплатно образование за сите деца, нивните намери воопшто не се благородни, туку идејата им е од најмали нозе да ги одделат децата од родителите и на училиште да ги индоктринираат со нивната марксистичка идеологија. (...)*** *Што се однесува до сексуалната распуштеност, гледаме дека Маркс и Енгелс биле против моногамните врски,* ***а денешните марксисти ни кажуваат дека, исто така, немаат ништо против, туку ги поддржуваат распуштеноста и ЛГБТИК+ идеологиите.***(Анонимизиран корисник од сцената на антиродовите движења, Фејсбук, 2024)

Во дискусија на оваа теза за марксистичкото разложување на семејството, таа евидентно влече од марксизмот меѓутоа е тенденциозно толкувана и користена. „Историски, марксистите го прифаќаа самото семејство како семејство, како чекор во учењето на емпатијата и на солидарнота и за нив семејството е пред сѐ економска единица, а не идеолошка, идејна единица. (...) Марксизмот родовите улоги ги гледа низ филозофијата на материјалистичко-економска перспектива.“, според еден од интервјуираните соговорници-истражувач на десничарски движења и левичарски активист во септември 2025. Тој продолжува: „Идејата на идентитетските политики кои се создаваат и толкуваат низ каналите на невладините организации им оставаат впечаток и неразјаснети теориски и практички поими на крајните десничари, бидејќи тие немаат осет и концептуална мрежа да ги нијансираат ваквите промени и идеи кои овие ги промовираат и спроведуваат“. Друга соговорничка-експертка за родова еднаквост и права на родови малцинства во интервју во септември 2025 потенцира дека постојат разлики во сфаќањето на семејството внатре во рамки на левичарското движење, така што дадената генерализација сугерирана од антиродовите застапници е тенденциозна.

Притоа, интересно е дека самата оваа идеја за идентификувањето на левицата како општоприсутен непријател, па и во контекстот на родовите односи, може да се проследи дека доаѓа токму преку влијанието од американската политика кајшто во конзервативните средини отсекогаш се едначеле комунистите со либералите, и се пренесува во Северна Македонија преку некои религиозни кругови: „Нивната есенцијата генерално е од американските протестантски организации кои во последниве години имаат и христијански национализам, фузија на националистички идеи со некои религиозни како

што е христијанството. Тоа има и филозофска основа, бидејќи марксизмот е материјалистичка филозофија, и насекаде кајшто се спроведувале идеите на Маркс, генерално религијата не само што била маргинализирана туку била и укинувана.“(Истражувач на десничарски популизам и теми од безбедноста, септември 2025). Во таа смисла доаѓа и судирот помеѓу напорите за воведување на ССО во образованието, и конкурентните напори за воведување на веронауката во училиштата.

6.

Како што споменавме погоре, анти-родовите наративи се дел од покомплексен и поширок екосистем на популистички, антиинституционални и антикорпоративни наративи. За разлика од антиродовите наративи кои речиси во целост се прифатени од крајната десница (ислучок се некои крајнодесничарски субјекти кои се толерантни кон хомосексуалната заедница, но не и кон транс-заедницата, ниту кон правото да посвојуваат деца), одредени наративи кои се силно промовирани од различни субјекти на антиродовите, се среќаваат кај некои субјекти од крајната десница, а кај некои не. Овие наративи одат во пар со антиродовите.

Анти-ЕУ сентиментите се многу видливи во анти-родовата реторика. Тие т.н. „родова идеологија“ ја сметаат за глобален заговор наметнат од елитите на Западот и од Европската Унија, како нејзин извор, кои целат да го разорат и ослабат општеството токму преку таргетирањето на неговата основна единка, семејството. Во регионот „никогаш не постоела спремност да се уважат женските права, ЛГБТ правата уште помалку, па оттаму не може да се зборува за ‘беклеш’“, вели соговорничка-феминистичка активистка и истражувачка во интервју во мај 2024: „Политиките кои ги поддржуваат женските и ЛГБТ правата се донесени повеќе поради притисокот од ЕУ, (со снажен ангажман од феминистките) отколку што доаѓале од самиот општествен контекст т.е. тие имале функционална улога. (...) Се работи за тактичка европеизација - фасада за надворешниот свет. (...)Во регионот, во јавни настапи ЕУ-скептицизмот и анти-родовите наративи често одат заедно.“. Притоа, влијателните десничарски лидери како Орбан, Путин и Вучиќ се сметаат за бранители на националните интереси. Националистичкиот и антиродовиот

дискурс меѓусебно се помагаат во промовирањето на традиционалните вредности и на затвореноста на заедницата, а нивните гласноговорници неретко се преклопуваат. Постои силно патријархална средина која ни власта ни медиумите немаат желба да ја променат, туку ја интензивираат. Притоа, просторот за јавна дискусија за важните општествени прашања е силно ограничен. Тие не само што отворено ги поддржуваат десничарски и автократски ориентираните лидери во ЕУ, туку се противат и на самата идеја за ЕУ.

> *Тоа се нашите 'кафеави сахиби', слуги на Западот, создадени да нè колонизираат. Негативната селекција ни го извади најлошото, а Западот им аплаудира, зашто им служат верноподанички!Но, народе, гледај ги фактите: патот кон ЕУ нè уништува! Нашите деца заминуваат, нашите села се празни, нашиот идентитет избришан. ЕУ ни нуди 'шарени огледалца', морална пропаст, сè спротивно на нашиот македонски дух, на нашите вредности! Од антиката па до денес, ние сме народ што живее по правда и чест, а не по туѓи догми!Доста беше! Време е да се кренеме! Да го фрлиме 'еуробскиот' менталитет во канта и да си ја вратиме слободата!*
> (Зоран Јованчев, извор:„ЕУ-робија? Не, благодариме! Македонија се буди!" (колумна) (16.05.2025), Родина: https://rodina.org.mk/%D0%B5%D1%83-%D1%80%D0%BE%D0%B1%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BD%D0%B5-%D0%B1%D0%BB%D0%B0%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B0%D1%80%D0%B8%D0%BC%D0%B5-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0/ )

Со појавата на ковид-кризата и нестабилноста и недовербата во институциите што таа ја предизвика, се појавија и анти-ваксерските ставови, кои се дел од истата група теории на завери според кои глобалните елити го ослободиле вирусот со цел смислено да го намалат бројот на населението во светот. Овие субјекти притоа промовираат алтернативна, алопатска, традиционална и хомеопатска медицина (како што се набројани на една од нивните веб-страници), и поттикнуваат нивно користење како алтернатива за вакцините, на пример, природни лекови за третирање на морбили.

> *Алчните корпорации и нивните темни елити сè повеќе ги напаѓаат основните, природни, човечки, традиционални вредности инсталирајќи ја отпадната сексистичка ЛГБТ и педофилска идеологија кај нашите деца. Се создаде образование кое продуцира*

*ропски менталитет, со нездрава храна и социјални инжинеринзи кои го загрозуваат здравото живеење на едно општество.* ***На удар е и здравјето на граѓаните со проектирани вируси, креирани пандемии кои треба да резултираат со масовна задолжителна вакцинација, при тоа не грижејќи се за грубото кршење на основните човекови права и слободи. Фарма корпорациите имаат една единствена цел: да создадат вечни пациенти, а не да ги излечат заболените. Медицината е заробена од фармацијата****.*(Соопштение на Родина Македонија, 28.05.2020, извор: https://rodina.org.mk/%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D0%BC%D0%B0%D0%BA%D0%B5%D0%B4%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2%D0%BE-%D0%BD%D0%B0-%D0%B8%D0%B7%D0%B1%D0%BE%D1%80-%D0%BF%D1%80/ )

*Белата Куќа објави нова веб страница со многу факти за потеклото и случувањата околу ковид. Забележливо е тврдењето дека вирусот сарс-ков-2 настанал во лабораторија, односно му е додаден шилестиот протеин на претходно изолираниот вирус за да биде пренослив помеѓу луѓето. Како директно одговорен за оваа операција го посочуваат никој друг туку Менгеле на нашето време, Антонио Фаучи. (...) Ако сакаме да видиме одговорност во Македонија, потребно е адвокати уште отсега да почнат да проучуваат основа. Или ќе биде 'следевме она што ни беше кажано од СЗО'? Дали тоа ги ослободува од одговорност? Да тврдиш дека инјекцијата е безбедна, а поим немаш дали е така? Да тврдиш дека инјекцијата спречува пренос, а да не е така? Да тврдиш дека треба да држиш растојание од 2 метра, а самиот Фаучи дава изјава: `Таа мерка туку-така се појави од некаде`?. Да ги задушиш сите со маски кога негативните последици по здравјето од нивното носење се огромни?* (Анонимизиран корисник од сцената на антиродовите движења, Фејсбук, 2025)

Притоа, тврдат дека и за време на ковид-пандемијата и после неа, невакцинираните луѓе биле предмет на дискриминација и прекршени човекови права. Вакцинирањето на децата е една од темите на кои субјектите кои се бават со оваа тематика ги мобилизираат родителите да реагираат и да даваат отпор во своите училишта.

*Децата ми седеа дома на онлајн настава, наместо да одат на училиште! Потоа, морав да се расправам со наставници-послушници за да децата одат во училиште без*

*глупавите маски!Трпев навреди, дофрлувања, клевети...Во маркети ми викаа полиција, насекаде се расправав....Не ми дозволуваа да се движам слободно, како да имам лепра!"*(Анонимизиран корисник од сцената на антиродовите движења, Фејсбук, 2025))

*„ЛУЃЕТО КОИ ПРИМИЈА ФАЈЗЕР И МОДЕРНА ВАКЦИНИ* ***НЕ СЕ ПОВЕЌЕ ЛУЃЕ, ТУКУ ГМО****!Ако не се луѓе, туку некакви вештачки организми,* ***дали ги уживаат човековите права****?Секако дека докторот е 'теоретичар на заговори', не верувајте му!"*(Анонимизиран корисник од сцената на антиродовите движења, Фејсбук, 2025)

Иако е можно втората објава да е иронично напишана, сепак, скандалозна е сугестијата дека вакцинираните со ковид-вакцини не треба да ги уживаат човековите права,  и само се надоврзува на наративите на стигматизирање и поделба.

Присутен е и климатскиот скептицизам, што исто така може да се вброи во анти-ЕУ наративите, со оглед дека го опфаќа отпорот против Зелената агенда и она што го нарекуваат „ширење климатска хистерија". Со тоа што, феноменот на климатските промени го разликуваат од концептот на екологијата и заштитата на животната средина, што го одобруваат:

*Во пакет со добра идеја (еколошко освестување), се подметнува тројански коњ ('климатски промени'), во време кога илјадници експерти потпишуваат планетарна петиција против оваа глобална измама; Трамп потпиша државен акт против неа; БРИКС исто ја адресираше злоупотребата; вистинските еколози одамна ја дискредитираат и, воопшто, т.н. теорија за климатски промени е целосно разобличена како ненаучна измама со подмолна заднина. Разноразни еко-преметари пропагираат 'климатски акции' и други подметнувања всушност како платеници и ништо друго. Ја злоупотребуваат екологијата. Одамна предупредувам на овој проблем.* (Анонимизиран корисник од сцената на антиродовите движења, Фејсбук, 2025)

*Велика Британија неодамна официјално објави дека ќе го спроведува проектот 'засенчување на Сонцето' на чичко Кил Бил (Бил Гејтс), заради наше добро, се разбира.Кенеди во САД на гостување кај д-р Фил, а на прашање од публика, рече дека кемтрејлсите не се во надлежност на институциите со кои тој управува, туку под DARPA.И кај нас официјално се спроведува проектот за засенчување на Сонцето преку*

*Договор потпишан помеѓу Управата за хидрометеоролошки работи и аеро клуб, а со амин на МЗШВ.* (Анонимизиран корисник од сцената на антиродовите движења, Фејсбук, 2025)

## ЗАКЛУЧНИ ЗАБЕЛЕШКИ

Овој труд се обиде да ја истражи и разбере улогата на мизогинијата на крајно десниот спектар, анализирајќи ги наративите на крајната десница и на антиродовите движења. Увидите од анализираните наративи и релации ја поддржуваат тезата за мизогинијата како носечки столб на крајнодесничарскиот светоглед, влезен наратив и катализатор кон десничарска радикализација.

Анализата покажува дека мизогинијата не е отсечен и налепен систем на ставови и наративи во крајнодесничарскиот светоглед, туку дека секој мизогин наратив е изграден врз база на десничарското логикување, е комуницициран со десничарски дискурзивни тактики, и е многузначно исповрзан со другите клучни десничарски наративи – извира од нив или води кон нив.

Анализата покажува и дека мизогинијата не е придружен, туку централен елемент на десничарскиот светоглед, со оглед дека хиерархизираните односи на моќ во родот се историски најистрајната форма на доминација и опресија, и подривањето на овој однос ја подрива целокупната структура на десничарскиот свет. Заправо, токму процесите на еманципација на жените и родовите малцинства се силите што ја провоцираат разорноста на крајната десница во последниве децении, а особено во последниве години.

Анализата ја посочува приемчивоста и достапноста на мизогините наративи за граѓаните, и леснотијата со која тие се прифаќаат и се шират во јавниот простор, во услови која патријархалната реалност веќе однапред ги нормализирала до одредено ниво. Бидејќи родовата нееднаквост и хиерархизација се обележани во умовите на граѓаните, или барем во колективната свест, како норми и „саморазбирливи нормалности“, десницата се закотвува во нив како точки на согласување и воспоставување релација. Бидејќи

патријархалниот модел на размислување веќе се потпира на десничарската исклучувачка матрица, луѓето се приемчиви на заострување на „влезните“ ставови и на вбризгувањето сè порадикални идеи со кои десницата ги повлекува повнатре во вртлогот на радикализацијата. По преминувањето на „влезниот праг“ на мизогинијата, понатамошната радикализација не катализира само по линија на порадикална мизогинија, туку се разгранува во повеќе линии на сродни исклучувачки наративи. Овие се неретко експлицитно или имплицитно веќе присутни во мизогините наративи.

Мизогините наративи на антиродовите движења, во споредба со оние на десничарските субјекти, се значително порадикални – причина за тоа е и фактот што тие се речиси исклучиво посветени на оваа тематика. Втора причина за таквата јачина е и пристапот кој е повеќе теренски и активно мобилизаторски насочен, поради перцепцијата за акутната криза со која се справуваат и видливата поддршка која ја наоѓаат во разни општествени структури и групи. Овде игра улога погоре потенцираниот фактор на нормализираниот патријархат. За разлика од нив, десницата повеќе заднински, во сенка и со подецентрализирана/расплинета структура ја гради својата идеолошка база. Анализата на антиродовите движења, иако ова истражување ги дефинира како засебен феномен, покажа дека нивните наративи го следат истото резонирање како и крајната десница, и тоа не само во аспектите на разбирањето и третманот на родовите односи, туку и по други прашања кои, иако ретко, проблеснуваат во нивните јавни комуникации. Заправо, нивните наративи и ставови се покажаа совршено компатибилни и преклопувачки со оние на крајната десница.

Една од причините зошто ваквите увиди се важни за борбата против мизогинијата е што овозможуваат развивање покомплексни стратегии на отпор кои ќе го земат предвид токму ваквото нејзино профилирање. Во светлина на функционирањето на мизогинијата како дел од поширок систем на исклучување и специфично резонирање, очигледно е дека едноставните контранаративи не можат да вродат со значаен плод. Втора импликација е расветлувањето на потребата од креирање широк фронт за борба против мизогинијата, кој ќе вклучи интердисциплинарно знаење и практики и разновидни општествени групи.

Борбата против мизогинијата де факто е борба против крајната десница и удира во нејзините основи. Демистификацијата и разоткривањето на механизмите на мизогините наративи открива сознанија што ќе бидат применливи и на другите крајнодесничарски наративи.

Во однос на идни потенцијални истражувачки насоки може да се предложат подлабоки проучувања на: начинот на користење на дигиталните медиуми од страна на крајната десница; улогата на системската мизогинија во појавата на домашното насилство; интимниот тероризам; институционалната мизогинија; мизогинијата како засебна форма на екстремизам; екстремната насилна мизогинија на актерите во мажосферата со фокус на инселите; хуморот и интермедијалните дискурзивни форми на крајната десница; алт-десницата; меѓународните соработки помеѓу крајнодесничарските групи; влијанието на економските политики и фактори врз јакнењето на десницата; мизогинијата и крајната десница кај малцинствата во Северна Македонија; критички анализи и стратегии за јакнење на левичарските движења.

# БИБЛИОГРАФИЈА


Agius, C., Edney-Browne, A., Nicholas, L., Cook, K. (2021). *Anti-feminism, gender and the far-right gap in C/PVE measures*. *Critical Studies on Terrorism*, 15, 681 - 705.

Anderson, B.R. (2020). *Imagined Communities*. *The New Social Theory Reader*

Benhabib, S. (1992). *Situating the Self: Gender, Community, and Postmodernism in Contemporary Ethics*, Routledge

Benhabib, S., Butler, J., Cornell, D., & Fraser, N. (1995). *Feminist Contentions: A Philosophical Exchange*. New York: Routledge

Berger, J.M. (2018). *Extremism*. The MIT Press

Betz, H., & Johnson, C. (2004). *Against the current—stemming the tide: the nostalgic ideology of the contemporary radical populist right*. *Journal of Political Ideologies*, 9(3), 311–327.

Bjørgo, T., Ravndal, J. A. (2019). *Extreme-right violence and terrorism: Concepts, patterns, and responses*. International Centre for Counter-Terrorism.

Borum, R. (2012). *Radicalization into Violent Extremism I: A Review of Social Science Theories*. *Journal of Strategic Security*, 4(4), 7-36

Божиноска, Е., Стефковска Вељановска, Г., (2025), *Менување на перспективите: Ставови и перцепции на граѓаните за родовата еднаквост*, ХЕРА - Асоцијација за здравственаедукација и истражување

Butler, J. (1990). *Gender Trouble: Feminism and the Subversion of Identity*. New York: Routledge.

Butler, J. (2024). *Who's Afraid of Gender*. New York: Farrar, Straus and Giroux

Cassam, Q. (2018). *The epistemology of terrorism and radicalisation*. *Royal Institute of Philosophy Supplement*, 84, 187–209

Cohen, A. P. (1985). *The symbolic construction of community*. London: Tavistock Publications.

Comerford, M., Havlicek, S. (2021). *Mainstreamed Extremism and the Future of Prevention*. Institute for Strategic Dialogue, https://www.isdglobal.org/wp-content/uploads/2021/10/ISD-Mainstreamed-extremism-and-the-future-of-prevention-3.pdf

Connel, R. (1995).*Masculinities* , Berkeley, CA: University of California Press

Conway, M., Scrivens, R., McNair, L. (2019). *Right-wing extremists' persistent online presence: History and contemporary trends*. International Centre for Counter-Terrorism

Decherney, S. (2025.05.20) Overton window, *Encyclopedia Britannica* https://www.britannica.com/topic/Overton-window.

Dimitrov, S., Velichkovska, M., Cvetkovic, I. (2025). *The Old New: Anti-Gender Mobilizations in North Macedonia*, во Roman Kuhar and Adriana Zaharijevic. *Anti-Gender Mobilizations in the Post-Yugoslav Space*. London: Palgrave Macmillan.

Dwoskin, E., Timberg, C. (2019.03.18). *Inside YouTube's Struggle to Shut Down Videos of the New Zealand Shooting – and the Humans who Outsmarted its System*. *The Washington Post* https://www.washingtonpost.com/technology/2019/03/18/inside-youtubes-struggles-shut-down-video-new-zealand-shooting-humans-who-outsmarted-its-systems/?utm_term=.a849508d02e6.

Демири, М. (2024.05.02) *Национализмот во општеството и влијанието врз десницата, па и левицата, Гласник* https://glasniidei.mk/?p=12893

Демири, М., Крушкаровска, Ф. (2025) *Меѓузависност и синхроницитет на крајно десните наративи во Северна Македонија и регионот* [Необјавен текст]

Ekman, M. (2018). *Anti-refugee Mobilization in Social Media: The Case of Soldiers of Odin*. *Social Media + Society*, 4.

Enloe, C. (1990). *Bananas, Beaches & Bases: Making Feminist Sense of International Politics*. University of California Press

Europol (2023). *European Union Terrorism Situation and Trend Report*. Luxembourg: Publications Office of the European Union

Federal Bureau of Investigation and U.S. Department of Homeland Security (2021). *Strategic Intelligence Assessment and Data on Domestic Terrorism*, https://www.fbi.gov/file-repository/fbi-dhs-domestic-terrorism-strategic-report.pdf/view

Futrelle, D. (2017.08.17). *Men's-Rights Activism Is the Gateway Drug for the Alt-Right*. *The Cut*https://www.thecut.com/2017/08/mens-rights-activism-is-the-gateway-drug-for-the-alt-right.html

Frye, M. (1983) *The politics of reality: Essays in feminist theory*, Crossing Press

Graff, A. and Korolczuk, E. (2022) *Anti-Gender Politics in the Populist Moment*. New York: Routledge.

Graff, A., Korolczuk, E. (2024) Gendering illiberal politics во Laruelle, M., (ed) *The Oxford handbook of illiberalism*, (373-392) New Yord: Oxford University Press

Greskovits, B. (2020). *Rebuilding the Hungarian right through conquering civil society: the Civic Circles Movement*. *East European Politics*, 36(2), 247–266

Grzebalska, W., Kovats, E., Peto, A. (2017.01.13). *Gender as symbolic glue: how 'gender' became an umbrella term for the rejection of the (neo)liberal order*. *Political Critique*https://politicalcritique.org/long-read/2017/gender-as-symbolic-glue-how-gender-became-an-umbrella-term-for-the-rejection-of-the-neoliberal-order/

Glick, P., Fiske, S. T. (1996). The ambivalent sexism inventory: Differentiating hostile and benevolent sexism.*Journal of personality and social psychology*, 70(3), 491-512

Hester, H., (2018) *Xenofeminism*, Polity Press

Heywood, A. (2021). *Political Ideologies: An Introduction*. Palgrave Macmillan

Hobsbawm, E., Ranger, T. (1986). *The invention of tradition*. Cambridge University Press

Јовановски, Б., (ур.) (2023) *Истражување за ставовите на наставниците за воведување на ССО во основното образование пред и по пилотирањето на програмата*, ХЕРА- Асоцијација за здравствена едукација и истражување

Kemper, A. (2016). *Foundation of the Nation: How Political Parties and Movements Are Radicalising Others in Favour of Conservative Family Values and Against Tolerance, Diversity, and Progressive Gender Politics in Europe*. Friedrich Ebert Stiftung

Kimmel, M. (2013). *Angry Young Men: American masculinity at the end of an era*. Nation Books

Knight, S., Woodward, K., & Lancaster, G. L. J. (2017). *Violent versus nonviolent actors: An empirical study of different types of extremism*. *Journal of Threat Assessment and Management*, 4(4), 230–248

Koehler, D. (2014). *The Radical Online: Individual Radicalization Processes and the Role of the Internet*. *Journal for Deradicalization*, 1, 116-134

Kováts, E., Põim, M. (2015). *Gender as symbolic glue: The position and role of conservative and far right parties in the anti-gender mobilizations in Europe*. FEPS – Foundation for European Progressive Studies

Kováts, E. (2017) The Emergence of Powerful Anti-Gender Movements in Europe and the Crisis of Liberal Democracy. In: M. Köttig et al. (eds.), *Gender and Far Right Politics in Europe*, Palgrave Macmillan, pp. 175-189.

Kováts, E. (2018) Questioning Consensuses: Right-Wing Populism, Anti-Populism, and the Threat of 'Gender Ideology'. *Sociological Research Online*, *23*(2), https://doi.org/10.1177/1360780418764735: 528-538.

Kolozova, K., and Milanese, N., (2023) Introduction: On the Phenomenon of Illiberal Democracy in Europeво‘I*lliberal Democracies’ in Europe: An Authoritarian Response to the Crisis of Liberalism*, Kolozova, K., and Milanese, N (eds.), (1-8) Washington: The George Washington University

Kolozova, K., *From the East to the West, or Is It So?*во‘I*lliberal Democracies’ in Europe: An Authoritarian Response to the Crisis of Liberalism*, Kolozova, K., and Milanese, N (eds.), (27-38) Washington: The George Washington University

Крушкаровска, Ф., Величковска, М., (2021) Книжевни аспекти во *Невидливи архиви: Жените во македонскиот печат помеѓу двете Светски војни,* Центар за истражување на национализмот и културата ЦИНИК

Крушкаровска, Ф.  (2024) Антиродовото движење во десничарски контекст, *TransfeministickaPlatforma*, 5

Крушкаровска, Ф. (2025) *Анти-родовите движења како илиберално граѓанско општество*, Окно

Kuhar, R. (2017.09.27). *Rodna ideologija je praznioznačitelj koji držinaokupurazličiteinteresneskupine*, интервјуиран од  Tihana Bertek, *Vox Feminae* url: https://voxfeminae.net/pravednost/rodna-ideologija-je-prazni-oznacitelj-koji-drzi-na-okupu-razlicite-interesne-skupine-2/

Laboria Cuboniks, (2015) Xenofeminism:A Politics for Alienation
Достапно на: https://laboriacuboniks.net/manifesto/xenofeminism-a-politics-for-alienation/

Laruelle, M. (2022): Illiberalism: a conceptual introduction, *East European Politics,* 38(2), 303-327

Laruelle, M., (2024) Introduction: Illiberalism Studies as a Fieldво Laruelle, M., (ed) *The Oxford handbook of illiberalism*, (1-42) New Yord: Oxford University Press

Latif, M., Blee, K., DeMichele, M., Simi, P. (2020). *Do White Supremacists Women Adopt Movement Archetypes of Mother, Whore, and Fighter?.Studies in Conflict and Terrorism*, 46(4), 415–432

Le Pen, M. (2016.01.13). *Un référendum pour sortir de la crise migratoire*. *L`Opinion* https://www.lopinion.fr/politique/marine-le-pen-un-referendum-pour-sortir-de-la-crise-migratoire

Manne, K. (2017). *Down Girl: The Logic of Misogyny*. New York: Oxford University Press

Mason, P. (2021). *How to Stop Fascism: History, Ideology, Resistance*. London: Penguin Books

Meleagrou-Hitchens, A., Ayad, M. (2023). *The Age of Incoherence? Understanding Mixed and Unclear Ideology Extremism*. Reports, Projects, and Research. 41

Миленковска, С., (2022) *Како Антиродовите движења ја уназадуваат состојбата на родовата еднаквост и борбата против родово базирано насилство*, Скопје: Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство – Глас против насилство

Miller-Idriss, C. (2020). *Hate in the Homeland: The New Global Far Right*. Princeton University Press

Miller-Idriss, C. Afterword: whither gender and the far right? *Politics, religion & ideology*, 21(4), 487-492

Милошевски, М. (2023.06.27) *МПЦ-ОА: Спорните предлог-закони им овозможуваат права на одредени лица, но ќе ги загрозат на 99 отсто други, 360 Степени* Достапно на: https://360stepeni.mk/video-mpts-oa-spornite-predlog-zakoni-ovozmozhuvaat-prava-na-odredeni-litsa-no-ke-gi-zagrozat-na-99-otsto-drugi/

Мишковска Кајевска, А., (2016)*Закон за прекинување на бременост од 2013 година:Јасна слика за укинувањето на демократијата во Македонија,* Пољњаз:Светски политиколошки конгрес

Mølmen, G. N., Ravndal, J. A. (2021). *Mechanisms of online radicalisation: how the internet affects the radicalisation of extreme-right lone actor terrorists*. *Behavioral Sciences of Terrorism and Political Aggression*, 15(4), 463–487

Mosse, G.G. (1996). *The Image of Man: The Creation of Modern Masculinity*. New York: Oxford University Press

Mudde, C. (2007). *Populist Radical Right Parties in Europe*. Cambridge: Cambridge University Press

Mudde, C. (2018). *The Far Right in America*. London: Routledge.

Mudde, C. (2019). *The Far Right Today*. Cambridge: Polity Press

Mudde, C., Kopecký, P. (ур.) (2003). *Uncivil Society? Contentious Politics in Post-Communist Europe*. Routledge

Nagel, J., (1998) Masculinity and nationalism: gender and sexuality in the making of nations, *Ethnic and Racial Studies* 21(2), 242-269

Nagel, J. (1996) *American Indian Ethnic Renewal: Red Power and the Resurgence of Identity and Culture*, New York: Oxford University Press

National Consortium for the Study of Terrorism and Responses to Terrorism (START) (2023). *Profiles of Individual Radicalization in the United States (PIRUS)*, University of Maryland https://www.start.umd.edu/data-tools/profiles-individual-radicalization-united-states-pirus

Николов, Г., (2023.06.28) *Реакции и осуда на повикот за протест на МПЦ, Мета*
Достапно на: https://meta.mk/reakcii-i-osuda-na-povikot-za-protest-na-mpc/

Norris, S. (2023) *Bodies under siege: How the far right attack on reproductive rights went global*, Verso

Pirro, A. L. P (2023) Far right: The significance of an umbrella concept,*Nations and Nationalism*, 29, 101–112.

Rupnik, J, *Illiberal Democracy and Hybrid Regimes in East-Central Europe*во‘*Illiberal Democracies' in Europe: An Authoritarian Response to the Crisis of Liberalism*, Kolozova, K., and Milanese, N (eds.),(9-16), Washington: The George Washington University

O'Callaghan, D., Greene, D., Conway, M., Carthy, J., Cunningham. P. (2015) Down the (White) Rabbit Hole: The Extreme Right and Online Recommender Systems. *Social Science Computer Review* 33(4), 459-478.

Ong, K. (2020). Ideological convergence in the extreme right. Counter Terrorist Trends and Analyses, 12(5), 1-7

*Пендаровски: Имаме информации дека луѓе од МПЦ, бизнис заедницата и партиите соработуваат со руски служби*(2023.06.30), Независен
Достапно на: https://nezavisen.mk/pendarovski-imame-informacii-deka-lugje-od-mpc-biznis-zaednicata-i-partiite-sorabotuvaat-so-ruski-sluzhbi/

Peters, K. Marwick, A., Clancy, B. (2022) Far-right online radicalization: A review of the literature, The Bulletin of Technology & Public Life

Peterson, V. S. (1994) Gendered nationalism, *Peace Review:A Journal of Social Justice*, 6(1), 77-83

Петровић, П., Игњатијевић, М. (2022) *Migranti odlaze mržnja ostaje - antimigrantska ekstremna desnica u Srbiji*, Beograd: Beogradski centar za bezbednosnu politiku

Roberts, K.A. (2024)Beyond ideological categories: Mixed ideologies and what they mean, University of New England

Roose, J. M., Cook, J. (2022). Supreme Men, Subjected Women: Gender Inequality and Violence in Jihadist, Far Right and Male Supremacist Ideologies. *Studies in Conflict & Terrorism*, *48*(5), 528–556

Rydgren, J. (ed.) (2018) *The Oxford Handbook of the Radical Right*. Oxford: Oxford University Press.

Saveski, Z., Sadiku, A. (2012) *The Radical Right in Macedonia*. Skopje: Friedrich-Ebert-Stiftung

Stock, K., (2021), *Material Girls: Why reality matters for feminism*, London: Fleet

Traverso, E. (2019) *The New Faces of Fascism: Populism and the Far Right*. London: Verso Books.

Traverso, E. (2015) 'Spectres du fascisme', *Revue du Crieur*, 1. Paris: La Découverte

Трајановски, Ж., Сарачини, П., (ур.) (2023) *Медиумите и кампањите со дезинформации и говор на омраза против родова и сексуална еднаквост*, Скопје: Институт за медиуми и аналитика

Велигденскиот говор на владиката Петар во кој ги спомна и изборите: `Да не се случи слепец слепи да води`, (06.05.2024), Локално https://lokalno.mk/veligdenskiot-govor-na-vladikata-petar-vo-koj-gi-spomna-i-izborite-da-ne-se-sluchi-slepec-slepi-da-vodi/

Young, I. (1990) *Justice and the Politics of Difference,* New Jersey:Princeton University Press

Yuval-Davis, N., Anthias, F., (1989)Introduction, *Woman-Nation-State*, Palgrave Macmillan, 1-15

Webster, F., (2000) The Politics of Sex and Gender: Benhabib and Butler Debate Subjectivity, *A Journal of Feminist Philosophy,* 15(1), 1-22

# ПРИЛОГ: ВОДИЧ ЗА ИНТЕРВЈУ

Вовед и заднина на соговорникот/соговорничката

ВОВЕДНИ РАЗБИРАЊА

Како го разбирате концептот на мизогинијата?

Како ја разбирате визијата на антиродовото движење во Македонија?

Дали ја идентификувате мизогинијата како поврзана со идеологијата и практиките на денешната крајна десница во Македонија и во регионот?

Кои се носечките наративи за жените и родот во светогледот на крајната десница?

Како се жените позиционирани во националистичкиот светоглед во Македонија денес?

Дали сметате дека мизогинијата игра улога во светогледот на антиродовите движења? Ако да, зошто?

ОПШТЕСТВЕН КОНТЕКСТ, СОРАБОТКА И ПРЕКЛОПУВАЊЕ НА НАРАТИВИ

1. Мизогинија и антиродови

Кои се локалните контекстуални фактори што го овозможуваат и поттикнуваат постоењето на мизогинијата и/или на мобилизацијата во антиродови движења (културни/социјални, политички/економски)?

Дали сметате дека порастот на атмосферата на страв и несигурност ја поттикнува тенденцијата за  ретрадиционализација на родовите улоги?

Дали сметате дека неолибералниот капиталистички контекст ја поттикнува тенденцијата за  ретрадиционализација на родовите улоги/мизогинијата/антиродовите сентименти?

Дали недовербата во институциите влијае врз склоноста кон антиродовите наративи?

Дали има разлика во мизогините и антиродовите сентимени во урбаните наспроти руралните средини?

Дали периодот на транзицијата е фактор кој ги овозможил десничарските, мизогините и антиродовите наративи?

Политичка поларизација, авторитаризам, ЕУ и интеграциите, национализмот, црквата.

Како се променети родовите односи во Македонија во споредба со пред 10 или 20 години (во контекст на позицијата на жените и мизогинијата)?

Како антиродовите движења во својот дискурс и делување ги третираат темите како националност, етницитет, класа, раса. Како ги навигираат или искористуваат овие вкрстувања за да го унапредат сопственото влијание?

Дали политичките актери стратешки ги користат антиродовите сентименти за политички цели? Можете ли да се сетите на илустративни ситуации?

Дали и со кои други наративи се поврзува/се помага мизогинијата на крајната десница во МК? (националистички, анти-имигрантски, расни...)

Дали сметате дека мизогините наративи играат улога во привлекувањето и регрутацијата за крајнодесничарските групи? Ако да, како?

Што ги привлекува, или што ги турка, младите мажи (и жени) кон мизогините наративи на крајната десница/кон антиродовите движења?

Кои се алатките на регрутација што ги користи крајната десница во МК?

Дали сметате дека заканата од мизогинијата треба да биде третирана од безбедносен аспект? Дали заканата од мизогинијата како форма на насилство или дури екстремистичко насилство или тероризам, е доволно сфатена?

2. Крајна десница

Кои се локалните контекстуални фактори што го овозможуваат и поттикнуваат постоењето на крајната десница?

Како тековниот се разликува од претходните бранови на крајната десница во МК?

Кои се алатките на регрутација и мобилизација што ги користи крајната десница во МК?

Каква е релацијата на крајнодесничарските движења со локалните и националните власти?

Како актерите на крајната десница користат родови наративи за да артикулираат пошироки општествени или културни стравови — на пример, во врска со глобализацијата, миграцијата или општествените промени?

Дали сметате дека мизогините наративи играат улога во привлекувањето и регрутацијата за крајнодесничарските групи? Ако да, како? // Што ги привлекува, или што ги турка, младите мажи (и жени) кон мизогините наративи на крајната десница/кон антиродовите движења?

Какви се преовладувачките ставови за родовата еднаквост кај левицата? // Какви се левичарските погледи за родот, семејството,бракот, ЛГБТ, жените?

Каков е случајот со крајната десница кај Албанците?

СТАВОВИТЕ НА МЛАДИТЕ

Какво се ставовите помеѓу младите мажи и жени  во МК во однос на родовата еднаквост?

Како ги сфаќаат семејството и бракот?

Како тие ги оформуваат своите родови ставови? Од кои фактори се најмногу повлијаени?

Како младите мажи го сфаќаат патријархатот? Кои карактеристики младите мажи во Македонија најмногу ги врзуваат со концептот на машкоста?

Дали сметате дека родовите ставови на младите мажи во Македонија се повлијаени од влијанието на крајната десница (локалната и глобалната)? Ако да, што ги прави подложни на овие наративи?

Колку се присутни наративите на машката надмоќност во македонското општество? / Дали наративот на машката надмоќност е врзан со денешната крајна десница во Македонија?

Дали постои, колку е влијателна и колку е радикална онлајн мажосферата во Македонија/во регионот? /Дали постојат напори за ефективно справување со сајбер-насилството во МК?

ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ОДГОВОР/ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОЛИТИКИТЕ

Како институциите на национално и на локално ниво одговараат на притисоците и на барањата од антиродовите движења во формулирањето на политиките? Дали постојат случаи на директна соработка или конфликт?

Со какви предизвици вие се соочивте поради акциите на антиродовите движења?

Каков е одговорот на институциите во однос на мизогинијата?/ Каков е одговорот на институциите во однос на родово-базираното насилство (домашно насилство,сајбер насилство)

Дали мизогинијата на крајната десница е перципирана како закана од македонските институции?

РАЗВОЈНИ ПРОЕКЦИИ

Што очекувате од потенционалните развојни трендови во антиродовите движења?

Од ваша перспектива, кои се потенцијалните долгорочни импликации од влијанието на антиродовите движења? Како овие движења може да ја обликуваат траекторијата на општествените и правните норми?

Кои празнини ги идентификувате во постојната научна литература за машкоста и крајната десница?